# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Првото продолжение на Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 16 декември 2004 година

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 10,00 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжуваме со работа по Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љупчо Мешков, Јани Макрадули, Неждет Мустафа, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Петар Наумовски, Сашко Кедев, Орданчо Тасев, Трифун Костовски, Али Ахмети, Гзим Острени, Агим Џелили, Ејуп Рустеми, Теута Арифи, Илјаз Халими, Мендух Тачи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Точката е - **Избор на Влада на Република Македонија.**

Продолжуваме со претрес.

Морам да ве известам дека списокот кој што беше испечатен и сега ставен на компјутер, така што можете да ги следите настаните.

За збор прва е госпоѓа Станковска Славица, таа не е присутна.

Следниот е господинот Славе Арсовски, а по него господинот Жарко Караџоски.

Повелете господине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Почитуван претседател на Собрание, почитуван мандатар за премиер на Владата, почитувани кандидати за министри и колеги пратеници,

Еве, можеби и објективните и субјективните околности придонесоа за две години ние како Парламент да ја имаме таа привилегија, а сигурно и одговорност, по трет пат да избираме Влада на Република Македонија, која што Влада во наредниот период треба да ги оствари зацртаните цели, кои што цели сигурно ќе бидат од интерес на граѓаните, на сите граѓани на Република Македонија.

На почетокот сакам да истакнам дека немам намера да зборувам за персоналните решенија што ги има предложено мандаторот. Лично сметам дека се работи за добар кадровски потенцијал, кој што заеднички во еден тим што ќе го води господинот Владо Бучковски успешно ќе одговара на поставените задачи во целост и веројатно ќе ја остварат предложената програма во овој нареден период, се со цел за да се подобрат целокупните состојби во нашата земја.

Веднаш на почетокот сакам да истакнам, пред мене се јави дилемата или често пати се јавува и повеќе пати сум дискутирал од тој аспект дали треба да се анализира што е направено во овој минат двегодишен период во функционирањето на оваа коалициона влада, исто така што е наследено во 2002 година после парламентарните избори и дали тоа предвид мора да го има мандаторот, идниот премиер во предложената програма. Апсолутно, дојдов до заклучок дека истото мора да се има предвид, бидејќи во крајна линија и работата на оваа Влада во еден сегмент мора да биде континуитет во работата на претходниве две влади од 2002 година, па наваму.

Според мене, во изминатите две години, покрај некои поинакви оценки, сепак, длабоко сум убеден дека се постигнати задоволителни резултати во повеќе сфери ако се имаат предвид токму катастрофално наследените состојби после парламентарните избори од 2002 година односно после владеењето на една друга коалиција, кои што состојби се рефлектираа како на безбедносен, така на економски, политички, меѓуетнички план и тн, кои ја дефинираа работата фактички на овие влади досега што ги имавме.

Токму во таа насока сакам да истакнам дека колку некои сакаат да ги омаловажат истите резултати, дефакто, истите постојат ако се вратиме некаде на првото експозе во 2002 година тогаш не се знаеше кој приоритет предвид да се земе, кој потежок проблем беше, дали безбедносниот проблем, дали економскиот проблем, дали проблемите на меѓуетнички план, се разбира, после еден постконфликтен период и тн. Во тој дел нешто би сакал да истакнам токму на безбедносен план дека во овој период, двегодишен период се постигнати задоволителни резултати. Можеби на тој безбедносен план истите резултати најдобро ги чувствуваме ние што доаѓаме од такви некои кризни региони, затоа што неспоредлива е состојбата што е денес и онаа што беше во 2001 - 2002 година, каде што ние граѓаните најдобро истото го чувствуваме.

Во тој контекст сакам да истакнам дека и најновите случувања во Кондово во крајна линија не треба да се потценат, но длабоко сум убеден дека пошироко некоја голема поддршка, истите случувања од албанското население во секојдневните средби што ги имам, ја немаат истата и сигурен сум дека новата Влада овој проблем веројатно брзо и ефикасно ќе го реши. Во таа насока сакам да истакнам, иако во Програмата не беше доволно акцептирано едно прашање, но во Експозето идниот премиер добро го акцептира, а тоа е прашањето на меѓуетничките односи. Овие односи, сите да сме свесни мора да се постават на едно ниво истите да се јакнат, негуваат, да се јакне меѓуетничката доверба и вистинскиот траен соживот, кој е еден од предусловите за стабилна, безбедна и просперитетна Република Македонија. Македонија таква каква што е, каде што живеат повеќе етникуми, каде што се среќаваат повеќе вери и нации и многу е битно тоа како истото ќе се направи со овие етникуми заеднички да живеат.

Ние да бидеме свесни, а и Владата да биде свесна дека и во иднина ќе има разноразни радикални струи, било од едната страна, било од другата страна или од третата страна за нарушување на овие односи кои што во крајна линија таквите струи не и мислат добро на граѓаните на Република Македонија и на самата држава Република Македонија. Но, сметам дека Владата и сите ние во таа насока многу претпазливо, совесно, искрено и чесно треба да настапуваме. Според мене и Владата треба да знае на Македонија тоа можеби е Ахиловата пета и сите оние радикални струи ќе се трудат да ја погодат таа и ако ја погодат истата значи ќе се нарушуваат многу состојби, многу работи кои што во суштина не се од интерес на граѓаните на Република Македонија. Сепак, сум длабоко убеден дека мнозинството од сите етникуми сакаат да имаат соживот и на тој начин да ја градиме иднината на една Македонија просперитетна, напредна и доближување онаму каде што треба да биде во широкото семејство на Европа. Сеуште можеби постојат присутни идеи кај некои промотори за поделба на Македонија, за градење на ѕидови, за размена на територии и население, каде што таквите идеи не само што нема да не водат кон патот наречен Европа, туку ќе останеме како последно гето на Балканот без ниедно друштво.

Во таа насока Владата може и мора да биде претпазлива, одговорна и совесна, бидејќи сметам дека сите што живеат во Македонија, можеби не и сакаат добро, туку има и такви што го мислат и спротивното. Од тие причини и некои други и добро е што мандаторот во својата програма, еден од приоритетите, се разбира

политички, а при крај е целосно имплементирање на Охридскиот рамковен договор. Иако во предложенава програма на Владата, ако се гледа по некој редослед ќе се забележи дека економските приоритети се во вториот дел во самата програма. Длабоко сум убеден дека еден од приоритетите е над приоритетите и на самиот мандатор и на новата Влада ќе биде токму во наредниот период средување односно стабилизирање на економската состојба во нашата земја, со преземање на низа мерки кои што се предвидени во самата програма за оживување на економијата, зголемување на извозот, развој на малите и средните претпријатија, поголеми инвестиции како на домашни, така и на странски и други мерки, што во крајна линија ќе доведе до зголемување на индустриското производство, на бруто општествениот производ, а со тоа ќе се создадат најнеопходните услови за намалување на невработеноста и сиромаштијата. Дефакто, еден од приоритетите кој што сигурен сум дека на новата Влада токму ќе биде во оваа насока. Состојбите се такви кои што во еден нареден период треба да се движат во една позитивна насока и на тој начин ќе се придонесе за средување на овие економски состојби и намалување на сиромаштијата односно невработеноста. Некој вчера дискутираше господинот Груевски, сето тоа го кажа во една завиена, честопати повторувајќи некои работи, без разлика ништо, некои мерки тој да каже што треба да се направи на тој план, бројките, го окриви мандаторот, што не постојат и тн. Мислам, Буџетот е дојден и таму се креирани политиките за наредната година и монетарната и фискалната и крединтата, се разбира и самиот буџет како еден акт што треба да го донесеме со предвидените проекции и мислам нема што во програмата сега некои стриктни бројки да се кажуваат, кога еве и во тој акт предвидени се некои работи кои што треба да се остварат во овој нареден период. Исто така, во овој дел за поздравување мислам дека е во делот на развојот, посебно на земјоделството и сточарството и сметам дека Македонија е родена земја за развој на овие сектори и ете и во земјоделството оваа година се предвидуваат дел на доста поголеми средства за развој на агрокомплексот.

Посебно сакам да ја истакнам соработката со меѓународните финансиски институции и што побрзо склучување на аранжманот, тригодишниот аранжман кој што ќе биде од развоен карактер и кој треба да се случи во наредната година. Не случајно спомнав на почетокот да се прави некое споредување односно некои причинско последични врски, она од 2002 година и сега. Но, ние сме сведоци и вие бевте сведоци дека можеби не знам од кои причини, мене ми е совршено јасно

зошто во 2002 година, некаде во мај и јуни пред изборите се прекинаа преговорите со Меѓународниот монетарен фонд и не се склучи истиот кога беше тогаш министер господинот Никола Груевски. Јасно е дека се овозможи тогаш во тој дел да се овозможат поголеми вработувања, без разлика каде и на кој начин.

За поздравување е тоа што во новиот состав на Владата се воведува, да не речам ресор, туку еве нека биде ресор за економскиот систем, каде што човекот што иде, кој е искусен во таа сфера ќе придонесе исто така во разрешување на многубројните проблеми кои што постојат во економијата. Сигурно тој законодавен тим за економски прашања успешно ќе ги разрешува овие проблеми кои што веќе даваат соодветни резултати и досега. Ние сме сведоци дека одредени поголеми претпријатија кои што беа во стечај и ликвидација, добија сопственици и во суштина се смени структурата, како што е ФАС “11 Октомври”, “Тораница”, “Злетово”, “Бучим” и тн. кои што ќе бидат импулс во наредната година со нивно рестартирање, за да се зголеми тоа индустриско производство и да повлечат дел и на други претпријатија во овој развој. Јас вчера да ви кажам бев и во Агенцијата за приватизација, во суштина процесот на приватизација кај нас е завршен и како таков, исто така, ќе даде соодветни резултати во делувањето на економскиот систем.

Исто така, морам тука да напоменам, а тоа е обврска на Владата дека и во наредниов период, како што овој минатогодишен, двегодишен период мора да се справува со едно зло кое што е присутно во сите земји, повеќето и го истакнуваа досега, а тоа е злото наречено корупција и организиран криминал. Сигурно, во борбата против истото мора да бидат вклучени што повеќе институции, мора да бидеме свесни дека во овој период соодветни институции не ги дадоа посаканите резултати од аспект што затаија, да не речам сега, судството и Обвинителството. Но, добро е што се предвидуваат реформи во судството, кое што судство ќе се воспостави на едни нови основи, кое што ќе одговори на времето и на задачите кои што претстојат пред него. Тоа е, сигурно, во таа насока, сакам да истакнам дека ќе помогне и формираната Антикорупциска комисија што ја формира ВМРО-ДПМНЕ, можеби ќе формира и Либералната партија или Демократската алтернатива. Такви се времињата, дојдоа оние кои беа синоним за корупција и криминал во нивното владеење во периодот од 1998 до 2002 година, а сега изигруваат чесни души и загрижени за ваквите состојби да се искорени криминалот и корупцијата. Не знам коментарот кој би бил во тој дел. Сепак, сметам дека почитуваниот господин иден премиер Бучковски секогаш ризикувал. Нема што да ризикува, ризикуваше и во 2001

година кога влезе во најтешкиот период и раководеше со Министерството за одбрана. Длабоко сум убеден дека направи бум во Министерството со кое раководеше во овој период од 2002 до 2004 година, тоа е Министерството за одбрана. Исто така, длабоко сум убеден дека со вашиот тим во наредниот период ќе постигнете задоволителни резултати и знам дека во 2006 година ќе бидете тие кои ќе ја примите поканата за членство на нашата земја во НАТО-алијансата, како и поканата на нашата земја за кандидат за членка во Европската унија. Истото сметам дека ќе се случи и со други постигања во наредниот период. Затоа и вие и вашиот предложен тим ја имате целосно нашата поддршка и ви посакуваме успешна работа во наредниот период. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Стојановски, имате реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам господине претседателе,

Јас не можев добро да го разберам колегата од Социјалдемократскиот сојуз кога зборува за владеењето од 1998 до 2002 година, дали мисли за онаа Влада која што го изгради Плаошник, дали мисли за онаа Влада која што ги покачи пензиите за 8%. Дали е тоа онаа истата Влада која што го изгради проектот за спас на Дојранското езеро. Дали е тоа истата онаа Влада која што успеваше во целост да ја одржува економската стабилност на Република Македонија, да ги покачи девизните резерви. Дали е тоа онаа иста Влада за која што сега луѓето викаат дека како и да било се живеело подобро отколку сега. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута контра реплика повелете.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Токму за таа Влада мислам која што направи соодветна фурија во нашата земја од 1998 до 2002 година и сите граѓани го знаат тоа владеење. Таа е иста онаа Влада која што ги потроши можеби 600 милиони марки од Телеком за измислени разно разни проекти. Таа е онаа Влада која што стана синоним за криминал и корупција. Има цела една книга да се напише во тој дел и токму за таа Влада зборував.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Мавровски, имате три минути реплика.
СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам.

Јас би сакал да го потсетам колегата дека во тоа време и во таа Влада, голем дел и од овие министри, а и сегашниот премиер беше дел од таа Влада. Зошто и како можеби тој подобро знае од вас. Корупцијата, за која што говорите за тие времиња не е пред многу време, пред не цел месец самиот премиер ја призна во оваа Влада, во оваа ваша коалција. И, сега, вие зборувате за корупција за 1998-2002 година. Мислам дека треба да се има доблест и да се каже. Се почна од она што го кажавте уште од првиот говор на господинот Црвенковски од оваа парламентарна говорница како што беше со октоподот. Тогаш кажа дека ние ќе направиме да нема никакви политички пресии и останати реваншизми. Но, што се случи? Во овие две ипол години апсолутно ништо не направивте, освен тие пресии и освен тие напади на луѓе кои се држат во притвор по осум месеци, за кои утре нема да има ни обвинителни акти, кој на нив ќе им врати. Ги избркавте сите луѓе од работа, кои се вработија во тие 4 години и сега тука кажуваме денес било вака, утре ќе биде така и дојдете во Македонија. Во која Македонија? Мислам дека тука е големиот проблем и затоа размислете малку подобро кога употребувате вакви работи, затоа што денес поминаа две ипол години, не сме 2002 година, 15 септември одамна е поминат. Народот наместо да ја земе власта, вие ја земавте власта во името на народот. Сега очекувајте го народот да си ја земе власта повторно.Благодарам.
ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имате една минута реплика, повелете господине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Нормално, народот дава власт, народот зема власт и народот најдобро цени која опција е таа која што треба да биде на власт, дали оваа опција или минатата опција. Но, да негирате она што се случило од 1998 до 2002 година незнам како може да го негирате во крајна линија дека состојбите на било кое поле тотално се различни, тотално два различни концепти се. Еден кој што бил од 1998 година, до 2002 година, тоа се точно различни концепти, затоа што овој концепт ние што го имаме води кон патот на Европа и НАТО алијансата, а вашиот концепт знаевме каде водеше и каде не доведе. И од тој аспект, затоа мислам нема што да се зборува.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, бидејки г-динот Караџоски не е присутен следен е пратеникот Невзат Бејта, а потоа пратеникот Самоиловска Цветанова-Ганка.

Повелете Г-дине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Благодарам, г-дине претседател,

Бидејки мандатарот не е присутен, но јас ги поздравувам сите членови на идниот кабинет на новата Влада што ќе излезе од овој Парламент. Јас се радувам што како пратеник од позицијата на заедничката коалиција што учествувам во изборот на тројца премиери, двајца ги избравме, тие заминаа, и денес или утре ќе го избереме и новиот премиер. Една земја која што прави избор на нови премиери верувам дека таа држава, дека таа земја има перспектива, убава перспектива за одење напред во сите обалсти, а како пример ги имаме развиените држави, земји кои што оделе напред, отишле напред менувајки ги многу премиери, менувајки ги многу министри и тие земји спаѓаат во редовите на почитуваните земји со голем развој.

Новиот мандатар кој вчера одржа убав говор кој јас со задоволство го прочитав, освен тоа што го слушнав и ми се допадна. Дава надеж за нашата држава и таа да оди напред, меѓутоа и минатите двајца премиери кои беа избраниод заедничката коалиција и тие ги придвижиле работите од причина што тие двајца ја преземаа власта од едно владеење, од една власт која што државата ја однесе во декадентност и во тотално растурање, од минатата Влада пред изборите на ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. И тие ги придвижија работите, меѓутоа не ги придвижија толку колку што е потребно. Затоа не можеме да им препишеме само лоши, црни работи туку двајцата премиери од минатите влади ги придвижија работите и ние овде како пратеници од позицијата иако сме имале остра борба со опозицијата сме донеле неколку закони кои што се во интерес на сите граѓани.

На мандатарот сега му е полесно затоа и во неговиот говор многу ветувања во интерес на граѓаните, од причина што тој треба да го реализира финалето, додека финалето ќе биде во интерес на граѓаните и јас имам желба да како лидер, како мандатар утре и како премиер тој да има успех, а нашите граѓани да живеат во многу подобра иднина. Бидејќи мандатарот ја оформува својата влада, својот кабинет во тешки моменти, бидејќи имаме наследени моменти од минатата влада, имаме

длабока економска криза и сме се обиделе тука да разрешиме некои политички проблеми, меѓутоа тие премиери што произлегуваат од тие тешки моменти ќе бидат почитувани премиери до колку ги водат работите во интерес на сите граѓани.

Зошто го велам ова? Го велам зошто го кажав и порано од причина што двајцата претходни премиери го подготвија патот, го отворија патот за интегрирање на нашата држава во НАТО и во Европска унија. Услов за да се постигне и да се достигне финалето за да се реализира во практиката, е да се реализира до крај Охридскиот договор. До колку се реализира до крај така како што е предвидено, значи, Охридскиот договор, а тој е потпишан во интерес на сите граѓани, да не биде дискриминиран ни еден граѓанин. Затоа тој Договор е потпишан во присуство на меѓународниот фактор. Тоагаш ќе се реализира интегрирањето во НАТО и апликацијата на нашата држава во Европската унија.

Освен тоа нешто што многу ги израдувало нашите граѓани е ветувањето на мандатарот дека ќе ги тргне шенген визите. Тоа значи многу за нашите граѓани. Има граѓани кои имаат стручна способност да работат во развиените земји, меѓутоа и ние знаеме дека добар дел од нашите граѓани од економски причини работат и посакуваат да имаат слободно движење за соработка и посета еден со друг.

Друго нешто што ми се допадна, што ми дава мене и на граѓаните надеж е тоа што ќе се почитува демократијата во нашата држава, потоа ќе се дава гаранција на право, ќе се титат правата и сободите на граѓаните на природен начин без да се застранува во индивидуални интереси и тоа дава надеж за една подобра перспектива.

Тоа што е најосетливо е всушност борбата против организираниот криминал, значи анти корупциската борба. Ние како нов Парламент сме наследиле добро организирање на криминалот и корупцијата беше достигнала до својата кулминација, меѓутоа ова лека полека, со владеење од страна на владите кои што беа избраниод заедничката коалиција на позицијата почна да опаѓа, меѓутоа целосно не се отстранети, како организираниот криминал така и корупцијата. Верувам дека новиот мандатар заедно со неговите членови на кабинетот ќе го намали уште повеќе организираниот криминал и корупцијата.

Не се согласувам и имам забелешка во делот кога мандатарот во неговото експозе вели дека за некои закони кои што произлегуваат од Охридскиот договор ќе има соработка со опозицијата. Постојат два многу значајни закони, значи Законот за употреба на јазикот и Законот за употреба на симболите. Нема можност да се

соработува со опозицијата бидејќи опозицијата е опозиција и тие се борат да дојдат во позиција. И, тоа е многу природно и нема. Јас не познавам држава во која што опозицијата и помогнала на позицијата. Опозицијата се обудува да ги комплицира работите на позицијата и на Владата која што се избира од страна на позицијата. Само  во исклучителни услови се соединуваат позицијата и опозицијата и избираат заедничка Вада. На пример имаме во усвојувањето на некои закони за кои што тие имаат остри говори и во некои прилики навредувале дел од граѓаните.

Ние како пратеници на ДУИ имаме политички кредибилитет на граѓаните кои што не избрале. И навредувајки не нас тие ги навредуваат и нашите граѓани. Го имавме Законот за официјализирање на Тетовскиот универзите, Законот за државјанство и тоа што ја достигна кулминациата кога дејствуваа против интересите на граѓаните е Законот за новата територијална организација на локалната самоуправа, и сега ни остануваат уште два закони. Тие нема да се согласат тие закони да се донесат во интерес на граѓаните затоа што тогаш ќе се зголеми рејтингот на опозицијата и тука е таа моја забелешка, ако не се налути мандатарот дека тие нема да помогнат.

Друго што не се согласувам и имам забелешка домандатарот, тој добро вели во неговиот говор илив о експозето дека ќе има контакти со граѓаните, дека ќе има контакти со студентите, ќе ги посети здравствените домови и установи или здравствените центри, ќе ги посети училиштата фабриките и ќе учествува во спортските активности и т.н. Се согласувам според можностите доколку остане време добро е да учествува и да се зближи што повеќе со граѓаните, меѓутоа политичкото организирање во сите земји, а и во нашата земја е исто, имаме претставници на народот, тоа се пратениците. И, до колку мандатарот сака да има успех во  неговото идно владеење ќе беше добро, ова е мое мислење, ќе беше добро мандатарот да контактира што повеќе со пратениците од зоните, затоа што пратениците кои работат ги знаат сите грижи , проблеми со кои што се соочуваат нашите граѓани. Јас ги знам пробелмите и потешкотиите кои ги имаат нашите граѓани од местото од кај што доаѓам јас, од Гостивар. И, доколку нашиот мандатар утре како премиер сака да им помогне на граѓаните, на моите граѓани тогаш е добро да контактира, не мора да значи да контактира, често доволно е еднаш јас написмено ќе му ги дадам сите проблеми со кои што се соочуваат нашите граѓани. И, доколку се даде можност откако ќе ги реализираме минималните барања на

нашите граѓани ќе беше добро да како премиер и тој да учествува на средбите кои што ние ги организираме со граѓаните.

Проблемот на Кондово. Јас нема да говорам многу за проблемот на Кондово, туку ќе кажам една реченица на еден филозоф. Овде треба голема мудрост. Еден филозов вели дека лудилото и мудроста, се далеку едно од друго како влакното од косата. Значи, треба да се има многу внимание за да се направи некоја работа паметно и непаметно. Во критичните моменти тоа му останува на мандатарот заедно со членовите на неговиот кабинет и верувам дека со мудрост, со добра мудрост ќе се надмине и случајот Кондово.

Како заклучок, се одолжи многу, не намеравав толку да говорам, му порачувам на мандатарот во неговото владеење да се придржи на пет добри врлини, ако ме слуша. Прво е почитување, второ широкоградост, трето верба, четврто правда и пето благороддност.

Да коментирам, до колку сака да биде почитуван, значи ќе го ценат и граѓаните. До колку биде широкоград, ќе создаде голема љубов кај граѓаните. До колку биде верен, ќе создаде верба кај граѓаните. До колку биде прецизен, не прави грешки, ќе биде успешен и до колку биде благороден ќе направи проекти за намалување колку што може на големата невработеност која штоја имаме во нашата држава.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Којзеклиска имате реплика, повелете три минути.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Јас ќе го потсетам само малку колегата Бејта, во неговиот говор тој рече дека само во исклучителни случаи позицијата можела да соработува соопозицијата и му најде замерка на мандатарот во делот на неговото вчерашно обраќање кога велеше дека ќе соработува со опозицијата. Е, па, почитуван колега, такви исклучителни услови не се законите кои што ги донесуваме ние овде со потребниот број на гласови, такви исклучителни услови, ќе ве потсетам ако сте заборавиле е војната во 2001 година која вие ја предизвикавте, на чело со вашиот лидер Али Ахмети. Е, тогаш се формираа исклучителни услови па мораше да се формира влада од опозиција и позиција.

Вториот сегмент, вие што мислите, вечно ќе бидете позиција? Вие никогаш нема да бидете опозиција? Е, тогаш ќе ве потсетам на ова што сега го зборувавте и да видам дали тогаш ќе се лутите и нема да ви биде по ќеф, кога позицијата нема да ве игра.

И, третата работа, дали вие колега Бејта и тука неприсутниот колега Али Ахмети имавте мудрост кога ја започнавте војната 2001 година, немојте тука за Кондово да ми продавате мудрост.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Имате многу карактеристичен начин на изразување госпоѓо Којзеклиска.

Дали има контра реплика.

Една минута г-дине Бејта.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Колешке не е добро да се спомнува нашиот лидер кога тој не е присутен  и јас незнам зошто вие се нервирате со нештата што гикажувам јас, кои што се реални и природни. Војната 2001 се случи и заврши со потпишување на Охридскиот Рамковен договор, и вашиот лидер кој што нема да го спомнам, бидејки имам дел од културата беше потписник на Охридскиот договор и тоа треба да се реализира. Вие тука фрлате камења против договорот и против законите кои што се усвојуваат во интерес на сите граѓани. Треба еднаш за секогаш да станете демократи и да ја прифатите реалноста во земјата што ја имаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓа Лалчевска имате реплика, повелете.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Господин претседателе, ќе ме извините, прво имам една процедурална забелешка, не ви е присутен мандатарот. По Деловникот би требао да биде тука, тоа е едно, а по однос на репликата околу нештата што се реални и природни, драг и ценет колега, рековте дека корупцијата била наследена, дека досегашната Влада односно Владата во оставка ја наследила корупцијата од претходната Влада. Корупцијата сега лека полека опаѓала. Јас да ве потсетам вас и да не ја доведеме во заблуда македонската јавност, ние денес имаме ваква седница, ценет колега, затоа што досегашниот премиер односно премиерот во оставка даде оставка токму поради корупцијата во Владата. Значи, не опаѓала корупцијата, корупцијата била многу

интензивна штом ни се случува првпат премиер да даде оставка со образложение дека причина е корупцијата и коруптивното однесување во Владата.

Да ве потсетам дека системот односно институцијата  не создава корупција, корупцијата ја создаваат луѓето кои работат во системот, а луѓето кои работат во системот и институциите на системот односно кои ги водат тие институции каде што најголем дел се корумпирани се токму од вашата коалиција. Тие не наследиле некаква корупција од претходни влади, затоа што сега тие луѓе не се од тој систем.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Имате една минута г-дине Бејта, повелете.

НЕВЗАТ БЕЈТА:

Ви благодарам.

Не се согласувам со оценката на колешката дека во претходната Влада на Кабинетот на Хари Костов имало членови на Кабинетот, кои што биле корумпирани. Сакам да потврдам дека во ниту еден збор, бившиот премиер не кажа некоја забелешка, во однос на некој член од Кабинетот. Тоа што го направи се остава на неговата совест, а органите од правдата ќе го направат своето и на површина ќе излезе дека ниту еден член од Кабинетот на бившиот премиер Хари Костов не бил корумпиран, туку корупцијата му паднала со Владата која што беше од заедничката коалиција.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам. Г-динот Спиро Мавровски е на ред, но бидејќи не е присутен тука, тој имаше реплика па затоа моравме да го префрлиме последен и тоа е проблемот со овој систем, но по списокот тој е на ред. Бидејќи не е тука одиме на следниот.

Следниот е г-динот Илија Србиновски, а потоа е пратеникот Силвана Бонева.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, почитуван мандаторе, почитувани пратеници, дами и г-да,

Со оглед на фактот во новиот состав на Владата, од страна на мандаторот Владо Бучковски, се предлагаат најголем број на министри од новата Влада, а со

цел да не се заборави и уште повеќе помисли дека народот има амнезија и заборавил дека станува збор за старо-нова Влада, Влада која што веќе две ипол години ја води оваа земја, мораме да се потсетиме на некои работи.

Пред нас е третиот предлог за избор на влада, од 15 септември 2002 година, до сега. Од тогаш до дене, изминаа две години и три месеци, период во кој Владата на СДСМ и ДУИ и ЛДП, најмногу од се сакаше да се занимава со избори, со кампањи, антикампањи, со внатрепартиски и меѓупартиски пресметки.

Првите неколку месеци од мандатот ги потрошија да ја стабилизираат состојбата и не убедуваа дека економскиот напредок ќе дојде многу брзо. Колку ја стабилизираа, можеме да заклучиме, доколку се потсетиме колку порасна бројот на извршени убиства, разбојништва и грабежи сред бел ден, одкако на власт дојде оваа коалиција.

Потоа, малку се занимаваа со лов на вештерки, апсеа луѓе и за многу од нив ни до ден денес, после две и кусур години, не може да се покрене обвинение. Сето тоа го нарекоа борба против организираниот криминал, сето тоа беше една голема претстава, со цел да се отргне вниманието на јавноста од секојдневието, од бедата, од сиромаштијата на се поголем број граѓани.

По една година од нивниот мандат, од ветениот економски растеж, порасна само бројот на невработените. Во првата половина на оваа година, неколку месеци се правдаа дека неможат да работат, затоа што имало избори. Кога ги прашуваме, зошто економијата пропаѓа, ни велеа дека им требало време да ја стабилизираат состојбата, па дури потоа ќе се посветеле на економијата. Веќе стана јасно дека Владата на СДСМ, не може да работи на две работи истовремено. Целата држава тапкаше во место, а и сите сили ги насочија кон една цел: Бранко Црвенковски да стане претседател. Рекоа дека после тој настан економијата ќе процвета и дека резултатите ќе бидат видливи. Потоа предложија и избраа уште една Влада, овој пат со т.н. непартиски премиер. Ни велеа дека тој бил економист и дека дури сега се ќе тргне на подобро. Од ветениот економски бум во 2004 година, не видовме ништо. По само неколку месеци поминати на функцијата, истиот тој премиер се повлече, јасно признавајќи дека бил премиер на корумпирана Влада, дека министрите добивале илјадници евра под маса и сето тоа, додека огромен број на граѓани не можат да го прехранат ни семејството.

Од сите овие влади во континуитет ни беше ветувана благосостојба , светла и перспективна иднина на сите граѓани на Македонија, без оглед на верската,

националната и партиска припадност, заштита на човековите права и слободи, демократските процеси, мир и соживот, борба против корупцијата, почитување на темелните вредности на демократското општество и случањето на гласот на народот. Не уверуваа дека ќе нема кршење на човековите права од партиско реваншистички побуди, селективна примена на правото, притисок заради актуелните политички процеси, ветуваа транспарентност на Владата, посебно за виталните државни интереси.

Меѓутоа, по 15 септември, народот се соочи со суровата реалност, ништо од ветеното. Затечен наивно, излажан, несреќен, раскаран, шокиран од неподносливата леснотија на неисполнување на ветеното и одземање на најмалото човечко достоинство, длабоко потресен за својата егзистенција и судбина, стана крајно резигниран и апатичен. Наместо по еден вработен од секое семејство, власта го избрка и тој еден вработен, доколку не е партиски подобен. Преку поставените челници во фирмите и државните институции беа правени и сеуште се прават партиски чистки, каде што перманентно се закануваат со изготвени списоци за отпуштање на работници. И така наместо, вработувања, бројот на невработените расте, рапидно и алармантно се зголемува.

Наместо ветената благосостојба, народот е се посиромашен и не му останува ништо друго, туку да си го ризикува својот живот за парче леб. Не ги заборавајте фамилиите завиткани во црно, чии што најмили за нивното прехранување беа принудени да заминат на печалба во Ирак. Дали власта ја засегнува податокот колку млади умови се одлеаа во странство, а колку се на листата за чекање на странско државјанство. Се додека постои ваква старо-нова Влада , која што е самобендисана, корумпирана и крајно неодговорна, народот ја плаќа и ќе ја плаќа цената. Во секој сегмент на општествениот живот, наместо ветениот просперитет, присутна е крајна ретроградност, не само што власта не ја научи лекцијата од минатото, туку напротив, внесе и новини во нејзиното владеење, внесе страв кај народот во сите пори на неговото опстојување. Секаде што правеше Владата преку нејзините челници и по институциите на системот, невидено понижување, закани и заплашување со откази, доколку ја практикуваат демократијата, односно доколку излезат да гласаат на референдумот, или тепањето на сопствениот народ во Струга, заради легитимно право за изразување на револт, а наспроти тоа толерирањето на одредени региони во земјата , каде што беззаконието е институцијализирано. Дали е тоа ветената демократија , заштита на човековите права и слободи и спроведување

на демократските стандарди во Република Македонија . Наместо да ги динамизира стопанските активности, да ја нали невработеноста и социјалата, Владата две ипол години создава и активно учествува само во креирање на финансиски скандали, се занимава со партиски пазари, максимално е мобилизирана за нови коалициски комбинаторики, делење ресори, правење рокади на партиски послушници, секојдневно правејќи афера до афера, без желба за расветлување на истите. Тоа е затоа штом ќе се открие скандал , сегашниот мандатор веднаш јавно се повикува на дестрункција на невиноста и на судската процедура, што воопшто не беше случај со Раштански лозја и во други наложени и монтирани судски процеси, каде што истите тие лица беа и обвинители и судии, при што, однапред осудуваа. Војниот аршин е постојано присутен.

Со оглед на тоа што е во прашање старо-нова Влада, можеме слободно да заклучиме дека сме сведоци повторно на најексплоатираните зборови : Владата ќе превземе, ќе работи, ќе пристапи, ќе иницира, при што, повторно се враќаме на почетокот. 15 септември повторно ни се повторува.

Во образложението на оставката екс премиерот како прв човек на Владата , кажа дека таа функционира исклучиво на принцип на политички договарања. Дека е неефикасна во спроведувањето на потребните структури, реформи во политичката и економската сфера, со висок степен на коруптивно однесување и без практична желба за борба против корупцијата.

Сега, кога власта ја разголи , токму нејзиниот прв челник, јавно го потврди цветањето на корупцијата, криминалот и непотизмот во нејзините редови, со новата гарнитура на министри, ништо не се менува.Истите министри се ротираат од едно во друго министерство, па со право се прашувам: зошто се повторуваат истите грешки. Сегашниот мандатор не би требало во новиот кабинет да прифати поголем број на министри кои беа во составот на претходната Влада , како поради докажаната неспособност, така и поради изнесените квалификации, изнесени од поранешниот премиер.

Со предлогот нас новата влада, повторно се повторува фактот дека коалицијата СДСМ-ДУИ, предводена од тандемот Црвенковски - Ахмети, повторно ќе ја контрира Владата, Собранието и судството, значи повторно ќе бидат суспендирани, законодавната, судската и извршната власт.

Би сакал да се осврнам на дел од економијата и финансиите. Владата на Република Македонија не покажа речиси никаква посебна активност. Напротив, таа

се обидува да ги затвори можностите за преживување и на ситните претприемачи, стопанствениците на пазарните тезги и уличните продавачи.

Една од вкупните негативни мерки, кои ги понуди и превзеде министерот за економија во оставка Стевчо Јакимовски, беше ликвидација , наместо преструктуирање на Алумина, со што нејзините работници се пренасочуваат во Заводот за вработување, чистење на главните улици од киосците кои беа времени објекти, без можност на нивните стопанственици да им се обезбедат нови локации со издржливи кирии, дисциплинирање на малите претприемачи, со интензивирање на контролата од страна на инспекциските служби, иако тие едвам преживуваат во услови на намалена платежна способност награѓаните. Воведувањето фискализација во градскиот превоз и таксистите, па дури и најава за воведување на фискална контрола за продавачите на пазарните тезги и уличните продавачи, кои не по своја вина се исфрлени на улица како стечајци, загубари, кои продавајќи весници, геврeци, разни дрангулии, го крпат домашниот семеен буџет.

Во т.н. борба против сивата економија во Македонија, низ која годишно се вртат огромни средства, при што се спомнуваат дури и 4 милијарди евра, има одредени нелогичности. Владата се обиде сеуште не дадените локали да ги продаде под новата железничка станица за фантастично високи цени, поради што, повеќето се непродадени. Од друга страна , на удар се и ситните претприемачи и сопственици на дуќани кои се жалат дека немаат услови за преживување на пазарот и најавуваат затворање на бизнисот. Црната економија е знак за осиромашување на граѓаните и дека тие се присилени да ја обезбедат својата егзистенција на таков начин, бидејќи немаат друг излез. Тој излез мора да се бара во нови инвестициони вложувања и отворање на нови работни места и затоа се согласуваат најголем број економски експерти во државата.

Ако се задржам  на делот за енергетиката , за време на нивната парламентарна кампања, помагајќи ја програмата во делот на енергетиката беше ветено: цената на електричната енергија нема да поскапи. Дека во сферата на енергетиката со отворање на нови јагленокопи ќе има нови вработувања за отпуштање не станува ни збор. Категорично се против било каква приватизација на ЕСМ. Наспроти ова, сведоци сме на поспакување на електрична енергија за 7%, а најавено е и драстично покажување на електричната енергија на почетокот на 2005 година. Исто така, на самиот старт сме сведоци на отпуштање во ЕСМ на 1100

вработени на еден начин, спротивен на критериумите за прогласување на технолошки вишок и пропишан со актите на колективниот договор на ЕСМ.

Во однос на приватизацијата, владеачката СДСМ дилема нема. Само дилема е која од трите варијанти ќе биде прифатена од прво, да се приватизира цела ЕСМ , дистрибуција, термо и хидро. Втора варијанта да се приватизира само дистрибуција. Трета варијанта да се приватизира дистрибуција со термо, или само дистрибуција со хидро. Приватизацијата се очекува да отпочне 2005 година.

Од горе наведеното се гледа дека во пракса, тоа што СДСМ го ветуваше во 2002 година за време на нивното владеење до 2004 , не го исполни ни 0%, туку ветувањата си заминаа во негативна насока.

Ако се осфрнам за земјоделието, може да се зборува до утре сабајле и до нова година. Еден главен, важен фактор за развој на Републиката е земјоделието. Од него се се покренува. Од него се почнува. Но, каде е нашето земјоделие сега? Целосно го уништивте земјоделското производство, бидејќи се сеќавате во месец јуни, со одлука на Владата беше планирано откупот на пченицата  10,5 плус 0,5 денари и тогаш ние изреагиравме. Знаевме дека ќе ги излажете земјоделците. Отогаш, поминаа 6 месеци. Времето покажа дека било така. Вашата одлука не заживеа. Напротив, пченицата не се откупи и уште стои во амбарите на земјоделските производители. Останаа без обртни средства , едноставно речено, ги излажавте луѓето.

Поплавите што настанаа оваа година направија големи штети и најголеми во земјоделието. Сите се согласивме да донесеме закон уште во јуни месец, за да се запре една бруто дневница од вработените, но и од пензионерите, за да им се помогне на настраданите подрачја. По тој закон се собраа 9 милиони евра, народот се солидаризира и се направи вистински потег. Досега се исплатени само 7% на поплавените подрачја. Ве прашувам, каде се останатите пари? Зошто парите од граѓаните не ги дадовте за земјоделците. Едноставно, луѓето ги излажавте. За тоа, не требаше никаков план , ниту пак експертиза. Доволно беше по списоците да се извршат и на терен парите да се поделат.

Што се однесува до ова прашање, беше констатирано дека одводните канали треба да се ревитализираат. Се одобрија и пари, но, до ден денеска ништо не направивте. Едноставно, земјоделските производитли ги потценувате, тие се чувствуваат демоларизирани и немаат волја за работа. Тие не се чувстуваат дека постои Влада. Не чувствуваат дека постои држава. Затоа вие како коалиционен

партнер и со овој состав што го имате, ништо ново нема да смените, Напротив, вашите министри се многу мераклии за увоз. Увезуваат пченица, грав, леќа, овошје и што ли уште не, што може да се произведува во Република Македонија. Тоа покажува дека вие работите без долгорочен план и визија, немате развојна програма како да заживее производството. А за увозот се оправдувате најчесто, демек сме биле потписници за слободна трговија со Светската трговска организација. Тоа е добро, меѓутоа, не покажавте досега активност и програма како да се заштити домашното производство. Зарем сте ја заборавиле програмата на ВМРО-ДПМНЕ од 1998 година да купуваме домашни производи. Напротив, големи активности се покажуваат на тендерите кога треба да се увезе некој контингент со сомнителен квалитет и најчесто е договорот помеѓу фирмите од коалиционите партнери. Наместо да дадете развојна програма , да дадете реформски активности, заживување на земјоделието, или други програмски активности, со кои нашето земјоделие ќе заживее и ќе го опфати вистинскиот правец, кон тенденција за приклучување кон ЕУ, досега не видовме реформи. Не почувствувавме некоја програма. Фалењето од Радмила Шеќеринска и нејзините компањони дека ги добивме прашањата и сега ви одговараме, нема ништо позитивно да ни донесат. Тоа ме потсеќа како во осмолетка, или средно вечерно училиште, одговорени прашањата и работата е завршена. Сакам сите да ве убедам дека поставените прашања ништо не значат ако не отпочнат реформите.

Законските проекти што ги донесовте последните две години се изгласаа благодарение на вашето мнозинство. Тие не беа добри, лошо направени без експертиза и покрај нашето укажување со предложени амандмани и членови тие не беа прифатени. Таквите закони не вратија назад најмалку две децении.

Од лошо донесените закони негативно се одразија во земјоделието, шумарството, водостопанството. Се сеќаваме оваа година кога го донесовме Законот за водостопанство и Законот за управување со води при што веднаш се почувствуваа негативни последици на теренот. За пет месеци се растурија сите водостопански организации. Едноставно, што беше градено последните пет децении за пет месеци се растури.

Што е најчудно се обидувате да го растурите водоснабдителниот систем Дојранското Езеро кој претставува општ државен интерес, а вас не ви се допаѓа само затоа што се изгради во времето на Владата на ВМРО-ДПМНЕ. Сакам да ви укажам со факти за вашите кадровски промашувања при што прв пат на топ листата

беше министерот за земјоделие. Оваа есен немаше никаква програма и никакви активности за извршување на есенската сеидба. Се одвиваше спонтано без иницијатива и програма за нејзина реализација. Изостана помошта од директни и индиретни мерки за помош од различни облици за да им се олесни работата по различни основи. Ваквата состојба нас не доведе во ситуација и до година односно зимскиот период да бидеме зависни од увоз на пченица за прехрана на луѓето и прехрана на добитокот. Селата ги заборавивте, никаква програма, никакви активности, едноставно се упропасти и она што го имаше. Ве прашувам која програма ја направивте и што направивте за руралниот развој, за развој на селските населби и нивно заживување, за подобрување на условите за живот или за искористување на различни можности што ги пружа одредено поднебје во Република Македонија.

Само да ве потсетам дека од добиениот Прашалник втората половина од Глава 6, 7 и 8 се однесува токму на овие прашања и проблеми кои сега ги потенцирав. Тоа е нашата предност за да се доближиме од Европската унија, а вие на овие важни работи не сте обратиле внимание.

Затоа како коалиција не ве бива да составите Влада. Можете да се мачите уште многу време со различни измени, реконструкции, замена или промена на одредени личности. Можеби оваа критика ќе ве однесе во позитивна насока, можеби ќе заживее стопанството, ќе заживее економијата, но уште еднаш ви кажувам дека немате капацитет дека немате програма, немате идеја за излез од оваа тешка ситуација, едноставно џабе се мачите.

Владата во оставка на СДСМ и неговите коалициони партнери за нејзиното работење во текот на двегодишниот период потврдија дека немаат капацитет да спроведат реформи во областа на земјоделието. Многу е лесно да се наведе што направи Владата во оставка во текот на двегодишниот период, бидејќи немаше никаков концепт за работа и функционираше стихијно занимавајќи се со минорни работи.

Спроведе погрешна кадровска политика поставувајќи некомпетентни кадри во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство почнувајќи од министерот за земјоделие кој по професија е адвокат. Лица кои немаат капацитет да ја водат работата. Хаосот да биде уште поголем постави директор на Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделието во Република Македонија лице на кое му е прво вработување, со што оваа институција наместо институционално да јакне, таа

почна веднаш да слабее, при што се ослабна врската, соработката со земјоделските производители - фармери.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, како и Владата наместо да го усоврши го укина Законот за Фондот на земјоделството донесен од Владата од претходниот мандат и донесе Закон за државна помош. Донесе Програма за давање земјоделско земјиште на плодоуживање на социјални случаи, значи сакаа од социјални случаи да направат земјоделски производители - фармери, наместо да се фокусираат на подигнување на нивото и развојот на земјоделските производители за што систем на управување со земјоделско земјиште во Европската унија постои и функционира. Затоа оваа иницијатива доживеа катастрофален неуспех.

Донаторската помош од Јапонската Влада за обновување на механизацијата која беше наменета за земјоделските производители - фармери кои во Европската унија и светот постојат. Поделбата на истата, покрај тоа што беше целосно партизирана, туку беше наменски доделена, бидејќи корисници се нефункционалните системи на управување со државното земјоделско земјиште т.н. земјоделски комбинати.

Земјоделските комбинати наместо да се реформираат и државното земјоделско земјиште со кое тие управуваат и да се дава на користење под одредени критериуми на индивидуалните земјоделски фармери, директорите на овие социјалистички форми, министерот за земјоделие ги постави за свои советници.

СДСМ и неговите коалициони партнери гледаат на оваа гранка како на социјална категорија, а не како рамноправна гранка во стопанството. Затоа списокот на работи кои не се направени е многу долг. Бидејќи реформите кои треба да се спроведат за влез во Европската унија се големи во оваа стопанска гранка и тоа:

Прво, регистрација на сите земјоделски производители - фармери во државниот регистер со цел да се спроведе Законот за вршење на земјоделска дејност популарно наречен “биде земјоделец”.

Второ, изработка на програма за поттикнување на земјоделството при што корисници на средствата од Буџетот и користење на поволни кредити ќе бидат само регистрираните земјоделски производители на кои оваа дејност им е основна професија.

Трето, спроведување на попис на земјоделски домаќинства.

Четврто, изработка на стратегија за развој на земјоделството и соодветни програми и планови во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Петто, поддршка на развојот на фармерскиот систем на управување со земјоделско земјиште, односно земјоделските производители - фармери кои постојат и функционираат во Европската унија.

Шесто, измени на Законот за земјоделско земјиште со кој се регулира максимум на земјоделско земјиште со кое ќе располагаат земјоделските производители - фармери.

Начин на давање под закуп - концесија на државно земјоделско земјиште.

Постепено одземање 15-20% од државно земјоделско земјиште од нефункционалните системи кои управуваат со најквалитетното земјиште т.н. земјоделски комбинати и доделување на индивидуалните земјоделци - фармери.

Седмо, недоследно спроведување на законите од областа на земјоделството.

Осмо, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделието не се вклучи во спроведувањето на активностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Владата.

Нешто би сакал да се осврнам за Министерството за транспорт и врски на Република Македонија во периодот од 2002 до 2004 година ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски само сакав да кажам дека точка на дневен ред е избор на Влада, а не доверба на Влада.

Повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Доколку се направи пресек на работата на Министерството за транспорт и врски на Република Македонија односно преглед на проекти кои се реализирани, конкретно ќе се осврнам на општина Битола, бидејќи потекнувам од таму. Не може да се заклучи дека е непозната категорија поим за овој ресор. Но, да почнеме да гледаме на работите по хронолошки редослед.

За време на кампањата беа ветувани многу проекти од кои имаат придобивки граѓаните на општината Битола и воопшто општината. Што се случи? Од сите тие ветувања нема никакви резултати и што е позагрижувачко и покатегорично

нема никакви показатели дека нешто во иднина ќе се преземе во поглед на подобрување на состојбата во оваа сфера во општина Битола.

Министерството за транспорт и врски има повеќе ингеренции и обврски, но во натамошниот текст ќе се потрудам да направам краток преглед за веќе постигнатото.

Во сферата на урбанистичкото планирање и уредувањето на градежното земјиште не треба да се биде голем експер, а да не се забележат проблемите кои егзистираат или се создаваат од страна на оваа власт. Треба да се има во предвид фактот дека Генералниот урбанистички план е документ на највисоко ниво во поглед на регулирање на односите во сферата на урбанистичкото планирање. Но, во пракса ретко кога се обрнува внимание на истиот што е резултат на длабоко разрешување на изгледот на градот Битола.

Евидентно е постоењето на тивка урбана мафија која контролира добар дел од ова подрачје и занемарувајќи ги интересите и заедницата и воопшто граѓаните на општина Битола, работи на оспорување на сопствени интереси. Како пример може да се спомне проблемот со издавање на соодветни градежни дозволи, се издаваат проекти за едно, а на терен се работи сосема друго, типичен пример каде што институција - ревизија не функционира на терен.

Во општината воопшто не се обезбедуваат никакви поволности за идните и потенцијални инвеститори во поглед на изградба на инфраструктура, патна, водоводна, комунална ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски ве молам не е предмет на расправа општината Битола или нивните проблеми. Јас замолувам имате експозе, имате програма на работа, осврнете се на тоа. Навистина некои работи треба да имаат мерка. Јас ја разбирам вашата политичка борба, но не е предмет на општина Битола или што е направено, што не е направено.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Тоа е поврзано со транспорт и врски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Имаме нова Влада, зборувајте за новата Влада дали може или не може да го исполни она што го ветила или што го кажа, а не да зборуваме за водоводна мрежа во некое си село. Ве молам.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам почитуван претседателе на забелешката, но забелешката не ви е на место.

Да се осврнам на некои конкретни застои во спроведувањето на долго очекуваните реформи.

Не спроведување на реформите во здравствениот сектор, немање на капацитет за спроведување на реформите, а тим кој и дал поддршка на највисоко ниво. Лошо дизајниран проект за реформи во здравството без можност истиот да покаже видливи резултати на краток временски рок. Доцнење уште на самиот старт од реализација без јасна визија за идниот обем на активности, што повлекува одложување на сите реформи.

Здравството го водат бизнис интереси без притоа да се води сметка за големината на трошоците кои паѓаат на товар на обичниот граѓанин.

Второ, доцнење од скоро седум месеци уште во старт во меѓународниот тендер за лекови кое имаше за цел да ја намали високата цена на лековите за околу 40-60%. Причина, заштита на интересите на досегашните набавувачи на лекови и намерно кочење на процесот на регистрација на нови лекови од новите меѓународни понудувачи кои учествуваат на тендерот.

Трето, целосен застој во процесот на реформата на преструктуирање на Македонски железници кој во моментот се најголемиот загубар во земјата. Немање ниту капацитет ниту политичка волја за спроведување на овој процес. Местото носител на реформите во прво време беше препуштено на Министерството за транспорт и врски и на самиот министер лично, меѓутоа, имајќи предвид интересите на раководството на Македонски железници на кои им одговара хаосот во кој опстојува Јавното претпријатие како и интересите на министерот за транспорт и врски, процесот е стопиран повеќе од една година.

Загубите константно растат, обврските кои неконтролирано Македонски железници ги имаат таложено со години се отплаќаат од буџетски средства.

Долго најавуваната реформа во судството која се најавуваше уште на самиот мандат на оваа Влада досега нема покажано ниту еден единствен резултат. Владата подготви документ - Стратегија за реформа на судството во која ниту временски прецизирано кои активности во кој временски период ќе завршат ниту се дефинирани носители и одговорни институции кои ќе застанат зад реформите и ќе ги спроведат истите.

Соработката помеѓу Министерството за правда и судовите е на најниско ниво. Судовите се противат на реформите, решавањето со предметите се одолговлекува со години, не постои никаква заштита на сопственички права, неефикасноста на судството е една од најголемите пречки и бариери за влез на странски директни инвестиции, судството е посочувано како најголем проблем и од страна на Европската унија и од НАТО.

Петто, ништо не е направено ниту на полето на олеснување на влез на странски директни инвестиции. Едношалтерскиот систем за регистрација на фирма како долги години беше најавувано и препорачувано од страна на меѓународните финансиски институции остана да стои само на хартија. Македонија спаѓа во групата на земји каде најмногу се чека да се регистрира една фирма.

Не профункционирање на повеќе од една година на новоформираните агенции за претприемништво и странски директни инвестиции кои требаше да помогнат во олеснувањето на вклучување на нови бизниси во државата и да ја промовираат државата како погодно место за инвестирање и отпочнување на нова деловна активност.

Во Катастарот владее хаос. Земјите од регионот Србија и Црна Гора, Хрватска и Бугарија одамна отпочнаа со реформи во Катастарот и се при крај додека во Македонија на ова поле до сега не е направено ништо и покрај настојувањата на меѓународните финансиски институции дека од овој дел се потребни итни реформи затоа што Катастарот е една од најголемите пречки за влез на нови инвестиции во државата.

Водостопанството во државата пополека пропаѓа. Мрежата за наводнување во која со години се вложени огромни домашни и странски средства се руинира поради негрижа и неодржување, а една од причините е ликвидирањето на голем број водостопански претпријатија поради долговите и неможноста да се наплати надоместок за користена вода за наводнување. Се доцни со реализација на голем број на проекти финансирани со средства од надвор поради немање на волја, капацитет или поради штитење на партиски интереси.

Долго најавуваниот проект за Хидросистемот “Злетовица” кој треба да се обезбеди вода за пиење и наводнување на еден од најсиромашните краеви во земјата доцни со имплементацијата повеќе од две години и постојат огромни реални шанси истиот да не отпочне поради неразбирањето на министерот за земјоделство и на транспарентноста на водењето на целиот процес.

Структурните реформи кај претпријатијата загубари не се завршени. Голем број на тендери се поништуваат и се повторуваат по неколку пати притоа одолговлекувајќи ја агонијата кај овие загубари и притоа Владата воопшто не води сметка за социјалниот аспект. Голем број на продажбите се однапред договорени, рестартирањето на истите оди многу тешко.

Иако оваа Влада уште од самиот мандат најави борба против корупцијата и организираниот криминал, на ова поле до сега не е речиси ништо постигнато. Корупцијата е особено изразена во Царината, инспекциските служби итн.

Трудовата инспекција речиси нема преземено ништо во насока на спречување на вршењето на дејност со непријавени работници, за што доказ се големиот број на штрајкови на работници кои непријавено работат по 15-16 часа дневно.

Неефикасност на јавната администрација, демонстративност на државните службеници, не постои систем на вреднување и наградување на добрите службеници и нивното ставање во истата категорија со оние кои се блиски со досегашната власт, непотизмот при вработувањето.

Најавено зголемување на персоналниот данок од 18 на 24% за примањата над 60 илјади денари што значи директна демотивација за работодавците подобро платените работници да ги пријавуваат на реален износ, што се овозможува директна визија на овој данок. Демотивација и за странските инвеститори.

Почитуван министре, почитуван мандатаре, на крајот само ќе кажам во вашето експозе повикувате "Дојдете во Македонија". Нека дојдат сите граѓани од дијаспората во Македонија. Но, ве опоменувам да не се случи кога дојдоа граѓаните од дијаспората во Република Македонија особено во Битола се случи ТАТ Банка, ги донесоа парите, инвестираа, но им се одзедоа. Да не се случи овој пат таква тешка ситуација затоа што стотици луѓе погинаа од тој случај што се случи особено во Битола.

Јас за оваа Влада нема да гласам. Од сето она што погоре го наведов заради тие причини не можам да имам доверба во оваа Влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Србиновски што имавте ретко разбирање за мојот коментар и молба.

Сега имаме реплики.

Господинот Борче Петковски е прв, повелете реплика од три минути.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Благодарам претседателе.

Колега Србиновски, авторот на вашата дискусија немам можност да го прашам за многу нешта, вас ќе ве прашам дирекно само за земјоделието.

Ќе ве прашам дали им помагавте на земјоделците со тоа што преку Агенцијата за реконструкција увезувавте јуници им ги доделувавте на партиските функционери и на пратеници од вашата партија кои поим немаа што е земјоделие, што е сточарство, не знаат каде е на кравата опашката, а каде е главата, ги интересираше единствено како да најдат формула тие јуници да пцовисаат и да ги наплатат парите од осигурувањето.

Или, дали помагавте на земјоделците со тоа што им доделувавте говедарски фарми, живинарски фарми исто така на ваши партиски функционери и пратеници? Дали помагавте на земјоделците со тоа што доделувавте земјоделско земјиште, исто така на партиски кметови кои до ден денес ништо не платиле и сега, кога ќе треба да ги положат сметките да платат или им се одзема тоа земјиште заради неплатени сметки или велат дека се работи за партиски реваншизам?

Дали им помагавте на земјоделците со тоа што доделувавте трактори од јапонската помош исклучиво на ваши партиски функционери? Или, дали им помагавте на земјоделците со тоа што само на вашите партиски функционери, промотори на ВМРО ДПМНЕ им доделувавте по некој шлепер на вештачко ѓубре без пари? Или, дали им помагавте на земјоделците со злоупотребите што ги направивте во Фондот за земјоделие? Дали им помагавте на земјоделците со тоа што ги уништивте водостопанските претпријатија, ги донесовте во ситуација да не можат да ја извршуваат својата основна дејност, а последиците од таквото владеење, да не речам дивеење ги видовме при првите поројни дождови. Имавме поплави со несогледливи последици.

Ете, на овој начин вие им помагавте колега Србиновски на земјоделците.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Србиновски, повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Се разбира, нема време да му одговорам на почитуваниот колега за од една минута, за тоа што реков ако зборувам за земјоделието, ми требаат најмалку два дена.

Оваа Влда ништо не направи за земјоделието. Само она што го укина Фондот за земјоделие пропадна во Република Македонија целото земјоделие.

А овие злоупотреби што ги напомнува г-динот Борче, има судство, нека докажат. Тие се на власт. Еве, нека докажат ако има такви злоупотреби. Меѓутоа, јас знам едно дека на земјоделците, конкретно во Битола, откако дојде оваа Влада и во цела Република Македонија, ништо не им е помогнато. Едноставно земјоделците се наоѓаат во хаос. Не знае да работи оваа Влада, ова министерство со земјоделството.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господине Михајловски, вие сте на ред, повелете три минути.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Се приклучувам кон забелешките дека колегата Србиновски, во неговиот опширен реферат, не знам кој му го пишувал, откако ги измеша поимите од сите дејности, основна поента му беше - лагите на Владата. Ајде, да се навратиме на некои лаги што мислам дека во колективната меморија на Македонскиот народ постојат.

Прва конкретна лага е Законот за антикорупција, што беше донесен од претходната Влада, а беше донесен со одложено дејство. Евентуално, ако ја усвојат власта, ќе видиме со законот што ќе правиме. Тоа е една од најголемите лаги и тоа е нон сенс во европското законодавство, вакви суштински закони да се донесуваат со одложено траење. Нека ми покажат пример, една земја во која ваков закон бил донесен со ваков статус.

Второ, платежната картичка на г-динот Груевски од 6 милиони, што стана со платежната картичка? Еве, ме корегираат не се 6 милиони, 7,5 милиони. Дури јас им ги намалувам, како да сум во регресија. што стана со таа платежна картичка? Еве ги луѓето, на улица се. Ние сме социјална држава. Ако мислевте на социјалниот момент, што беше авантурата со нафтоводот во кој што не тече ништо? Железницата буквално ја блокиравме. Поефтино беше со железнички транспорт да се прави тоа и немаше да има фрустрации сега во железницата и реформите ќе беа поедноставни. Каде се парите од Телекомот? Јас не можам да претпоставам.

Конечно, на оваа држава да и кажеме дека заврши рашамонијадата и големата прикаска “Далаверски”. Што не кажавте дека царината е стабилизирана, колку пари влегуваат, дека работиме по европските стандарди, дека добиваме пофалби за царината од ЕУ. Што не кажете дека даноците се собираат. Што не кажете дека еве, на планот на економијата оваа Влада успеа да ги активира рудниците за олово и цинк и дека ја враќаме надешта во источна Македонија. Зошто тоа не го кажавте?

А, колку за реформите, ќе ви кажам вака. Реформата на судството е сложена реформа и не се прави за два дена. Тука, авантури нема. Добро работи Владата и оваа Влада ги знае тие предизвици.

Понатаму, за здравството, е, нема да правиме авантури како што вие правевте. Здравството, прво ќе се прашаат здравствените работници. Таа реформа си тече нормално и мислам дека оваа Влада има капацитет да ја извлече таа реформа.

Зошто не кажавте за реформите во Армијата, со што добиваме највисоки оценки за аплицирање во НАТО? Не знам што да кажам друго, меѓутоа сакам да ви кажам нешто дека се она што е позитивно ништо не кажувате, еден збор. Најубаво е да бидеш во опозиција и кога ќе ти напишат реферат, па и да се вратиш на почетокот на крајот, шумите со тутунот, тутунот со економијата, економијата со нешто друго и така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете г-дине Србиновски, имате една минута.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Прво, почитуван колега, не се сеќаваш дека ти ми го пишуваше говорот?!

Второ, сето ова што го кажуваш ете, јас те прашувам, ако е во ред оваа Влада, се она што требаше за Република Македонија да стори, зошто вашиот екс премиер кажа дека оваа Влада е корумпирана и не може да работи повеќе, па затоа си поднесе оставка. Сами си кажавте дека оваа влада не може да работи. Поднесе оставка тој и секако ја браниш оваа Влада. Што овој граѓанин во Република Македонија виде добро од оваа Влада?

Ја спомнуваш Железницата. Па Железницата е ваше дело. На времето 200 милиони долари се дадоа да се спои со Бугарија, па ништо. Тие пари никаде ги нема. Јас незнам што да зборам, за една минута не можам ни да одговорам. Но, тоа

е податокот. Вашиот премиер си поднесе оставка, кажа - оваа влада е корумпирана. И сега, што понатаму?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Три минути имате госпоѓа Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам претседателе,

Бидејќи господинот Србиновски зборуваше повеќе од 35 минути, во три минути тешко е да се одговори на сето тоа што би сакала, но затоа. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Е, па, со ваков вовед ќе изгубите и пола минута.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Благодарам.

Затоа, воопшто ќе му порачам:

Господине Србиновски, најнормално и најдемократско право на секоја опозиција е будно да ја следи работата на Владата, да биде нејзина сенка, нејзин коректив. Да не дозволи таа да се успие. Или, народски кажано, постојано да ја боцка. Тоа е нормално.

Но, колку е нормално вие да зборувате за гревови на една Влада која што туку што се предлага, чие што време туку што претстои. А вие, како член на една партија која што во својот 4 годишен период додека беше на власт во коалицијата под име “Главата горе”, не постигнавте некои спектакуларни резултати што се репер за добро работење па да можете да давате совети, оценки и прогнози за работењето на идната Влада. Тоа може да го прифатиме само од некој кој е подобар, кој покажал подобри резултати. А вие, тоа не сте.

Рековте дека “Јас нема да ја поддржам оваа Влада”. Тоа ниту го очекуваме од вас.

Времето за докажување на капцитетот на оваа Влада е пред нас. Тој претстои. Затоа ќе парафразирам со една мисла на англискиот државник, г-дин Черчил кој рекол - Можеби капитализмот не е најдобар систем, но моментално нема подобар од него. Па затоа и јас ќе ви порачам, можеби и Владата на колицијата “За Македонија заедно” што се предлага не е најдоброто решение, но моментално нема подобро од тоа. Затоа, помирете се. Ние ќе и дадеме шанса на оваа Влада.

Благодаам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете една минута г-дине Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитувана колешке,

Вас, две години ви поминаа само во избор на влади. Кога ќе почнете со економијата, јас не знам. Мислам дека сега се локалните избори, со нив ќе се зафатите, после парламентарните избори и со економијата ништо не сторивте. А, прашајте ги граѓаните вие, за времето на ВМРО ДПМНЕ и за време на оваа Влада кога поминаа подобро и кога се чувствуваа граѓаните подобро? Тоа е евидентно. Се знае. ВМРО -ДПМНЕ постигна за 4 години колку оваа Влада што беше наназад 6 години и сега не може оваа Влада да постигне ништо. Цело време само нови влади ќе бирате.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Паунков има три минути реплика.

Повелете.

ВЛАДО ПАУНКОВ:

Благодарам, претседателе.

Јас сум должен да демантирам една невистина што ја кажа колегата Србинобски, а се однесува на поплавените подрачја, бидејќи од таму доаѓам.

Граѓаните од ова подрачје ја знаат придобивката што ја добија од Владта, меѓутоа за останатите граѓани на Република Македонија, целокупната инфраструктура во поплвените подрачја е санирана и тоа благодарение на експресно брзото реагирање на Владата, во која што придонес дадоа сите министерства, а посебно ќе го истакнам Министерството за одбрана, кое што веднаш се најде на поплавеното подрачје.

Меѓутоа, од собраните пари од еднодневната заработувачка, изградени се мостовите, останатата инфраструктура и останатите односно дел од тие пари стигнати се на посебни сметки на локална самоуправа и веќе се делат на земјоделците.

Тоа е вистината и не смееме да ја кажуваме невистината во врска со ова.

Втора, невистина што се кажа, вели:” Сакавте да го растурите системот за спас на Дојранското Езеро”. Имавме седница тука, искажавме и усвоивме заклучоци

за таа тема, меѓутоа една работа треба да знаете. Системот за спас на Дојранското Езеро не беше завршен од вашата Влада, не беше технички предаден и системот го пушти оваа Влада во употреба.

Друга е работата, некои вработени што имаа елементи на лудистички идеји кои се обидоа системот да го стават во употреба, што не успеаја и сега не можевте вие тоа да го демонстрирате како растурање на системот. Таа е вистината и таа вистина треба да ја знаат граѓаните на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Барате една минута?

Повелете г-дине.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван колега,

Кажавте за неплаќањето, за штетите што се случија во Гевгелиско-Струмичкиот регион, јас имав можност да прошетам низ тој реон, како пратеник. Нормално од таа изборна единица сум. На тие состаноци каде што присуствував кажуваа дека не им се исплатени средствата што беа доделени, тие средства на Владата на Република Македонија и тие се жалеа. Затоа велам беа недоделени, неисплатени на време и сеуште не им се исплатени.

А тоа за Дојранското Езеро, системот функционираше. Меѓутоа вие кога дојдовте на власт не сакавте да профункционира, не сакавте да проработи и на крајот ние пак, како опозиција, како пратеници, предложивме пак за спас на Дојранското Езеро, па пак некако се зема во предвид од парламентарното мнозинство да се санира состојбата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Г-дине Арсовски, имате реплика?

Повелете.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

После сето. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам, г-дине Камчев се пријавивте за реплика или за збор?

Добро, повелете г-дине Арсовски.

СЛАВЕ АРСОВСКИ:

Ќе бидам пократок и после сето она што го искажа, не знам кој крај да го фатам и толку фалење што искажа за Владата од 1998 до 2002 година и тие чуда, не ми е јасно зошто ги изгубија изборите. Тоа настрана.

Човекот, сигурно колегата Илија Србиновски има нешто, сите области одлично ги познава, јас не ги познавам сите области. Во областа економија и финансии и тука загатна и кажа некои бројки. Би го замолил нека ја најде страницата каде што ги изнесе, со нон-сенс, каде што истакна од една стран дека 4 милијарди евра годишно има сива економија во Македонија. Не знам каде, како му ги напишале тие бројки и се чудам. Од друга страна, веројатно му напишале 4 милијарди, ако пресмета сега, можеби не е од таа струка, буџетот ни е над милијарда евра, а не 4 милијарди евра, сива еконономија. Од друга страна вели сите да не плаќаат, даноците. Да не плаќаат дуќанџиите, да не плаќаат таксистите итн., и таа контрадикторност не можам да ја сфатам. Од една страна таа бројка, а од друга страна никој да не плаќа, сепак кога се изнесуваат тие ставови, сепак се сериозни и сепак треба сериозно да се настапи. За некои прашања кога се познаваат и ако го изнесете ставот, треба да го браните тој став, а не ако ви се напише да не знаете бројката што значи.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСК

Благодарам,

Една минута господине Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван колега,

И колку да зборувате и колку да се браните, знам дека боли. Боли цело време само влади да избираш, многу боли. Тоа е, економијата не оди. Тоа што сум го кажал, го кажале експертите, затоа јас така го кажав. Ќе ве боли и натаму и не знам дали ќе се стабилизирате и за овие две години. Немате време. Ви врви времето брзо.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете г-дине Камчев, тоа е последна реплика, имате три минути.

НИКОЛА КАМЧЕВ:

Благодарам, г-дине претседателе

Јас сакам да му реплицирам на г-динот Србиновски и да му кажам дека повторно ја промаши темата. Не му е прв пат. Меѓутоа, најверојатно, овој реферат му е оставен кога се даваше доверба на Владата, тогаш не можел да го прочита, сега го чита за да ја заведе јавноста во Макеоднија. Меѓутоа, денеска разговараме за нова Влада, разговараме за експозе, разговараме за програма. Тоа го промаши.

Меѓутоа, кога дојдов во Собранието, гледам на говорницата човек и мислев дека тоа е мандатар на Владата. Имаше току големи визии како треба да се расправа и да се разрешат работите, дури ми стана нејасно од каде тој човек толку голема визија има. Меѓутоа, ќе го потсетам, кога беа тие на власт, немаа никаква визија. Дозволија, токму поради тој сегмент, за кој што зборуваше, земјоделското земјиште, да се даде после принудните управи и ликвидацијата на земјоделските претпријатија, на одредени нивни партиски војници кои до ден денеска ги користат без никаква надокнада на државата за тоа земјиште. И, само да го потсетам на еден пример, во Радовиш, беше ставен под хипотека еден прекрасен ладилник за 300 илјади марки. Одреден газда кои тие го ставија го купил хипотекарното право од Стопанска банка со Спогодба во 4 очи со 92% дисконт. И сега, тој претставува газда во тоа земјоделско стопанство. Луѓето кои работеа таму се на улица, штрајкуваат веќе две години да си го повратат тоа што е нивно, меѓутоа не успеаат тоа да го направат поради одредени судски одлуки.

Сакам да го потсетам г-динот толку многу направија, направија систем на систематско економско и политичко уништување на Република Македонија за две години тоа не може да се санира. Не може уште повеќе. Меѓутоа, сакам да му кажам само една работа. Во 2002 година, народот на кого толку многу се повикуваат викаше - Претходната власт не донесе до питачки стап. Меѓутоа, оваа власт за 4 години го зеде и стапот.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски имате желба за една минута?

Повелете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван колега,

За реферати знам кои се познати за реферати. Познати сте вие по реферати. Ние, тоа што го знаеме си го напишуваме и го кажуваме. А, за реферати знаеме кои се за реферати да кажуваат. Тоа сте вие.

Меѓутоа, сакам да кажам дека 90% од капиталот во Република Македонија го продадовте, направивте морални сртечајни работници, социјални, и сега вам ви е криво тоа што критикуваме ние. Знам дека ве боли. Знам. Боли. Тоа е. Две години. Влада ќе бирате, пак уште две години ќе поминат, пак Влада ќе бирате и кога овој народ ќе види арно од оваа Влада?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Господинот Китановски не е тука.

Повелете г-дине Шајновски, вие имате збор, а потоа г-динот Пејоски Ристо.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Благодарам.

Мојата дискусија се состои од три теми.

Најпрво ќе зборувам за поимот “програма за работа”, како и за предметната програма за работа на владата што ни ја достави мандатарот.

Потоа ќе зборувам за состојбите во Република Македонија во последниве две години со намера тоа да биде една анализа од која на крајот ќе извлечам заклучоци и предлози до владата по однос на чекањето на инвестициите и на инвеститорите.

Во секојдневната пракса, посебно во науката за да нештата бидат едногласно определени и јасни за сите учесници потребно е да се дадат прецизни дефиниции на поимите со кои се работи, како секој би мислел на исто кога зборува за нив или ги употребува. На пример кога ќе се рече црвено или радост сите луѓе помислуваат на исто. Од овие причини современите поими науката прецизно ги дефинира. Но, поимите кои се дел од секојдневниот живот се прифаќаат од секого без размислувања. Ова се должи на фактот што уште од мали нозе луѓето живеат со овие поими, ги прифаќаат и ги прифаќаат како акциони. Никогаш немаат потреба, ниту време да се запрашаат што всушност значат прецизно тие поими. Така низ животот на секој успешено, искуствено се конструира една субјективна слика за значењето и функцијата на некој поим.

За да поимите се објективизираат истите треба да се дефинираат и такви да бидат прифатени од сите луѓе по форма и значење за кое сме се договориле во дефиницијата. Најславен пример во науката од овој тип е случајот во физиката за поимот време и простор. Дури откако прецизно се дефинираа овие поими се успеа физиката да се извади од противречностите во кои беше западната при крајот на 19 век со воведувањето на етерот.

Прецизното дефинирање на поимите е потребно заради последиците кои што можат да настанат при нивното употребување или неусогласување или усогласување. На пример денес имаме на разгледување Програма за работа на влада напишана од мандаторот. Се прашувам во ситуација кога не е можно сите да ги познаваат лично кандидатите кои се тие минимум објективни мерки што треба да се имаат за да може да се гласаат а притоа да не се погреши. Секако тоа треба да бидат нивните досегашни успешно завршени проекти наброени во список, или како што е во случајот достава на програма за работа. Но, кај нас пракса е, затоа сме и неуспешни, за кандидатите да се набројуваат што повеќе функции на кои што некој бил без разлика на тоа што сите ги преспал, па се оди до таму да се набројуваат некои негови формални членства во некои здруженија за да се величи неговиот ум. До сега во овој Парламент не сум чул или видел дека зад некој кандидат се дал список на негови успешно завршени проекти како доказ за неговата способност, без разлика во колку управни одбори или во колку колективни органи преспивал. Кај нас не постојат такви мерила. Умот и трудот се туѓи мерила за нас. Еве и денес немаме такви мерила ниту за министрите ниту за мандатарот, ако се изземе Програмата. Само таа ни останува да биде објективно мерило за оценката на квалитетот на кандидатот. Се друго се фарси. Сега дојдовме до уводот.

Значи, за да можеме да ја оцениме програмата т.е. квалитетот на мандатарот треба да имаме прецизна и објективизирана дефиниција за тоа што значи програма. Тоа го немаме. Моето разбирање на поимот програма е субјективно и го имам оформено низ животот. Сум видел и прочитал многу програми од фирми, академии на науки, училишта, факултети, културни спортски друштва и тн. Во принцип секоја програма за работа што би содржела покрај другото и временски и просторен распоред на активностите подносителите на истите завршувале неуспешно. Програма за работа без термин “план” личи на бајка. Зошто? На крајот на мандатот не ќе можеме да оцениме објективно дали некој бил успешен или не. Заради оваа цел се нормира и терминираат обврските. Се прават мерливи иако изгледаат дека тоа не се. А штом се немерливи тогаш се и необврзувачки. Значи ако некој покренал и завршил голем дел од акциите наброени во Програмата тој мора да се смета за успешен независно од волјата на оценувачот.

Бидејќи поимот “програма за работа” овде не е строго дефиниран, барем не е објективизиран меѓу нас јас едно мое мислење за значењето на поимот “програма” внимателно ја прочитав доставената Програма за работа на владата напишана од

мандатарот. Тоа го сторив со намера да видам како мисли овој човек сега од оваа позиција, бидејќи министерствувајќи во претходните влади, барем според весниците и другите медиуми, бидејќи јас лично не видов список на негови завршени активности ми остави впечаток на умен и вреден човек, но за жал она што го има напишано и како го има напишано во Програмата не го потврдува тоа. Напишаното не укажува на човек што знае што сака и како сака да постигне резултати. Текстот е полн со фрази кои започнуваат со "непоколебливо", "целосно", "доследно", "во согласност", "несомнено", "интензивно". Никаде нема мерлива акција како на пример кога нешто ќе започне и кога ќе заврши и на каков начин тоа ќе го стори, туку наредени се еден куп активности кои што добро звучат за уво. Зад една ваква Програма која е немерлива, а со тоа и останува необврзувачка по правило стојат луѓе свесни дека нивните способности се помали од потребните за решавање на проблемите со кои сакаат да се зафатат. Од тие причини и нивниот грев после завршувањето на Програмата е поголем ако не успеале.

Во последниве две години сум прочитал три програми за работа на влада, од Црвенковски, од Костов и од Бучковски. Сите нив ги карактеризираат две заеднички црти.

Првата е дека немаат термин "план" т.е. немерливи се и необврзувачки.

Втората е тотално неразбирање на проблемот со кој се зафатиле.

Наспроти тоа на Македонија и треба влада што ќе достави и изврши програма во која конкретно ќе се наведат активности со термин "план". А тоа дека треба да влеземе во НАТО, дека треба да влеземе во ЕУ, да се бориме против корупцијата и криминалот, да водиме борба против невработеноста, против сиромаштијата, тоа веќе го знаат сите граѓани на Република Македонија.

Моето мислење за јаловоста на Програмата, ми се потврди после експозето на мандатарот. Експозето беше чисто политиканство. Под маската дека се сака да се внесе оптимизам и надеж кај народот се крие гола борба за опстанок на власт. Не може веќе народот да се залажува со убави зборови бидејќи е премината границата на неговата издржливост. Сфатете дека мора да се започне со нешто што ќе значи подобрување. Народот без да му зборувате многу ќе сфати дека му е подобро ако на пример почнете да вработувате по две, три или 5000 месечно. Овие ваши ветувања не му користат веќе никому. Тие само зборуваат за тоа дека вие не разбирате со каков проблем сте се зафатиле и потврдуваат зошто имате напишано ваква празна програма за работа на владата.

Искрено, јас лично како човек се до експозето верував дека вашите намери и покрај празната Програма се најдобри и сепак нешто ќе направите. Но, после експозето пак искрено верувам дека вие не сте способни да направите ништо добро за овој народ, туку само сакате да ја задржите власта. Тоа е вашата цел.

Од овие причини лично сметам дека мандатарот не е човек од типот на Фаус или Прометеј, па врвната лична среќа да ја доживува кога пожртвувано работи за доброто на другите луѓе и би му препорачал да го отфрли мефистофелското во него и во неговата партија за да власта не ја доживее судбината на Аугиевите штали. Толку околу формата и содржината на оваа Програма за работа.

Сега би сакал да кажам неколку збора за инвестиционата политика во сите министерства на оваа предлог-влада како и да дадам некои мои предлози околу таа проблематика. За оваа цел најпрво ќе дадам кратка анализа за состојбата во државава во последниве две години од владеењето на СДСМ и ДУИ.

Никогаш до сега со Република Македонија не се владеело така лошо како во последниве две години. Турско било ама ова не било како во поглед на безбедносната ситуација, вработеноста, економијата, корупцијата и криминалот посебно во власта, така и во поглед на грижата за социјалната состојба на рајата т.е. на даночните обврзници и идни регрути. Во овој поглед може да се рече дека и странски освојувачи воделе поголема грижа за поданиците отколку оваа власт. Оваа власт не доведе во ситуација човековиот живот да стане споредлив со кучешкиот. За голем број луѓе животот зависи од контејнерите. Невработеноста достигна 400 илјади луѓе. Нема странски инвестиции. Нарушена е безбедносната ситуација. Владата е поделена, територијата исто.Нарушени се односите меѓу етникумите и како општо односите меѓу луѓето во државата. Расте корупцијата и криминалот и во власта имаме рекорден пад на индустриското производство, рекорден трговски дефицит, разорено земјоделие, неписмено образование, правда без право, болно здравство, полиција за излог и имаме македонизам во посовршена форма наречен “бранковизам”. Оваа власт избрка дел од инвеститорите што беа дојдени во Македонија, а нови не привлече. Ќе дадам еден пример. Оваа власт му ги одзеде акциите од ЕМО на еден црногорски акционер, иако судот не донесе таква одлука. Ставајќи се над судот оваа власт преку претседателката на Комисијата за хартии од вредност и преку претседателот на Второстепената комисија го заобиколи судот и по партиски налог на неосуден човек му ги одзеде акциите без притоа трансакцијата да се поништи на берза или да се донесе судска пресуда. На ваков начин, по иста шема

се оштетени голем број на инвеститори и уништени повеќе фирми во Република Македонија. Овде сакам да напоменам дека токму и денешниот мандатор извршуваше една ваква задача. На митингот во Охрид за време на претседателските избори во 2004 година на насобраните луѓе им вети дека ќе го земе ЕМО, наместо да проповеда правна држава и да чека судска разврска за случајот. Дали мандатарот знае што станува денес со ЕМО откако го зеде? Дали мандатарот знае дека ЕМО пропаѓа со голема брзина и дали мандатарот знае што станува со 3000 вработени таму. Во една ваква ситуација во државава еве бираме нова влада на која сакам да и обрнам внимание на чекањето на инвестициите и на инвеститорите.

Веќе 15 години сме сведоци дека инвестициите во Република Македонија, како домашни така и странски се минимални, а токму во овие две години власта баш ништо сериозно не презеде. Министрите од Владата се однесуваат како рибари кои откако ќе ги фрлат мрежите чекаат. Чекаат нешто да се фати наместо веднаш по фрлањето да преземат смислени акции со кои ќе ги привлечат, па дури и принудат рибите, односно инвеститорите да влезат во мрежата наречена Македонија. Се разбира, претходно мора фрлените мрежи да се закрпени, без дупки, т.е. правната регулатива да е донесена, а корупцијата и криминалот особено државниот да се под контрола на полицијата а не на кондовци.  Зошто министрите чекаат? Зошто некој нешто чека? Зошто се чекаат инвестициите?

Без инвестиции нема излез од економскиот лавиринт во кој оваа власт сама се загуби, ја загуби и Република Македонија. Без инвестиции нема излез од проблемот со невработеноста. Веќе 15 години ги чекаме инвестиците како надеж за вработување. Скоро исто толку години оваа власт не убедува дека сето ова што ни се случува е минлива криза и  дека таа криза е при крај и се гледа светлината на крајот од тунелот во кој сме изгубени по нејзина вина. Дури и тврдеше дека 2004 година ќе биде година на економски бум и почеток на крајот на маките. Ваквото објаснување од власта е само потврда дека таа ниту знае што вистински се случува во нашата земја, ниту поседува капацитет тоа да го осознае па да делува кон подобрување на ситуацијата.

Сите европски земји во транзиција иако многу од нив беа многу зад нас во развојот денес се пред нас, во некои области дури и Албанија, а некои се и членки на ЕУ или се пред нејзините врати. Зошто Македонија не успеа? Со ваква власт, со вакви партии на власт како во последниве две години се плашам дека никогаш нема

да успее бидејќи главната сила на оваа власт од едната страна е оружјето а од другата страна е во манипулацијата со народот. Резултатите од работата не се мерило за оваа власт.

За чекањето воопшто, па и во контекст за чекањето на инвестициите и вработувањето пишувале многу луѓе во светот. Оваа појава не е само наш феномен. Наше е само тоталната неуспешност да се справиме со тој феномен за разлика од другите држави во светот. Асоцијации за чекањето се дадени во многу книги меѓу кои драмата “Чекајки го гордо” од  Семјул Бејкер и  “Во пустината на татарите” од Дино Муцапи. Конкретно за нашиот проблем, за чекањето на инвестициите и вработувањето напишано е во книгата на францускиот интелектуалец и политичар Филип Сеген “Чекајки вработување” преведен и на македонски јазик со наслов “Есеи за кризата” од Гзиме Старова, од која овде  користам и идеи.

Ако ги прочитаме овие дела ќе видите дека каде што вие сега сакате да минувате некој друг поминал порано и тоа повеќе пати. Ќе сфатите дека спрема она што го зборувате и чините светот заклучува дека не разбирате многу за проблемот со кој што сте се зафатиле и дека сте далеку од вистинското решение. Читајќи ги овие книги ќе сфатите дека светот не започнал со вас и дека вие не можете да го залажувате  својот народ, и тоа на оредено време, можете да го залажувате својот народ за одредено време, но не можете да го залажувате светот.

Мислам дека се лажете. Ако мислите дека со празно зборување, воведување страв и манипулирање со народот е успеете да се спасите од гневот на истиот. Во овие книги ќе осознаете дека кризата сама по себе не постои. Поимот “криза” во облик во кој ние го сфаќаме мора да се отфрли од нашите, посебно од вашите глави. Според сегашниот резон под “криза” разбираме некаков неповолен период на транзиција од кој мора да се излезе само треба да помине малку време за да се преброди истиот и ние повторно ќе си го најдеме изгубениот рај. Веќе 15 години ова е главната заблуда. Се живее во илузија за некој магичен излез, но тој го нема и сигурно нема да дојде ако го чекаме. Нашите министри го прават токму тоа. Чекаат инвестиции, чекаат да помине кризата, така и  Владимир и Екстрагон го чекале доаѓањето на Годо кој ги известил дека  до вечер не доаѓа, а утре сигурно ќе дојде, а пак утре сеуште си има утре и спрема тоа или Годо лаже или времето не постои, или Годо не постои, но Владимир и Екстрагон чекале. Чекал и поручникот од пустината на татарите, од прашливиот хоризонт да се појави непријателот, па своето чекање да го претвори во херојска епопеја, но наместо тоа доживеал разочарување. Зошто

чекале и Владимир и Естрагон и поручникот, зошто чекаат нашите министри? Чекаат бидејќи чекањето е оправдување за нивната неактивност и незнаењето да се справат со проблемот. Нема друго оправдување за чекањето.

Оваа власт за да биде успешна во привлекувањето на инвестициите мора да сфати дека ние сме навлезени во нов економско политички поредок. Денес сме сведоци на еден свет во кој главен предизвик се радикално новите правила за организирање на општествата. Овој процес се нарекува мондеилизација или интернационализација на  економијата, или ако сакате глобализација. Тоа е процес од кој се тресат многу земји во светот и загрижува многу земји во светот. Многу земји веќе работат на тоа како да се вклучат во овој процес а да не настрадаат, се работи за една вистинска револуција на капиатлистичкиот систем под притисок на два фактори.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Од една страна е либерализацијата на размената на стоки, труд и пари, а од друга страна е технолошката експлозија која резултира со значаен напредок, како во областа на телекомуникациите, така и во информатиката. Земјите кои веќе работат на овој проблем тврдат дека процесите на глобализација и не би биле толку загрижувачки доколку се дел од една заедничка стратегија за напредок и знаење на сите земји од светот и доколку не влечат кон нарушување на производните системи и трудот. Нарушувањето на производните системи и трудот, пак, доведува до социјални проблеми. Најдраматичен проблем од сите нив е порастот на невработеноста и намалување на инвестициите кои денес и те како се присутни во светот. Македонија е меѓу земјите кои имаат најслаби резултати на овој план. Ако кон ова се додаде и факторот дека меѓународните финансиски организации сакаат да се осамостојат, во однос на другите компоненти од системот и наложуваат структурни промени, без да ги земат предвид домицилните ограничувања и потребите од кохезија на кревките општества, ситуацијата со невработеноста и намалените инвестиции станува уште посериозен  проблем, дури и за развиените земји, а да не зборуваме за земјите во транзиција. Затоа сакам да и обрнам внимание на Владата да не ги прави грешките од од претходната и да не чека, туку активно да делува за да се вклучи во светската поделба на трудот, но претходно да направи стратегија како да го изведе тоа, а државата да не загуби многу, ниту од својот идентитет, ниту од своето време, да не дозволи времето да не прегази.

Благодарам.

СЛОБОДА НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Шајноски.

После дискусијата на господинот Шајноски, се пријавија госпоѓа Гашовска и госпоѓа Биковска.

За реплика сте јавени?

Госпоѓата Биковска се јавува процедурално.

Повелете госпоѓа Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Благоадрам потпретседателе,

Би сакала да ви укажам дека во текот на седницата беше повреден член 87 од Деловникот на Собранието кој гласи: "Говорникот може да говори само по прашањето што е на дневен ред". Ценам дека повеќе од половината од говорот што го прочита колегата Шајноски беше надвор од темата, затоа што имаме доставено програма за новата Влада, имаме доставено персонален состав и потоа експозе, па мислам дека треба да се придржуваме на тоа во име на ефикасноста на Собранието.

Вам, господине попретседателе ви укажувам дека на време требаше да реагирате, бидејќи овде се вели: "Ако говорникот се оддалечи од прашањето што е на дневен ред, претседателот на Собранието ќе го повика да се придржува на прашањето што е на дневен ред". Затоа ви укажувам, понатаму ако се јават такви случаи, ве молам навреме да реагирате, затоа што и претходниот говор од 35 минути беше целосно надвор од темата.

Ви благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам на укажувањето, госпоѓа Биковска. Јас оценив дека господинот Шајноски зборуваше, барем во најголем дел, на темата. Но, ја прифаќам забелешката.

За реплика се има јавено госпоѓа Цветанка Гашоска.

Повелете.

ЦВЕТАНКА ГАШОСКА:

Колега Шајноски, среќа што сите пишувани програми не се исполнуваат како вашата непишана програма за криминалното распарчување на гигантот "ЕМО".

Среќа што оваа Влада го фати терминот, како што милувавте да кажете во вашата дискусија и ја расчисти Охридско-Никшичката програма за продажбата на истиот гигант. Турско било, ама да не се повтори, туку да не се повтори и вашето време, бидејќи не се знае кое беше полошо.

Сега, пратеникот се прашува што е со ЕМО? Сега ЕМО работи, но не како во тоа време. Судска разврска чекаат и емовци и охригани и секаде каде што е ЕМО, бидејќи е во повеќе градови во Македонија и ќе ја дочекаат истата.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓа Гашоска.

Повелете господине Шајноски, една минута реплика.

ДРАГО ШАЈНОСКИ:

Токму во тоа е проблемот. Судска разврска требаше да се случи, па да се расчисти таа врска Никшичко-Охридска, а не партиска директива за одземање на фирмата на човекот, без претходно да се донесе судска пресуда. Тука е силеџиството на оваа партија, СДСМ.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ако завршивте господине Шајноски, сега без да ми укажат пратениците, сега зборуваме за Владата, а не зборуваме за партии и ве молам да се придржувате сите кон тоа.

Следен за дискусија е господинот Ристо Пејоски, а после тоа Којзеклиска Марија.

Повелете господине Пејоски.

РИСТО ПЕЈОСКИ:

Благодарам потпретседателе,

Почиуван господине Бучковски, почитувани  предложени министри, почиувани колеги,

Во оваа наша пролонгирана транзиција формиравме многу влади. Народот, претходните владеења ги доживуваше како одлагање на иднината. Но, во ова последно владеење, заради економскиот пад или бројот на исклучените, го доживува закопување на иднината. После 15 септември ова е трет мандат.

Првиот премиер и по работа и по поимање, нијансиран од претходните системи, доаѓајќи до границата на своите неспособности, спектакуларно побегна во претседателска фотеља, потпомогнат од една наивна политичка опција.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Пејоски, сега ќе интервенирам. Зборуваме за оваа Влада. Оставете го поранешниот премиер. Сега имате програма на оваа Влада, имате експозе на мандаторот. Да зборуваме за оваа Влада.

Јас прифаќам да се зборува за минатото, но имаме една практика, да не зборуваме за личности кои не се во салата. Да зборуваме сега за оваа Влада.

РИСТО ПЕЈОСКИ:

Јас само се обидувам причинско последичните врски да ги фатам и мислам дека не отстапувам од контекстот.

Вториот, реализирајќи, како министер, една омраза кон поинаквата политичка опција, стигна до премиер кој потоа театрално ја напушти вообразувајќи дека ќе ги зајакне позициите на наредниот мандатор и надевајќи се дека ќе се создадат услови за да се заборават неговите селективни неправди.

Конечно, третиот мандатар доаѓа во една извонредна тешка општествена ситуација исполнета со императивот, мора да се успее. Таквата објективна принуда бара обучување на личните способности, но и вознемирување на другите вредни субјекти за да се создаде тим со продуктивна моќ. Единствена благонаклонетост, ако може така да се нарече, проблемите се доволно оддалечени просторно и временски за да може да се согледаат во сета своја големина. Верувам дека мандатарот е свесен за наследената ситуација и оттаму во необележаниот дел од програмата, оној последниот, за работата на настапувачката Влада каде што, претпоставувам, патем не е речено, или заради зачувување на некој куртуазен шаблон на обраќање, пишува - изразена е подготвеност за соработка со сите политички субјекти во земјата, како од позицијата, така и од опозицијата, со вонпарламентарните партии, но и со невладиниот сектор, со синдикатите, работодавците, асоцијациите, фирми, со што се предлага широк консензус за националните интереси.

Познавајќи го политичкиот капацитет на господинот Бучковски, по програмата за работа на Владата, барав но не најдов експлицитно речено, но имплицитно наслутив една можност која би ја опишал вака:

Парламентот, оваа величествена сала многу често ми личи на објект во кој е погребана уметноста на расправа. Наместо да наликува на минијагора во која политичките конкуренти ќе се задлабочат во аргументите на другите и ќе покажат спремност да ги интернализираат во себе, збогатувајќи се себе и другите, за алтернативен резон, ние мораме да го слушаме звекотот при судирот на владината догма на парламентарното мнозинство со мислењето на невладиното парламентарно малцинство. Парламентарната сала е исполнета со луѓе на чии лица се чита отуѓеност, отуѓеност од демократијата. Од време на време тие се насмевнуваат со појавата на некој парламентарен дворски шут кој мафта со некоја политичка пикантерија, со некои детали, најчесто од палетата на спротивната опција. Во оваа сала таквиот воздух, таков каков што е можат да го дишат само парламентарците кои уживаат во поразувањето на спротивното мислење, а не во победата на рамноправно измерените аргументи. Доминираат оние кои најсилната опција ја гледаат во надгласувањето, овде зборувам за Владата преку нејзиното парламентарно мнозинство, како во нејзе да е собрана сета моралност и сето знаење. Често е принудено да создава новоговор псеудолугизми, силогизми кои после долго повторување може да станат карактерна црта на овој Парламент. Затоа верувам дека господинот Бучковски, знаејќи дека Парламентот е место каде можат да се апсорбираат и ресурсите од невладиното малцинство, ќе влијае како лидер на најголемата позициска партија, но и како премиер да ја намали ароганцијата која е најголем приговор на владеачката интелегенција, така ослободувајќи ги ресурсите толку широко што најголемиот дел од граѓаните ќе ја почуствуваат личната одговорност за владините работи. Која е корista од една вака поставена ситуација во која ќе исчесне обостраниот монолог, ние знаеме, вие незнаете, ние можеме, вие неможете. Тоа што ќе се востанови состојба во која ќе проструи меѓусебна почит односно ќе се воспостави суверенитетот на конструктивни и интегрирачки мислења. Оваа послушност е малигно општествено ткиво чие потекло доаѓа од еден претходен систем кој метастазира во сегашната ситуација, од Парламентот во институциите, во медиумите, во невладиниот сектор, во јавноста, особено ако воопшто постои таканареченото партиско граѓанство.

Во програмата за работа на Владата, како прв и врвен приоритет е поставено целосното и доследно спроведување на обврските кои произлегуваат од Рамковниот договор кој е составен дел на Уставот и законите. Мораме да знаеме дека тој не е производ на спонтан општествен развој, туку е наметнат заради решавање на

претходна конфликтна ситуација заради што како последица има антиномични толкувања кои произлегуваат од прескокнатата општествена спонтаност. Неговата суштина е да исчезне атмосферата за загрозеност околу нас, да не се плашиме од мешањето и да сватиме дека единството кое произлегува од разликите е најснажно и највредно, дека разликите се надополнувачки и поврзувачки. Со други зборови никој до сега не станал граѓанин на светот ако пред тоа не станал граѓанин на својата држава. Но, работите навистина се менуваат, тогаш кога ќе се наречат со вистинското име. Низ еуфемизмите се провлекуваат конзервативните сили. Имено господинот Бучковски и неговата настапувачка Влада и неговиот поголем коалиционен партнер треба да работат, да го разложат присутниот страв дека етничките граници поставени со територијалната поделба се вовед да станат политички граници на некоја новотворба. Зошто не се испраќаат сигнали на доверба. Барем да се истакне државно знаме на државните празници. Непостоењето закон е само изговор. Верувам дека позитивната дискриминација која е заради минатите неправди, новата Влада мора барем да обезбеди, на позициите да дојдат оние кои се најквалификувани да ја вршат.

Друга работа која мандаторот со својот тим треба да ја совлада е состојбата на изолационизмот. Имено, покажувајќи му ги на светот само слабостите, се овозможи интервенционизам на меѓународниот фактор кој на пати беше вулгарен, пример оној со враќањето на сказалките на саатот наназад. Таа потреба од патронство, дури и ментално, која не бранеше од судот на сопствениот народ, остави горчлив впечаток на немање персонален и национален идентитет и затоа можеби се повредени нашите егзистенционални сфери манифестирани во немање доволно странски инвестиции и дозирани кредити. Овој надворешен впечаток, можеби оневозможува да се презентира исконската вредност на овие простори, со животот, комплементарноста на културите, моќта на разликите и спремноста на заедништво. Од тие причини големиот надворешен свет претставен во меѓународната заедница ни го дава и нуди неговиот ум. Ако продолжи тој тренд на презентирање на слабостите, ќе се успори можноста за нашите заслужени коцкики во светскиот цивилизациски мозаик да се вклопат пред некој, недај боже, да ги пополни место нас.

Во програмата е оценето дека Република Македонија се наоѓа во значајна стабилизирачка фаза. Наводните успеси во безбедноста беше она знаменце со кое претходните влади на оваа Влада постојано мафтаа кога ќе се споменеше очајната

економска ситуација, не обидувајќи се да видат дека зад покачените етнички тензии, не во мал дел стојат економски причини. Но случајот Кондово ја манифестира наивната политика. Не гледам, значи не постои. И така неколкуте распалавени момчиња, наоружани до заби, со свадбарско расположение, полека метаморфозираат во многу побројна група со политички барања, а патем и се обиделе да набават неколку ракети земја-воздух.

Тоа што е направена суптистуција на институциите со други политички субјекти, во преговорите со оние кои со сила сакаат да изнудат некаква правда е, веројатно, да не се поремети занесот во музицирањето со крутоста и грубоста на институциите кон надарените свадбарски свирачи. Тоа што се користи влијанието, а не институциите, како способност без моќ и овластување на институциите, не го гледам како пораст затоа што и солзите на македонската мајка и солзите на албанската мајка потекнуваат од иста болка која поддеднакво боли. Но, сепак што покажа случајот Кондово?

Ако имаме чувство на внатрешна поврзаност, чувство на заедничка судбина и цели на двата коалициони партнери,на сите ако сакате, тогаш институциите се силни и можеме да се справуваме со секој надворешен проблем. Но ако сме слаби од внатре, секоја конфликтна можност ќе ја гледаме како голем проблем и ќе поттикнуваме кон алтернативи и супституции. Јасно е дека силата и успехот доаѓаат од внатре. Во истиот контекст е прашањето, зошто не се пресретнале проблемите додека се мали, или дали воопшто се мали или се дел од нештопоголемо, не наречено со вистинското име.

Во програмата на новата Влада се вели - ќе се предложи да се дејствува во меѓународната коалиција за борба против тероризмот, оној надвор од нас, а што е со него кај нас. Кај нас, барем засега е на ниво на така наречен психолошки тероризам, насилство без војна која ја вознемирува јавноста само со шетање на, до заби наоружани лица меѓу цивилното население и затоа, дотолку невреден за решавање, доволно е да го игнорираме и ќе исчезне самиот по себе, како цвеќе без вода. Затоа, долг е на предложената влада да навлезе во поимот тероризам, да го разложи до детали, да не го позајмува незнаењето од претходните влади. Замислете си ја следнава ситуација, дури и да е во сферата на медиумските претпостапки, “ракетите фатени во Албанија не биле за Кондово”. Дури и да се прифати тоа, само врз основа на изјавите на шверцерите на оружје, оти оружјето било наменето за една соседна држава, веројатно тоа отфрлање се заснова на

верувањето дека Македонија е најнесоседна држава на Албанија. Сега мерете ја количината на зрелоразумското присуство во таквото верување.

А тоа што Американската амбасада беше некое време затворена е само “рутинска дејност” да се мисли дека тоа е така е исто како да верувате во нивната неинформираност. Верувањето во поговорката дека “само стрпливоста е поголема од мудроста” е само раскошен параван за немоќта која се надевам дека нема да се пренесе во новата Влада и да биде заложник под поимот две влади во една. Верувам дека г-динот Бучковски нема да се плаши дека ќе бидеме судени само заради тоа што сме се осмелиле да се браниме.

И конечно, би сакал нешто да кажам за експозето на мандатарот г-динот Бучковски. Но пред да соопштам што ме фасцинира, сакам да потсетам на една востановена пракса односно тенденција присутна во политичкото делување, особено во таканаречената говорна сфера на претходните влади на СДСМ. Секогаш кога ќе се зборуваше за неуспеси беа виновни другите, а успесите беа резервирани за нив. Нивниот неуспех се минимизираше, успехот се зголемуваше, создавајќи од реалноста една наказа преку невротично славење и себеправдање, се разбира, сесрдно потпомогнати од добар дел од уредничката фела на медиумите и таканречените “невладини”, кои добар дел беа зависни од нив. Медиумите, принудени на послушност кон Владата, го експонираа народот на непрепознавање на секаква нејзина глупост и ја деградираа аналитичката моќ на граѓанинот поединец: Тоа е така, бидејки тој така рече на телевизија. Тоа му се случуваше на граѓанинот утрински, преку ден, навечер, но за жал никогаш на време. Светот тоа го препознава како немање персонален и национален идентитет. Рекламата и публицитетот на владините службеници станаа супституција за отворена дебата. Верувам дека се забележува дека употребувам минато време. Невладините, наместо со својата дејност да струеја од граѓанинот кон власта, тие одеа обратно, од власта кон граѓанинот за власта. Со нив голема интелектуална маса стана поле за реализација на владини проекти, пресметао отапувајки ја острицата на народот.

Сакам да сме начисто: Во господинот Бучковски не препознавам лидер на кого му треба таква невротична самоизмама и величење.

И конечно, ако од експозето ги отфрлиме оние “знаеме”, “можеме” и “умееме”, кои се населиле во експозето по инерција од “бранковизмот”, ме фасцинира изјавата, без најмалку иронија од моја страна, цитирам: “Денес нашите луѓе мака мачат да обезбедат елементарна егзистенција, да ги платат сметките и да ги

школуваат своите деца", завршен цитат. Повеќе тоа не е сиромаштија како поим, туку конкретна реална, наша. Основниот услов да се тргне кон промена е да се прифати реалноста таква каква што е, за да знаеш каде сакаш да стасаш мора прво да знаеш каде си. Ова за мене е конечно прифаќање. Ќе повторам, ова за мене е конечно прифаќање дека тие се на власт, не некој друг. Ова за мене е раскин со оној начин на управување на оние кои паднале од Марс, кои никој не ги познава и немаат минато, па затоа секогаш се обраќаат на иднината бидејќи таа ја нема и не може да им одговори. Иднинопоклониците и иконопоклониците конечно се приземјија. Конечно се свати дека умот секој може да го излаже, но стомакот не. Им стана јасно дека со празен стомак не може да се свири државна химна.

Некои замерија, што се однесува до експозето, дека и Програмата и експозето немаат конкретности и план и беа до толку во право како само да реагиравте на фактот дека сте поставен за мандатар. Многу се губи кога реакцијата е единствена опција, но ретко кој мандатар бил  под толкава објективна принуда дека конечно мора да се почне со успевањето. Се согласувам со вас кога велите дека во Македонија има многу способни луѓе, но и вие согласете се со мене дека фалат такви кои способните луѓе ќе ги постават на вистинско место. Ќе треба политичка алхемија да ги претворите ветувањата во дело, но затоа  актуелната политичка побарувачка ја покривте со претпазливи ветувања, затоа што сте свесни оти се исцрпија сите можности и уште една само остана неискористена - да се однесуваме разумски.  Се вели останало малку време, околу 2 години и не можело многу да се постигне. Но јас велам, не количината на времето туку квалитетот на решенијата посветени на макеоднската ситуацја одредуваат за колку време и колку успешно ќе биде решен проблемот.

Почитуван г-дине Бучковски, сигурно сте свесен дека во Република Македонија владее бессоница, бидејќи правото на сонување е укинато од бесперспективноста. Многу поканивте во  Македонија, но јас сонувам кога ќе се роди некој, дај Боже да сте вие тој кој ќе ги покани оние исклучените од општеството, кои претставуваа нерешлив проблем за минатите влади, кои ги претоварија бродовите со вредни луѓе од ова поднебје за да стигнат до пристаништата каде можеби безмилосно ќе ги користат нашите економски ментори.

И да завршам со една латинска сентенца.  Операре сељуитур ессе, во превод: "Она што човек го прави следува од она што е".

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Пејоски.

Со оглед дека списокот е подолг и не може да се забележи кој е за реплика, госпоѓа Ана Андова се јави за реплика.

Повелете три минути.

АНА АНДОВА:

Благодарам г-дине потпретседателе.

Еве, на колегата Пејоски ќе му реплицирам во негов стил и во негов манир.

Зборувавте за палети на бои и за уметност, меѓутоа, морам да ви кажам дека боите на спектарот се иманентни на сите, а палетите се материјализација на истиот. И така се случува да има позициони и опозициони палети.

Вие се обидовте да користите силогизми во вашиот настап, меѓутоа, во сите отсуствуваше “ако” и “тогаш”, а самиот се повикавте на причинско последичните односи, релации и импликации. И тука, колега Пејоски, морам да ви кажам дека никој не претендирал на состојба, еве повторно во ваш стил и манир стате оф арт, туку претендира на процес кој ќе не доведува до таа цел. Морам уште еднаш да кажам, малку понаучите ги силогизмите.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Андова.

Господине Пејоски, дали сакате да користите контра реплика?

Повелете г-дине Пејоски.

РИСТО ПЕЈОСКИ:

Само сакам да ви кажам дека веројатно многу внимателно не сте ме следеле. Не сте забележале дека многу често зборував дека овие состојби се состојби на минатите влади.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Пејоски.

Сега настанале измени со оглед на пријавените? На ред беше госпоѓа Којзеклиска. Значи настанале промени. Добро.

На ред е г-динот Киро Дојчиноски, а во меѓувреме другите се откажаа.

Господине Дојчиноски, имаше неколку пратеници пред вас, се откажаа. Госпоѓа Којзеклиска бараше да продолжиме, наместо да дадеме пауза во 13,00

часот бараше да продолжиме. Не можеме да дозволиме. Сега се откажаа и г-динот Георгиевски и госпоѓа Којзеклиска и тоа не можеме никако да им го оспориме.

Повелете, вие имате збор.

КИРО ДОЈЧИНОСКИ:

За сите времиња се откажавте или ќе повторувате после?

Почитуван потпретседателе, почитуван мандатар и вашата Влада, колеги пратеници,

Денес мандатарот професорот д-р. Владо Бучковски предлага избор на нова Влада и Програма за работа до 2006 година. Тоа во нормални земји и кај нормални парламентарни состави, без балкански менталитет, е нормална работа доколку се сака и се очекуваат подобри резултати во водењето на државата. Државата мора да има Влада. За тоа пред се е одговорна и задолжена позицијата и таа тоа ќе го направи, ќе избере Влада. Сосема е нормално и принципиелно за неа да гласаат или да не гласаат опозицијата. Убеден сум дека опозицијата е свесна дека не е во состојба да предлага и нуди состав на Влада и сигурно дека државата нема да остане без Влада.

Ние секогаш сметаме и ќе велиме гласно дека одговорноста на оние што се определуваат со “да” е еднаква на одговорноста со оние што ќе се определат “против”, но во тој случај без силни дневно-политички сугестии пред јавноста демократски е секој да се определи за што ќе гласа. Сигурно дека парламентарното мнозинство, почитувајки ја одговорноста што сме ја добиле со довербата од граѓаните на претходните избори сакаме Влада која ќе ги надмине сегашните дубиози и ќе го подобри животот на граѓаните, од што пак ќе зависи каков ќе ни биде рејтингот на крајот на мандатот. За тоа сме свесни сите. Тоа е мотив повеќе да му веруваме и на мандатарот, нормално, таа е Влада на Република Македонија, на сите граѓани на Република Македонија, но таа зависно од довербата е политичка Влада на коалицијата “За Македонија заедно” и ДУИ. Составена е од познати, признати и докажани научни и културни работници, професори, политичари, носители на политичкиот живот, економисти и стопанственици, субјекти кои во вистинска смисла на зборот се експерти за своите професори, што е гаранција за јасна анализа и дијалог по соодветните прашања за кои се задолжени.

Дали таа можела да биде и поинаква? Сигурно да, но тоа е резултат на довербата на граѓаните и кадровските потенцијали со кои располагаат партиите на власта. Од тие причини, ние како позиција се определивме да бидеме нејзина прва

принципиелна опозиција, уште пред нејзините предлози да дојдат во парламентарна расправа. Бидете убедени дека доколку не бидеме задоволни од нејзините решенија и работа, ние ќе изгласаме недоверба. Нема да ја чекаме вашата определба. Но исто така убедени сме дека во понудениот состав имаме целосна доверба и тоа многу брзо ќе се почувствува. Тоа е мотив повеќе да му веруваме на мандатарот, личност со брсјачки менталитет, со универзитетски рејтинг, со меѓународна репутација, признание и амбиции за евроатлантска интеграција, со посебни човечки вредности, способен да почитува туѓи вредности и да вградува кохезија во работењето. Тоа се значајни претпоставки за создавање на ефикасна и одговорна Влада во целина за спроведување на програмските определби.

Но независно од тоа, следејки го експозето што беше поднесено, сакам да искажам високо мислење за концепцијата и аргументираноста, која во себе го содржи целосниот пресек на состојбите и идните насоки во кои се наоѓа Република Македонија. Може да се направат и идеални програми, за тоа мандатарот е и способен и умешен, но да напишеш и реална програма во услови во кои се презема мандатот е уште поголем квалитет. Лесно е да се прави програма за работа на Влада кога во државата постојат реални и нормални состојби, но кога имаме дубиози што се понесени од порано, народот ја сака вистината, колку таа да биде непријатна и тешка. Ако нешто сакал мандатарот да направи, тоа е она вистинското, а не декоративното што би било за еднократна употреба.

Она што е многу забележливо е тоа дека во работата на Владата нема и не се бара алиби во дубиозите од претходниот период. Очигледно е фаќањето во костец и справување со последиците, кои е неопходно да се надминат, но не и да се заборават зашто добар дел од нив носат и малигни белези. Нека се најде секој на она место што го заслужува било за грешките, било за резултатите. Посебно внимание заслужува фактот што во концепцијата за работа на Владата се нуди нов квалитет. Така, за најзначајните проблеми во државата Владата ќе применува одговорен колективен пристап, како што се: за економијата, евроинтеграцијата, безбедноста и борбата против корупцијата и криминалот, како и за прашањата од имплементацијата на Рамковниот договор. Тука Владата ќе применува интерминистерска соработка, при што ќе бидат користени познатите странски експерти и меѓународно признати и верификувани решенија. Затоа, не држат одредените квалификации за квалитетот или неквалитетот на одредени министри, бидејки тоа е тимска работа.

Бројните определби на мандатарот во Програмата сигурно ќе бидат имплементирани и разработени низ министерствата и институциите на системот, надлежни за соодветните области и дејности. На овој план сепак сакам да свртам внимание на две прашања кои се многу значајни, но некако како да се понастрана од Програмата на Владата. Сооглед на тоа што претходната Влада на опозицијата не направи ништо во смисла на културата и нејзиниот развој, се гледа пред се од недонесувањето на стратегијата за развој на културата како стратешки документ, туку се работеше од парче, без програма, со ненаменско користење на и онака малите и недоволни средства, во изминативе две години констатиравме дека тоа ја доведе во летаргиска состојба културата и изгубени се неповратно 5 години, што за културата на една земја се многу значајни.

За таа цел, овој Парламент во изминативе 2 години амбициозно пристапи кон создавање на неопходна законска регулатива. Како што ви е познато, донесен е Законот за култура, Законот за заштита на културното наследство, Стратегијата за развој на културата и поголем број поединечни законски акти од културните дејности.

И сега би било добро во Програмата на Владата да се најдат одредени определби за понепосредно презентација на сопствениот идентитет и до меѓународно комуницирање на културен начин. На ова прашање инсистирам бидејќи во Програмата го нема, а веднаш да кажам дека културата е значајна и од идеолошки аспект како фактор за интеграција, и од економски, културата е како силен ресурс на општествениот развој или како велат експертите, културата е централна лабораторија на креативната имагинација во општеството. Претпоставувам дека ова ќе биде реализирано преку Стратегијата за развој на културата до 2008 година, но добро е тоа да биде потенцирано и во Програмата на Владата.

И уште нешто. Програмата на Владата се залага за посебен третман на културата и научно-истражувачката дејност, како што се кажува на посебно значење што го има таа за развојот на стопанството. Во услови какви што ги имаме во научно-истражувачката дејност, во зависност од средствата што и онака се мали, неопходно е и предлагам преиспитување на одредени мали неактуелни проекти во овој миг на развојот на државата. Такви проекти среќаваме скоро во сите научни институции, па дури и во Македонската академија на науките и уметностите, а истите апсорбираат доста средства. Целта ми е да се стимулираат и да им се даде предност на проекти тимски кои се актуелни во денешниот миг на развој и потребите

на нашата евроинтеграција. Ова го велам не затоа што и другите проекти не се потребни, но да се направи преоценка и пренамена на средствата со цел следење на актуелноста на развојот. Јас сега нема да ги набројувам ниту институциите ниту носителите на ваквите проекти, нека тоа биде ориентација на Владата и нејзините министерства.

Денес од опозицијата се изнаслушавме една дузина шифрирани, често јасни но уште повеќе заобиколени фрази, некои договорени, некои своеволни, некои од секојдневните непроверени портпаролски кујни, но притоа никој или барем никој не понуди реални сугестии и решенија, се во духот на вообичаената пракса на опозицијата. Да се книжат политички поени кај граѓаните е провидна работа. Да му се кажува на народот дека ќе го владее Влада која не води сметка за него, дека не е и за спречувања на тероризмот, дека не му нуди ништо за подобрување на положбата и сето тоа, покрај сите дубиози во кои беше доведена државата, е чист анахронизам. Сега кога ги слушам одредени дискусии од опозицијата, која не сака да ги земе предвид реалните состојби и показатели, нема ништо полошо од тоа да ја доведеш државата во безизлез, а потоа доста смело да се изживуваш над несреќата на својот народ.

Во моралот сеуште постои нешто што се вика грижа на совеста. Ако сакате и уште нешто, каење се викаше. Чесно е тоа да се направи, во прашање е морал. Бидете убедени дека доколку нешто било толку добро во времето претходно, не сме можеле да го расипеме така што тоа било како што вие претпоставувате, тоа сигурно беше многу лошо. Јас се определив да дискутирам, иако не бев на ред, водејќи сметка за времето. Во определбата на опозицијата да го критикува понудениот состав на Владата и програмската определба која во голема мера е континуитет, често се заборават одредени определби за кои сакам да ги поставам следните прашања.

Заради призвукот на многуте ваши дискусии, дали сеуште сте за суштински системски промени во земјата од претходниот систем. Ова затоа што во дневно политичките ваши потези и дискусии како да се залагате за претходниот систем. Вчера еден од вашите колеги дискутанти, говорејќи за тоа дека некогаш се граделе безброј големи објекти во земјата, како да реферираШе по извештајот на Сојузниот извршен совет. Дали ја заборавивте потребата од приватизацијата и пазарната економија кога секојдневно приватизираните фирми ги испраќате да штрајкуваат и да бараат плати пред Владата, дали сеуште сте за Рамковниот договор и неговата

имплементација, бидејќи многу законски проекти условени од него не ги гласавте, дали сеуште не сте се откажале од меѓународната конференција за Македонија, дали сеуште сте за делби на територии и размена на народи, бидејќи вчера само една од изјавите, не на седницата, туку во дневниот печат се залагаше за тоа дека наредната акција на случајот Кондово е запоседнување на магистралниот пат кон западна Македонија. Не звучи ли парадоксално повикувањето на владеење на правото само тогаш кога тоа ни е потребно за остварување на некои права, а се негира тоа кога се сака да се постигне нешто друго. Ваквото лицемерие треба еднаш да престане.

Прашањата не се случајни. Одговорите треба да си најдете самите вие. Оставајќи простор на многу други прашања да се изјаснат останатите дискутанти, сакам да укажам на еден специфичен македонски синдром кој што е карактеристичен и за оваа Влада. Однапред нешто што се нуди независно што е тоа, да се прогласи за неуспех. Како да ја оценам една од синоќешните изјави дека мандаторот имал добри намери, ама тоа не е доволно. Па доволното секогаш доаѓа после добрите намери. Тука секогаш сте спремни да ги истакнете најцрните сценарија за било кое прашање во државата било какво и да е тоа. И потоа посакуваме работите да одат како што треба да одат. Владата на Република Македонија, било која влада во Република Македонија во услови какви што знаеме да ги подметнуваме, нема да добиеме посакувани резултати. Дајте секогаш да и дадеме преднос да работи како што треба да работи. Задолжителна обврска на секој граѓанин добронамерник на оваа земја е да допринесува за доброто и развојот за иднината на државата, барем малку, барем милиметар. Ова особено за нас политичарите. Тука се обраќам пред се и до нашите колеги пратеници кои што често пати знаат да ги напуштаат седниците и да не гласаат дури и за свои амандмани на поднесените закони. Тоа право никој не им го дал . И верувам дека Владата тешко ќе се справува со таквата пракса на опозицијата. Парламентарците се професионалци и особено кога се однесува на седниците на Собранието. Тоа значи дека никогаш не може да се најде решение кај нив дека тогаш имаат некои други проблеми што се многу по важни од седниците на Собранието. Посебно прашање е што има и такви пратеници кои не присуствуваат на седниците по шест и повеќе месеци, а тој број не е мал. Никаде не пишува во Уставот и во Деловникот дека Собранието мора само позицијата да создава кворум. Ние сме избрани од народот, парламентарната борба е расправа, а не напуштање и бегање.

И на крајот очекувам и посакувам оваа Влада успешно да ја воведе Македонија во НАТО и да посакаме да стекнеме право земја кандидат на ЕУ. Очекувам дека стандардот на граѓаните ќе тргне нагоре, дека ќе се зголемат реалните можности за нови вработувања. Очекувам, затоа што верувам во Владата на мандаторот г-динот Владо Бучковски и ќе гласам за него.

Не знам што им беше тоа интересно на некои мои колеги во расправата да бидат многу недисциплинирани.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Марија Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе,

Очигледно дека колегата  Киро Дојчиновски не беше подготвен да елаборира и да ја брани Владата, затоа што во голем дел од неговиот говор испадна дека ние денес бираме опозиција, а не бираме Влада. Вие не следевте, очигледно дека не следевте и претходно колешката Наташа Биковска укажуваше, значи неговата колешка парламентарка укажуваше на повреда на членот 87 од Деловникот кога треба говорникот да се држи до прашањето. Тука имаше измешано позицијата, опозицијата исклучиво беше критикувана, амандманите нешто, колегите пратеници да не излегуваат надвор кога се гласа  за нивни амандмани. Јас колку што знам на дневен ред е денес избор на влада. Или малку повнимателно да следи, или незнам, нека бара од некој друг да му објасни.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не можам да не се сложам со тоа дека тоа да важи за сите. Но, имавме манифестации дека од мојата лева страна тоа не важеше.

За реплика се јави г-динот Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Јас не знам дали нашата колешка сметам дека може да се работи нормално во Парламент кој што секојдневно е половичен по своја желба без оправдувања, не е оправдување ако на претседателот му се каже : денеска не сум тука, а да расправаме по значајни суштински државни проекти и закони кои што се од интерес на народот. Ако е тоа во ред и тоа не треба да се каже денеска кога правиме еден пресек и даваме доверба на една онва влада, мислам дека и таквиот начин на работење продолжува, мислам  дека ние однапред и ставаме сопки и не можеме да обезбедиме услови за работа на Владата како што треба. Парламентот е за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-ѓа Ристана Лалчевска.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам г-дине претседателе,

Г-дине Дојчиновски, на почетокот на вашето обраќање дебатиравте нешто околу вашето да, или за и опозиционерското, не. Јас би сакала тука да расчистиме некои работи, бидејќи вие се обидовте да ја обвините опозицијата за своето не, односно за своето против. Ова е трета влада која ја избираме во мандатот на овој Парламент. И во првиот избор на Влада, значи кога ја разледувавме Програмата на првиот мандатор, вие рековте свое да и за , опозицијата кажа свое против. И во второто исто така. Што е разликата меѓу вас и нас? Вие г-дине Дојчиновски не препознавте она што го препозна опозицијата. Опозицијата препозна дека се работи за лажно ветување, затоа што ако поверувавме како вас требаше сега да бидеме на истекот на економскиот бум на годината која требаше да биде економски бум и нас да ни тече мед и млеко кое и сега ни го ветуваат. За жал опозицијата тогаш препозна и сосем реално дека ние сега живееме во годината која значи економски стрес за Македонија.

Друго, кога ја избиравме втората Влада, исто така вие препознавте реална програма и дадовте поддршка, меѓутоа се покажа за пет месеци дека опозицијата била во право што тогаш не дала поддршка на таквата Влада, бидејќи и самиот премиер си даде оставка од неможноста да се справи со својот кабинет и корупцијата во него. Вие како позиција тоа не успеавте да го препознаете, а сега ветувате дека ако не изберете добра влада, ќе и изгласате недоверба. Ние не цел месец пред оставката на минатата Влада расправавме за доверба на Влада и вие и дадовте доверба, ама изгледа премиерот не ви даде вас доверба. И за тоа немојте да ја обвинувате опозицијата за она што секогаш успева да ја препознае вистината , а вистината е дека ни се нуди нереална програма без мерки и без конкретни активности, туку само лажно ветување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Киро Дојчиновски.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Тоа дека вие ќе гласате против, мене ми е сосема јасно. Јас сакав да ви сугерирам дека одговорноста на тие што гласаат за и тие што гласаат против е еднаква. Вие секогаш до крајот на вашиот мандат ќе гласате против.

За економскиот стрес како што рековте во кој се наоѓаме, треба да сватите дека ние се најдовме во 2002 година, она што ни го оставивте, во екномски стрес. Според тоа, тоа беше и причината што ние мораме да се справуваме со тие стресови и дупки што беа оставени на разграбената држава.

Недовербата јас ја спомнав заради тоа што, бидејќи вие не гласате, ние мораме во почетниот период секогаш да ги преиспитуваме одлуките што ни ги нуди нашата Влада, бидејќи е наша Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Адеми, не е тука, г-динот Насуфи не е тука.

Г-ѓа Бонева, вие сте на ред. Значи, неможете да се искажете за девет минути.

Објавувам пауза до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,00 часот)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Госпоѓо Бонева, ќе го чекате мандатарот? (Да)

Добро, ќе го чекаме и ние.

Го молам мандатарот, доколку ме слуша да дојде во салата.

Повелете госпоѓо Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани дами и господа, претседателе, господине мандатаре,

Премиерот од претходната Влада, господинот Хари Костов по шест месечно премиерување си поднесе оставка објавувајќи дека не може да и се спротивстави на корупцијата во редовите на Владата, а истовремено и дека во Република Македонија сеуште неосновано се прислушкува. Тој посведочи дека власта само декларативно зборува за борба против криминалот и корупцијата, а всушност најотворено ја избегнува вистинската борба против корупцијата бидејќи токму таа е дел од неа.

Параванот зад кој што се задскриваше правејќи привид дека вистински се труди за да се спротивстави на корупцијата, овде посебно мислам на притворањето на судиите кои што земале 200-300 евра, докторите исто така кои што земале 200-300 евра, полицајците за по 20 евра, весниците беа полни со цариници кои еве зеле поткуп од 5 евра.

Значи, овој параван падна зад кој што остана оголена Владата длабоко потоната во големите коруптивни афери и стана многу јасна констатацијата на повеќе меѓународни организации меѓу кои и Меѓународниот монетарен фонд кој во неговиот извештај за Македонија кажува, последниот Извештај кажува, постојат големи, силни и моќни лоби групи што се борат спроти спроведување на реформите за ефикасна борба против корупцијата.

Овој Извештај почитувани дами и господа, се совпаѓа и со обвинувањата на Антикорупциската комисија за некооперативноста на власта во борбата против корупцијата и она што можевме и синоќа да го чуеме дека таа служи само како декор на демократијата во Република Македонија. Тој исто така се совпаѓа и со Извештајот на Народниот правобранител дека власта во најголем дел е прекршител на основните слободи и права на граѓините во Република Македонија.

И, сега што може да очекуваме од една старо-нова Влада која што се составуваше од кандидати за кои што се бараа ресори. Мандатарот ни ги искажа сопствените новогодишни желби кои што немаат поткрепа во конкретни проекти, конкретни активности кои што ќе го подобрат животот на граѓаните во државата, ќе им влеат надеж дека еве овие понудени конкретни решенија ќе бидат за нивно добро и можат да очекуваат дека навистина наредниот период од оваа Влада може да добијат едно посигурно и подоинствено живеење.

Одговорот на господинот мандатор требаше да се поттикне оптимизмот и надежта за подоброто утре, меѓутоа кои се реалните состојби и што може да очекуваме од она што ни беше понудено и во Програмата и со појаснението значи од говорот на мандаторот.

Најпрвин ќе се осврнам на Буџетот кој што го донесе претходната Влада од која што најголем дел од министрите ќе бидат составен дел и на оваа Влада, кој што навистина не кореспондира со сите овие убави заложби на мандаторот кои што беа искажани во неговото експозе. Она што можев да го забележам е дека навистина повторно ни се предлага многу малку пари за инвестиции, значи за државни инвестиции во момент кога во државата ни недостасуваа странски инвестиции, инвестиции на приватниот капитал во државата. Значи само една десетина фактички ќе биде од Буџетот наменета за државни инвестиции, додека повеќе од 1/3 од Буџетот е наменета за плати во државната администрација.

Почитувани дами и господа, ако Буџетот на државата во 2005 година исклучиво ќе биде наменет во најголем дел, значи парите ќе бидат потрошени за

државната администрација, а нели правевме, цело време зборуваат во овие две години дека се прават реформи во државната администрација и тоа најдобро го чувствуваат повеќето илјади граѓани кои што се најдоа на улица како резултат на оваа реформа во администрацијата. И, еве повторно наместо да се намали сумата која што треба да ја потроши државата за државната администрација повторно најголем дел значи од Буџетот, 1/3 од Буџетот на државата ќе биде потрошен за плати на државната администрација, додека повторно ќе кажам за развој, значи за инвестиции од страна на државата е само 1/10 од Буџетот на државата.

Значи, што може да очекуваме од тие убави желби кои што ни ги понуди, ни ги кажа мандаторот во неговото експозе може да се види и од самиот Буџет.

Она што можев да го видам во Буџетот на државата кој што ни е доставен на сите нас пратениците и што е за поздравување е 25% зголемувањето на средствата за земјоделците. Значи за субвенции во земјоделието. Меѓутоа не е кажано ниту збор каде ќе одат тие пари, што ќе биде приоритетно на оваа Влада во областа на земјоделието што таа ќе го поткрепува, ќе дава помош. Што може да очекуваат сточарите, што може да очекуваат земјоделците, посебно од новиот министер за земјоделие бидејќи стариот министер за земјоделие го доживеаа како најголема елементарна непогода која што ги снашла земјоделците во Република Македонија.

Сега имаме нов предлог за министер, нов предлог за министер, човек кој што навистина има огромно искуство во создавање на елементарни непогоди бидејќи беше директен учесник во затворањето, како што можевме да слушнеме и од медиумите, во затворањето на вентилите на Липковското Езеро и во предизвикувањето на навистина една тешка состојба во Куманово кога на граѓаните им беше оневозможено да го користат основното нешто, а тоа е водата.

Значи, повторно ќе кажам, што почитуван господине мандаторе ќе им понудите на земјоделците во Република Македонија, која ќе биде нивната надаж дека оваа 2005 година со новата Влада тие навистина ќе почнат достоинствено да живеат и нивниот труд навистина ќе добие некоја вредност во државата од која што тие ќе можат да обезбедат исхрана на сопствените семејства и навистина повторно ќе кажам достоинстен живот, а не да се надеваат и да се молат за социјална помош.

Исто така, почитуван господине мандаторе не можев ниту од Програмата, ниту пак од вашето експозе, да заклучам дали и понатаму новата Влада на Република Македонија ќе се залага за фиксен курс на денарот, бидејќи тоа е

консензуално констатирана состојба од сите меѓународни институции како единствено стабилно нешто во Македонија во економијата во изминатиов период. Меѓутоа зошто за  шеф на економската политика на новата Влада избравте човек кој што доаѓа од групата на големите бизнисмени кој што знаеме дека во Република Македонија се залагаат за променлив девизен курс. Значи, ќе имате во самата Влада судир на интереси бидејќи оваа групација на големи македонски бизнисмени ќе бара да се промени девизниот курс, а кога веќе се залагате за пазарна економија, а во целиот свет акцентот се става на малите и средните фирми, треба и вие да ставите барем по мене советници од бизнисмени од друг калибар за да не ви се случи судир на интереси во Владата. Меѓутоа можеби очекувате поддршка од овие големи бизнисмени бидејќи 2005 година е изборна година и навистина ќе и биде потребна поткрепа на вашата партија за претстојните избори.

Навистина би сакала да чујам и јас и македонската јавност дали навистина курсот на денарот оваа Влада со овие министри повторно мисли да биде фиксен или пак треба да очекуваме променлив девизен курс.

Еден од најголемите проблеми кои што во моментов, актуелен проблем кој што во моментов ја окупира македонската јавнсот тоа е безбедносната состојба во државата и Кондово. Целокупното внимание на јавноста е свртено кон Кондово и, затоа почитуван мандаторе подолго време додека траеше договарањето кој ќе биде на кое министерско место, македонската јавност се прашуваше до кога Министертсвото за внатрешни работи ќе чека за да се подготви соодветна реакција, дали повторно ќе ни се случи Танушевци, зошто воопшто ни постојат мешовити полициски сили, дали само да парадираат и притоа да бидат само легитимирани и понижувани од вооружените паравојски, или пак да ја вратат професионалната гордост и достоинството на професијата и конечено да им ја гарантираат безбедноста и сигурноста на сите граѓани.

Кон сите граѓани кои ја плаќаат власта таа има обврска да обезбеди целосна контрола на институциите на системот и во Кондово и во било кој друг дел од државата Република Македонија.

Во Европа кон која толку ние се стремиме секој вооружен натрапник кој што спроведува вооружена контрола над некој терен, кој ја нарушува безбедноста и сигурноста, кој што киднапира граѓани и им се заканува се соочува со брза акција на полицијата и војската и како поука за сите други граѓани силно ги чувствува консеквенциите на правната држава. Кај нас сите вредности во државата се

испревртени па се преговара и се молат криминалци, терористи и секакви одметници од системот, а власта умее на најбрутален начин да се пресметува само со бранителите на татковината. Морам да ве потсетам кога тие мирно протестираа пред Собранието на Република Македонија седнати на земја држејќи се едни со други со рака, пеејќи патриотски македонски песни беа брутално префрлени во полициските станици, брутално се однесуваше македонската полиција кон нив, само заради тоа што пееја македонски песни, а немаа оружје врака, дури и жени кои што беа трудни меѓу нив, и со нив така се постапуваше. Тоа најдобро го знаат почитуваните колеги пратеници бидејќи сите бевме свидетели на овој настан, бидејќи баравме да биде прекината седницата и излеговме надвор.

Почитувани дами и господа, уште веднаш после оваа седница граѓаните треба да видат дека функционираат институциите на системот во државата, повторно ќе кажам на сите делови на државата независно од тоа дали сторителите припаѓаат на албанската, македонската или било која друга етничка заедница. Мора раката на редот, на законите и правдата да биде еднаква за сите. Само така ќе се врати вербата на граѓаните во сопствената држава.

По неуспешниот референдум брзо ќе чекоревме кон Европската унија и НАТО, се зборуваше дека успешниот референдум ќе ја дестабилизира државата, сега кога се доби тоа што сакаше власта зошто повторно имаме вооружена паравојска надвор од контрола на државата, зошто дозволувате во главниот град на државата граѓаните да не можат слободно да се движат. Тоа ли е почитувани дами и господа придобивката од успешниот за нив референдум. Што им значи сега ним констатацијата на госпоѓицата Шеќеринска дека со ситуации како во Кондово нема влез во Европската унија. Сопстените граѓани ги плашевте доколку излезат на референдум дека тогаш ќе ни излезат вакви нешта. Тие ве послушаа и седеа дома. И, што добија. Повторно село без кучиња и сапунска опера, прва епизода - случајот Кондово, за Али надувани балони. Втора епизода - Бучко гледа, Ахмети не гледа вооружени групи во Кондово. Трета епизода - власта чека вооружените сами да се разоружаат итн, итн, додека не стасавме до епизодата каде што или амнестија или гранати врз Скопје.

И недај боже да ни следат вакви серии, зашто и пост референдумскиот период, граѓаните ќе треба да го поминат дома прет телевизорите.

Доколку веднаш не превземете сериозни чекори, почитуван мандаторе, кои што и доликуваат на една држава, ќе се потврдат шпекулациите кои што кружат

помеѓу новинарите дека од референдумот, пред референдумот, со ваша дозвола се дојдени овие натрапници, кои што во моментов злоупотребуваат дури и деца за своите цели, со единствена цел, да изигруваат бостански плашила за македонските граѓани, одвраќајќи ги од референдумот.

Вие почитувани господа од власта го добивте тоа што го сакавте, ако е вистина тоа, но играјќи си со ѓаволот, не помисливте дека и овој нов вид вооружени бизнисмени ќе побараат да си го наплатат трудот. Во таква атмосфера и во ваков лик на македонската држава, странските инвеститори само ќе ја заобиколуваат Република Македонија.

Затоа почитуван мандаторе, треба да направите се да воспоставите контрола на инситуциите на системот насекаде во државата, бидејќи доколку биде поинаку, нашиот заеднички сон за влегување во НАТО и за влегување во ЕУ ќе биде навистина, нереалност.

Понатаму, од излагањето на мандаторот не можевме да чуеме што ќе направат во врска со големиот број на споменици кои што никнаа во последниот приод, а за кои што нема никаква законска подлога. Значи, не се почитувани никакви процедури, јасно утврдени со закон. Никнаа споменици кои што се симбол на фашизмот. Мора да ве потсетам на спомеников на Бали Комптар и сега повторно ве прашувам каде овде ќе се најдат македонците од краиштата кај што тие се малцинство и кој нив ги консултира, а тоа е утврдено со закон дека треба да бидат консултирани етничките заедници за нивното мислење кое ќе биде, дали тие ќе дадат согласност или нема да дадат согласност да се изгради некој споменик на културата.

Значи, што ќе направите со огромниот број на споменици, не само овој што го спомнав, кои што се дивоникнати на теиторијата на Република Македонија и што може да очекуваат во врска со тоа прашање граѓаните на Република Македонија. Понатаму, во програмата која што ја добивме, посебно ставате акцент дека ќе продолжи вашето залагање за спроведување на процесот на децентрализација. Навистина, сите ние и позиција и опозиција се залагаме за спроведување на децентрализацијата и тоа за вистинска децентрализација, а не под капата на државата, односно општините да зависат од големата рака на државата, од нејзиниот буџет. Сега, за жал, реалноста ја имаме таа со законите кои што ги донесовме од областа на децентрализацијата само два процента од Буџетот на државата ќе се слее на локално ниво, меѓутоа, за овие реформи, кои што се

зацртани со законите што ги донесовме во Буџетот на државата не постојат доволно средства. Тоа е констатација на експертите и навистина, да не бидат доведени локлните самоуправи, да биде отежнато нивното работење во овој нивен почетен чекор на децентрализација, навистина, треба да знаат локалните самоуправи колкава ќе може вистински да биде реалната поддршка на државата и во тој однос.

Понатаму, во вашата програма под точка 11 можев да забележам дека посебно внимание ќе посветите на регионалниот развој и посебно на развојот на селото. Тоа ме доведе да размислувам дека можеби нешто размислувате како мандатор, можеби и министерот за образование, да ги подобри состојбите кои што со законите за децентрализација од областа на образованието, посебно со Законот за основно образование направивте една ужасна грешка. Донесовте такви одредби на кои што ние како опозиција свртувавме внимание под кои што подпаднат 50% од училиштата во државата, бидејќи повеќе од 50% од училиштата во државата, немаат над 16 паралелки. Значи посебно под удар ќе бидат руралните средини, за кои што велите во програмата дека ќе се залагате за нивен развој. Како ќе се залагате за нивен развој кога им ги укинавте општините, сега им ги укинувате училиштата, децата ќе треба да пешачат по 5, 10, 15 можеби и 20 км., за да одат на училиште.Значи што можат да очекуваат помош селата во однос на овие состојби кои што вие ги продуциравте во областа на образованието, бидејќи сега ќе почнат да се имплементираат законите од децентрализацијата и сега ќе почне финансирањето по глава на ученик, како што е кажано во законот и ќе дојдат под удар скоро сите училишта. Што ќе правите со овие луѓе кои што се наставен кадар, што ќе правите со децата кои што ќе бидат подложени на ваков ваш пристап, значи на нивно малтретирање да патуваат многу километри, додека да стигнат до училиштата, кои што треба да бидат нивни нови училишта. Навистина, посебно ќе ме интересира во рамките на децентрализацијата, која што се трудите да ја спроведувате, како ќе им помогнете на овие луѓе да ја почувствуваат вистински децентрализацијата и во областа на образованието и како ќе се справите со тој огромен број на кадар којшто ќе стане повторно технолошки вишок.

Понатаму, сигурно заслужуваат одговор граѓаните на Република Македонија посебно, родителите и учениците во училиштата кои се руинирани, во училиштата, во кои што децата пијат вода, како што имавме можност да видиме исто така и преку медиумите и да чуеме и да прочитаме дека пијат вода од цревата кои што се наоѓаат по земјата во клозетите, училишта кои што треба да се срушат врз главите

на учениците. Бидејќи досега немаме податок, некоку пати поставуваме такво прашање како опозиција колку училишта во овие две години вие реконструиравте, колку нови училишта се изградени и коклу останаа уште во такви катастрофални услови да работат учениците. Не добивме ваков одговор и мислам дека засллужуваат граѓаните да знаат што можат да очекуваат од новата влада и во оваа област подобрување на условите за учење на децата во училиштата.

Понатаму, она што е актуелно деновиве, тоа е тоа на кое што свртувавме внимание при носењето на Законот за Тетовскиот универзитет  и тогаш навистина, не бевме доволно разбрани, меѓутоа, деновиве она што во говорот за тетовскиот универзитет го спомнав дека со легализирањето само на некои од факултетите на Малоречанскиот универзитет ќе направите не средување на состојбите во образованието на албанските млади, туку повторно ќе оставите подотворена врата и простор за манипулација со албанските млади и повторно нерешено прашање, значи начинот на кој што пристапивте се покажа дека не е соодветен и еве деновиве имаме штрајк на албанските млади кои што се на Медицинскиот факултет од Малоречанскиот универзитет, кој што не е признаен. Имавме преку медиумите информација дека државата Република Македонија ќе плати за нивното дошколување и префрлување на универзитетите во Косово. Значи, треба да го знаеме вашиот став и по тоа прашање, да им биде јансо на граѓаните на Република Македонија што е тоа што ќе го направите за средување и на овој проблем во областа на образованието.

Она на кое што исто така сме сведоци по областа на образованието деновиве, тоа е постојаното растење на тензијата и меѓуетничкото насилство помеѓу учениците од основното и средното образование во Република Македонија. Бидејќи навистина од програмата не можев ниту од вашето експозе да видам што е тоа конкретно, што ќе го направите како Влада за смирување на меѓуетничките тензии помеѓу нашите млади, испровоцирани нормално, од постојаното потенцирање на етничкиот, а не на граѓанскиот концепт во Република Македонија, навистина би сакала да го чујм мислењето на манаторот, дали тие размислуваат и посебно на кандидатот за министер, повторно што беше и досега министер, која е нивната стратегија во образованието, за смалување на тензиите во образованието, дали се размислува за воведување, па макар и факутативно на предмети, кои што би значеле изучување на историјата на религиите, или веронауките, со цел да ги приближиме младите во Република Македонија едни кон други, да можат подобро да се разберат. Дали

размислувате да спроведете проекти кои што навистина, би придонеле за намалување на меѓуетничките тензии, проекти кои што се реалност во могу држави, каде што се случуваат вакви нешта. Земете ги за пример само САД. Значи имаме примери на земји каде што успешно се спроведуваат вакви проекти со цел да се намалат тензиите помеѓу младите, а причината е нормално нивно подобро запознавање и меѓусебно разбирање и толеранција. Тоа ни е обврска  на сите нас, тоа посебно во моментот е обврска на вас како Влада и како коалиција на власт.

Понатаму, почитуван мандаторе, навистина, незнам што може да очекуваат невработените, бидејќи од областа на трудот и социјалната политика, навистина не може да се најдат некои сериозни проекти, програми сериозни решенија, кои што можат да им понудат надеж на невработените во Република Македонија. Дека нешто ќе се промени во државата. Единствено нешто што чувме е од г-динот Стевчо Јакимовски, кој што сега е повторно кандидат за министер за труд и социјална политика, кој што изјави дека сегашните права на работниците ќе мора да бидат скусени со новите законски решенија, со цел да не бидат пречка за странските инвеститори. Сите мора да сватиме дека времето на социјализмот е завршено. Затоа работниците во земјата ќе имаат онолку права колку што е потребно и нормално насекаде во светот. Токму и тоа почитуван мандаторе, сакам да го потенцирам дека работниците во Република Македонија не бараат ништо повеќе, туку токму тоа што е стандард насекаде во светот за сите работници. Само некоку нешта, кои што треба да се трудите да бидат стандард за работниците во Република Македонија и кон што вие како мандатор и влада треба да се стремите, тоа е дека треба нашите работници во Република Македонија имаат право на редовна исплата на гарантирана плата, бидејќи тие не знаат веќе што е тоа редовна исплата и како изгледа плата.

Понатаму, компензација кога се невработени, право на слободно време бидејќи во моментот имаме работници кои што работат и повеќе од 16 часа, безбедна работна средина, бидејќи секојдневно гледаме како ги затрупуваат работниците во јамите кои што ги копаат. Значи апсолутно, инспекциите не реагираат врз основа на Законот за заштита при работа кој  сеуште е важечки во Република Македонија, наместо да се обезбедат сериозни услови, значи секоја компанија, секој приватник кој што дава задачи на работниците да извршуваат одредена работна задача, треба да бидат обврзани да ги преземат сите мерки од областа на заштита при работа за нормално, ако не друго животот на работниците

во Република Македонија да биде заштитен. Значи многу нешта, да не читам што се имаат работниците во другите земји кон кои што во светот треба да се стремиме и на кои што не потсети кандидатот, за министер за труд и социјална политика, меѓутоа, навистина сериозно треба да се работи на овие прашања, бидејќи тоа е состојба во Република Македонија, значи со работниците што посебно треба да ве загрижува, бидејќи сите нас навистина сериозно не загрижува. Тоа е состојба на која што и Хелсиншкиот комитет на денот 10.декември, денот на човкеовите права, посебно скрена внимание и ја потсети власта дека правото на работа, на социјална сигурност и на соодветен животен стандард се базични човекови права, а не остатоци на социјализмот и не смеат да бидат запоставени, или одложени во име на транзицијата и економските промени, или пак надворешните инвестиции. Бидејќи во Република Македонија во моментот има од 100 до 180 илјади работници кои што работат на црно и најголемиот дел од нив се жени, посебно сакам да свртам внимание што треба да преземе Владата, бидејќи не е доволно само она што беше донесено како законска одредба, со која што, за да се намали работењето на црно, односно да се искорени , овде како парламентарно мнозинство воведовте законски одредби со кои што се казнуваат сите оние работници кои што се принудени за корка леб, за да опстојат нивните семејства да одат да работат на црно, меѓутоа, вие предвидовте казна и за нив. Казните ги стигнуваат нив од страна на инспекторите и за нив тие се навистина, баснословни, меѓутоа, за работодавците не значат ништо, бидејќи тие се тие кои го искористуваат нивниот труд и имавме можност да прочитаме во медиумите дека и за 2000 денари работат жени во конфенциите во Република Македонија. Значи, овие состојби треба многу сериозно да не загриужуваат. Конечно она што не го донесе петходниот министер за труд и социјална политика, тоа е загарантираната плата во Република Македонија, конечно да биде утврдена за да може Законот да профункционира и во оваа област и луѓето да се надеваат барем на загарантирана плата за вложениот труд.

Што реално ќе преземе Владата во однос на намалување на невработеноста, бидејќи во моментот единствениот начин за намалување на невработеноста во државата, излегува дека е бришењето од евиденцијата, повторно како резултат на законските одредби, кои што беа донесени овде од парламентарното мнозинство, со кои што секој оној кој што навреме нема да се пријави, или оној кој што нема да прифати работа, кој што смета дека навистина не е сериозна понуда, сите овие луѓе се бришат од евиденција и на тој начин фиктивно се намалува бројот на

невработени во државата, а нели во наредната година веќе најавувате нови отпуштања од Македонски железници од Македонски телекомуникации, со ослободување од 1000 преку бројни административци, со намера да се укинат 30 државни институции и агенции, како и затворање на многу други фирми. Значи што е тоа што ќе им го понудите на овие луѓе кои што се во зрели години да останат на улица, а што е тоа што ќе го понудите како надеж за младите луѓе во државата, бидејќи многу јасно во вашето експозе кажавте дека им верувате на младите во нивната сила, во нивниот потенцијал, меѓутоа, тие треба да ви поверуваат вам дека можат да се надеват дека оваа Влада има решение за нивниот најголем проблем, а тоа е нивното вработување и да престанат нивните соништа и нивните обиди за иселување надвор од територијата на Република Македонија.

Понатаму, навистина е загрижувачко она што се случува со социјалната помош и морам да свртам внимание на оваа старо нова влада, меѓутоа, веќе имаме и нов министер за труд и социјална политика, кои што сериозно треба да води сметка за сите оние луѓе на кои што им беше укината социјалната помош неосновано, неоправдано, посебно после претседателските избори, како мерка за дисциплинирање и посебно после референдумот и за оние лица кои што сеуште талкаат низ лавиринтите на државната администрација, и инвалидизирани лица кои што навистина, навистина не можат да го пронајдат своето право да добијат социјална помош на кои што во континуитет некоку пати им се намалуваат надоместоците за нега. Значи многу серијозно треба да се размисли како се постапува со овие категории на наши граѓани на кои што навистина, социјалната помош им е единствено средство за егзистенција.

Почитуван мандаторе да не должам многу, постојат уште многу области кои што навистина, заслужуваат внимание да бидат разгледани и да се каже мислењето по нив, затоа што навистина се од интерес на граѓаните на Република Македонија , тука е здравството, тука се проблемите со лековите. Недај боже и наредната годинe децата кој што се болни од неизлечиви болести и нивните семејства повторно да бидат подложени на туртури, какви што беа во изминатиот период, значи има многу нешта на кои што сериозно треба да свртите внимание и да се надеваме дека оваа Влада навистина, многу посериозно и поодговорно шќе пристапи кон проблемите на граѓаните  во наредната година.

Неколку пати до сега имавме почетоци, значи три почетоци во текот на овие две години, имавме три старо-нови влади, експозеа на министри, ветувања,

правење на стратегии, предлагање на стратегии, значи на само неколку месеци се нови стратегии кои овде парламентарното мнозинство ги усвојува, меѓутоа, граѓаните на Република Македонија од сите нив не видоа ништо добро.

Како што ви тргна почитувани дами и господа овие две години, не дај Боже, за доброто на граѓаните на Република Македонија мандатот да ви помине само во нови почетоци и во нови промашени стратегии. Од тоа што до сега го слушнав од мандатарот, од тоа што до сега го прочитав во Програмата, можам да констатирам дека заложбите што ги искажа министерот немаат реална подлога и поддршка ниту во буџетот за 2005 година за да можат да се реализираат, затоа нема основа да поверувам дека добрите желби на мандатарот ќе бидат реални и затоа нема да ви дадам поддршка на оваа старо нова влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

За реплика прв е пријавен господинот Каме Петров.

Повелете три минути.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Госпоѓо Силвана Бонева,

Од ново и кој знае по кој пат поставените прашања на Парламентот ги користите и ги злоупотребувате да извршите силен атак врз Владата, да дискредитирате поединци од извршната власт или од парламентарната, се едно, и да ја прикажете целокупната состојба дека во Македонија била црна, безперспективна, безизлезна за граѓаните на Република Македонија.

Ваквите тонови, мора да признам, имаат една константа во овој Парламент. Дискусиите, наместо да бидат политичка борба со аргументи меѓу пратениците, па и со извршната власт, овде повеќе служат за лична промоција, популизам и тн.

Не можам да ја сфатам леснотијата на искажаните квалификации, да не кажам потежок збор. Ваквата практика мора да ја смениме и затоа ги повикувам оние колеги пратеници кои имаат минимум демократски капацитет, кои од сопствена култура ги игнорираат ваквите појави да не го прават тоа, напротив, да станат, да се спротивстават и да покажат дека во ова Собрание треба да доминира креативноста, аргументите и конструктивноста.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Госпоѓо Бонева барате контра реплика или не?

Повелете една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван господине Петров,

Во моето излагање, доколку слушавте внимателно, посочив и на многу нешта кои во моментот би значеле решение на кои треба да се осврне Владата. Јас не сум виновна што неспособноста на Владата и парламентарното мнозинство кое ја поддржува доведоа до вакви состојби во државата. Зарем не е реалност она што се случува во образованието и укинувањето што ќе уследи на повеќе од 50% од училиштата во Република Македонија. Вие го донесовте тој Закон за основно образование и критериумите врз основа на кои ќе се прави тоа.

Јас дискутирав врз реални основи и она што го зборував произлегува од работењето на овој Парламент и оваа Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Повелете господине Заев имате три минути.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Благодарам претседателе.

Почитувана колешке,

Толку стручно ги покривте сите теми и ресори на Владата што навлеговте толку длабоко во материјата и мене лично ми оставивте впечаток на голем стручњак, да не речам од сите области.

Во делот на економската политика ја критикувавте оправданоста и нелогичноста на политиката на Владата и Народната банка за определбата на фиксен курс на денарот во наредниот период. Очигледно како добар монетарист не се согласувате со тоа, па ве молам директно да ми одговорите дали сте вие лично како експерт за девалвација, за ревалвација, инфлација или дефлација односно дали сте за управувачки, фиксен или флуктуирачки курс на денарот.

Ве молам директно на ова прашање да ми одговорите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Бонева имате една минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитуван колега.

Очигледно воопшто не сте ме слушале тоа што зборував. Јас не сум мандатар на оваа влада која се предлага во Парламентот на Република Македонија, токму тоа прашање јасно го поставив до мандатарот. Дали ќе се залага за фиксен девизен курс или за флуктуирачки девизен курс врз основа на фактот што во Владата имаме нов претставник кој доаѓа од една лоби група која се залага за променлив девизен курс.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бикова имате три минути.

НАТАША БИКОВА:

Благодарам.

По сугестијата на колегата Каме Петров паднав во дилема дали да реплицирам, но сепак ќе опстојам на мојата идеја.

Госпоѓо Бонева, ние еднаш се договоривме во овој парламентарен состав што е тоа елементарна непогода. Сега, бидејќи ја употребивте оваа категорија во друг контекст, морам да ве потсетам, се договоривме дека тоа беше едно златно доба од 1998 до 2002 година, златно доба на слобода и демократија и во име на сите граѓани кои беа очевидци на тоа доба ќе ве потсетам дека тоа беше време на неодговорни политичари, на лицемерие и себичност, на злоба и грабеж, на раскрчмување на државниот имот и сето тоа резултираше со хаос, војна и безперспективност.

Кога рековте до кога МВР ќе чека за соодветна реакција, а мислевте на случувањата во Кондово, морам да ви кажам и пак во името на спокојноста на граѓаните на Република Македонија, ќе дозволам да го цитирам претставникот на МВР на Комисијата за одбрана и безбедност кој кажа: дека времето ќе покаже за професионалните способности на Министерството за внатрешни работи. Состојбата ќе се реши на најдобар можен начин особено онака како што заслужуваат граѓаните на Кондово.

Само ќе ве потсетам дека во сите високо развиени демократски држави било каква, па макар и најминимална закана било од внатре или од надвор делуваат обединувачки и е најголем поттик за взаемна соработка на сите политички елити, доколку таквата закана ја сметаат за заедничка опасност.

Деновиве во нашата држава токму тоа се случува. Таквата политичка соработка заслужува да биде поздравена и најпозитивно оценета. Ќе ве запрашам

вас што да се коментира за вашето однесување, само заплашувачка реторика и ништо друго.

Понатамиу, што се однесува до овој состав на изборот на мандатарот на новата влада ќе ви кажам дека сум убедена дека овој избор ќе манифестира поврзување и здраво ривалство, развој на интеграција и креативна соработка и ја заслужува нашата поддршка.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете госпоѓо Бонева вашата минута.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Очигледно дека репликата на колешката е на погрешна адреса. Треба да се обрати на мандатарот на оваа предложена влада.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор господинот Блаже Стојаноски, а потоа нека се подготви пратеникот Зуди Џелили.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, почитуван мандатар, господа идни министри,

Се обидов да ги споредам експозеата на сите досегашни мандатари на коалиционите влади на СДСМ, ДУИ и ЛДП. Верувајте тие се разликуваат само по фразите. Секој од мандатарите кои имавме прилика да ги слушнеме со нивните експозеа до сега, единствено што прават, употребуваат различни фрази.

Меѓутоа, едно нешто сите експозеа имаат заедничко, а тоа е празнотијата.. Имаат празнина која се задскрива со следните изрази: тешките времиња бараат тешки одлуки.

- време е за нови идеи и нови визии;
- време е да ја препородиме Република Македонија;
- знаеме, можеме и умееме да работиме за доброто на народот и за просперитетот на државата;
- се обврзуваме, ви ветуваме, да имаме верба, треба ова, треба она, ќе мора она, ќе мора ова, се надеваме.

Верувајте, немав доволно време да ги бројам колку пати беа употребени овие изрази во експозеата на сите досегашни мандатари.

Што од овие фрази доби народот во овој изминат период со сите овие влади кои имавме прилика да ги видиме и нив и нивната работа и резултатите од нивната работа?

Какви се резултатите што тие ги постигнаа, а каде е одговорноста за досегашните промашувања?

За тоа не добиваме одговор ниту за одговорноста ниту за резултатите, ниту за она што било преземено затоа што можело и се презело или пак за она што требало да биде преземено, меѓутоа, од кои причини не било тоа преземено.

На граѓаните на Република Македонија  не им е доволно да им се каже Македонија во Европа сега и веднаш. На граѓаните им треба европски стандард, им треба европско живеење. Европската визија е убава работа, меѓутоа, нејзиното остварување бара знаење, бара труд, бара волја. За жал, до сега ниту една од владите на СДСМ и ДУИ не покажа дека ги поседува овие квалитети. Напротив, се зборува за европска визија, а Македонија се повеќе се оддалечува од Европа и во поглед на владеењето на правото и во поглед на постоењето на корупцијата и во поглед на економијата, на правосудството, на безбедноста. Се губи време.

Мандатарот ветува слободно патување на македонските граѓани во европските земји. Но, не кажува што е тоа што Владата на Република Македонија треба да го оствари за да се укине визниот режим, а тоа сакам да го потсетам е следното:

Најпрвин треба да се заменат сегашните со нови безбедни патни исправи.

Укинувањето на визите за Европа значи и претпоставува реализација на реформи кои ќе значат остварување на принципот на владеење на правото. Тоа претпоставува и отпочнување на суштинска борба против организираниот криминал и корупцијата.

За укинување на визниот режим Владата мора да оствари и гранична контрола особено на границата кон Косово.

За да се зборува за сериозна програма на Владата мора да бидат преземени точно дефинирани обврски. Што конкретно Владата треба да направи и во кој временски период тоа ќе го направи. Што, доколку не успее да го оствари ветеното, зборувам за одговорноста, за зборот кој најмалку во сите овие експозеа беше застапен.

Во однос на визите сакам да го потсетам мандатарот дека 300 илјади граѓани на Република Македонија барем еднаш годишно патуваат во земја за која им треба виза. Дека годишно само по тој основ се трошат 7,5 милиони евра за визи. Да не зборувам за изгубеното време, за нереализираните бизниси, за нервозите.

Сигурен сум дека и оваа таканаречена програма или подобро кажано список на ветувања и желби треба да претставува само успешна приказна која треба да и се продаде на Европа и на граѓаните на Република Македонија. Овој список на ветувања во ништо не се разликува од веќе видените ветувања на Бранко и Хари. Сите досегашни влади нови или реконструирани нудеа иста приказна која почнуваше со зборовите: Македонија е во криза, луѓето се сиромашни, економијата тоне. Но, ние ви ветуваме економски прогрес ние ви ветуваме намалување на невработеноста, ние ви ветуваме борба против сиромаштијата. Впрочем, ова беа и основните ветувања на оваа коалиција која сега владее со Република Македонија во предизборниот период од 2002 година.

Истиот начин на однесување продолжува и со ова експозе што го слушнавме од мандатарот Бучковски. Исто така и сегашниот мандатар констатира сиромаштија, констатира невработеност, меѓутоа, во ни еден дел од тоа експозе не се обидува да објасни како тоа неговите ветувања, ветувањето на неговата партија од 2002 година за по еден вработен член од секое семејство, за грижа за земјоделците, за борба против сиромаштијата цели две години не само што воопшто не се исполнети, туку напротив, се случи спротивното. Се случи зголемена сиромаштија, се случи зголемена невработеност. Токму како што вели мандатарот Македонија е во криза. Сега треба повторно да му веруваме. Меѓутоа, сакам овде да ја пренесам пораката на граѓаните, а таа е дека ние не очекуваме Владата да ни ветува нешто, туку очекуваме нешто да направи. Ветувањата ги имаме премногу до сега.

Меѓутоа, за да може да разговараме за ветувањата и за целите кои треба да ги постигне оваа Влада која во добар дел се состои од министри кои беа членови на претходните влади, меѓутоа, исто така има и министри кои ги гледаме сега за прв пат во Владата на Република Македонија треба да видиме што во овие две години се направи и што можеме да очекуваме во наредниот период како континуитет на она што до сега е реализирано.

Да почнеме од крајот. Досегашниот премиер, господинот Хари Костов во неговото проштално обраќање до Владата кажа дека не можел да се справи со непотизмот и корупцијата кај дел од неговите министри. Јас се надевам дека оваа

негова изјава се однесуваше на оние министри кои не се сега предложени затоа што во тој случај би се појавила спротивност помеѓу експозето каде мандатарот гарантира силна борба против корупцијата и непотизмот, а од друга страна не би било пожелно во рамките на кадровскиот состав на оваа нова Влада да бидат истите оние лица за кои зборуваше претходниот премиер.

Тој, исто така, јавно излезе и кажа дека ДУИ ја условува согласноста на законите за приватизација и закуп на градежното земјиште и за Буџетот со вработување на нивни луѓе. Значи, кажа на кој начин функционира Владата на Република Македонија.

Слушнавме обид од страна на мандатарот или желба дека ќе се обиде да го надмине овој начин на функционирање на Владата и дека тој ќе ја носи одговорноста заедно со дефинираната политика која ќе биде дефинирана од страна на целокупната Влада преку донесени одлуки на Владата на Република Македонија. Навистина се сомневам дека тоа ќе биде успешно направено затоа што, имајќи предвид на кој начин функционира коалиционата Влада и какви се рефлексиите на ниво на функционирање на институциите на системот односно на поодделни ресори на територијата на Република Македонија навистина не ми дава за право да верувам дека тоа ќе може да се постигне иако тоа би било добар успех ако се направи на тој начин да функционира Владата на Република Македонија.

Понатаму, министерот во Владата на Хари Костов за економија јавно призна дека Македонија не е правна држава или не барем толку колку што мислеле граѓаните на Република Македонија и затоа понекогаш министрите можат да донесат одлуки кои ќе бидат спротивни на законите на оваа држава. Тоа се сведе само на изјава на сегашниот мандатар дека министерот е добар, меѓутоа, некои изјави не требало да ги дава.

Јас сметам дека единствена мана или грешка е во тоа што јавно го кажа тоа министерот, што сите ние го знаеме, а тоа е дека начелото на владеење на правото во Република Македонија сеуште не е присутно онака како што треба за една функционална држава. Тоа, впрочем, го покажуваат и сите укажувања од разни меѓународни институции и на тој начин постојано добиваме укажување за подобрување и на ефикасноста на институциите на системот, меѓутоа, пред се нивно функционирање врз основа на Уставот и законите во Република Македонија.

Од друга страна, пратениците, истовремено и челници на коалициониот партнер на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија ДУИ држат говори во кои што

се зборува за обединување на сите Албанци во една држава, за тоа дека албанските национални цели се приоритетни пред економските реформи. Навистина, не можам да прифатам коалиционен партнер во Влада што треба да не приближи до Европската унија и да ги постигне оние цели, наведени во експозето на мандатарот, приоритет да бидат национални цели што не значат економски реформи во Република Македонија, економски развој во Република Македонија, зачувување на територијалниот интегритет и суверенитет на државата, брзо и итно решавање на проблемот со границата со Косово, односно негово обезбедување, обезбедување на функционирање на правото и заштита на безбедноста на сите жители на територијата на Република Македонија, независно од нивната национална припадност и на тој начин веќе доаѓаме до она главното, а тоа е странските инвестиции, домашните инвестиции што треба да претставуваат основен двигател на македонската економија во иднина.

Понатаму, министерот за култура одвојува средства од Буџетот за кои што не знае дека се наменети за прослава на денот на знамето на соседна држава. Истовремено се подигаат споменици без закон и без никаква реакција од страна на Владата.

Разоружувањето, со последните случувања се виде, се сведе на медиумска кампања.

Граѓаните на Република Македонија се повеќе и повеќе ја губат довербата во институциите на системот. Реформите во економијата се сведоа на ставање на катанци на загубарите, отпуштање на оние кои работеа таму и кавги во составот на претходната влада за тоа кој ќе стопанисува со гасоводот во Република Македонија.

Раселените лица, и по скоро четири години од конфликтот сеуште се наоѓаат во прифатни центри. Постојано слушаме нивни поплаки за начинот на кој што живеат таму, за условите во кои што живеат. Впрочем и ова Собрание имаше можност да дискутира по тоа прашање и донесе соодветни заклучоци, што сеуште остануваат само заклучоци како и впрочем многу други работи што овде само се гласаат, но само остануваат мртво слово на хартија, затоа што желба, волја да се реализираат овие закони е основната работа за создавање на една позитивна клима во државата и за чувствување сигурност и во институциите на системот и во правосудните органи, меѓутоа и стекнување доверба кај евентуалните инвеститори за вложување во Република Македонија.

Се случува лица кои не се државјани на Република Македонија да протестираат за студирање на македонски државен универзитет, универзитет што се финансира од Буџетот на Република Македонија.

СДС направи една интересна работа во однос на “Бунарџик”, каде што тргна со иссмејување, ако се сеќавате добро со лопати, со панделки, со не знам што таму, а потоа Бунарџик стана главна инвестициона активност во Република Македонија. Иако се повеќе слушаме во последно време дека инвеститорот, Велшката компанија, бара да биде дефиниран статусот на земјиштето, односно да станат сопственици на тоа земјиште иако Договорот што е склучен е за период од 50 години, со можност за негово продолжување од 25 години. Значи, и оваа, така силно најавувана инвестиција во експозето на годината, по повод годината на економски бум што го имаше претходниот премиер господинот Бранко Црвенковски, се сведе само на натамошно преговарање за условите под кои што може да се ефектуира оваа слободна економска зона.

Реформите во јавната администрација се сведоа на вработување на лица со договори на дело, затоа што факт е дека пред странците мора да се покаже дека ние вршиме намалување на бројот на јавната администрација, меѓутоа од друга страна се појавуваат договори за дело и ангажирање на лица кои не влегуваат во тие извештаи и на тој начин не зборуваме воопшто за суштинска реформа во јавната администрација, туку за исполнување на потребите што ги имаат пооделни партии што се дел од коалициoната влада и истовремено се создаваат услови за се помалку ефикасна и се помалку функционална јавна администрација. Се разбира тоа важи и за јавните претпријатија.

По однос на постигнувањата што требаше да бидат утврдени од страна на Републичкиот завод за статистика, навистина, тогашниот директор направи голем проблем со тоа што не ги покажа желбите на тогашната Влада и начинот на кој што се справи Владата со тие негативни податоци, показатели што беа утврдени од страна на Републичкиот завод за статистика, се сведе на менување на неговиот директор.

Долгите административни процедури сеуште се присутни. Бизнис климата е лоша. Впрочем, тоа е утврдено и во тоа сме едногласни.

И, прашањето на капацитетот на Владата што треба допрва да биде покажан во однос на создавање претпоставки за нови инвестиции, треба да биде она што допрва треба да го видиме.

Гаранциите, навистина, Косово е еден значаен проблем што треба да се реши во текот, односно да отпочне процесот за решавање на неговиот статус во текот на наредната година, иако од сите страни слушаме дека е можно Косово да има влијание врз Република Македонија, во експозето со ниту една реченица не добивме уверување од страна на мандатарот дека било какво решение за статусот на Косово нема да има никакво влијание врз Република Македонија, врз нејзинот суверенитет, територијален интетритет, како и воопшто негативни последици по однос на вкупните односи во државата.

Покачувањето на цената на електричната енергија, за кое што е најавено во образложението кон Буџетот за наредната година, исто така сметам дека требаше да биде предмет на опсервација на мандатарот, затоа што, ако ништо друго, требаше да се знае какви импликации покачувањето на цената на струјата, ќе има врз социјалната состојба на граѓаните како и врз економијата воопшто и што тоа ќе значи во однос на покачувањето на цените на другите производи, како и врз влијанието на тоа покачување врз конкурентноста на домашните производи.

Како Владата ќе се справи со високиот трговски дефицит, намалената јавна потрошувака? Како ќе се обезбеди присуство на капитални инвестиции, затоа што сите знаеме на кој начин се оценуваше работењето на претходната Влада по однос на користењето на оние средства што беа наменети за вакви инвестиции.

Министерот за финансии направи некои обиди за да се поедностави оваа работа и да може на еден покординиран и навремен начин да се реализираат средствата што се наменети за вакви капитални инвестиции, меѓутоа факт е дека тоа сеуште, односно во оваа година што изминува не го видовме како некаква позитивна работа. Се надевам дека во наредната година средствата наменети за капитални инвестиции, што треба да бидат многу повисоки отколку што се предвидени, треба да бидат максимално искористени, со цел да се помогне на каков-таков начин на македонската економија, а не само да се потпираме на тоа дека Владата на Република Македонија ќе издаде под концесии изградба на патишта и други стратешки објекти кои треба да се изградат и тоа ќе биде еден од основните промотори, поттикнувачи на помош на македонската економија по однос на ангажирањето на градежната оператива и на севкупното влијание што реализацијата на тие инвестициони потфати треба да го има врз македонската економија.

Отворањето нови работни места беше исто така една  работа што долго време ја слушавме како приоритет на претходните влади. Сега не слушнавме такви можности. Сепак се работи само за создавање клима за инвестиции, односно за инвестирање што потоа би довело до отворање нови работни места. Меѓутоа, гледајќи ги состојбите во економијата на Република Македонија, сметам дека приоритет на оваа влада пред се треба да биде зачувување на постојните работни места, затоа што факт е дека голем број на претпријатија работат на границата на својата рентабилност и во поглед на финансиската моќ, на немањето кредитна поддршка, воопшто на функционирањето на економијата во Република Македонија немаат можност ниту да прават нови инвестициони активности во сопствените фирми, ниту да имаат било каква поддршка, по однос на извозните активности, ниту по однос на наплатата за извезените производи, која што подршка пред се треба да доаѓа од банките, банкарските институции. Меѓутоа, факт е дека во Република Македонија најмалку внимание се посветува на таа работа.

Наплатата на побарувањата е посебна приказна и се надевам дека со реформите во правосудството ќе се подобри оваа ситуација, затоа што факт е дека неажурноста и немањето доволно можности кај судовите да се справат со ненаплатените побарувања од страна на економските субјекти во Република Македонија треба да значи давање на едно посебно внимание на менување на досегашниот начин на извршување и наплата на побарувањата, со тоа што тоа би била една брза, итна работа што нема да предизвика штета по економските субјекти. Се разбира тоа не важи само за активноста на судовите,тоа важи пред се и за обврските што ги има Владата на Република Македонија и по однос на враќањето на ДДВ меѓутоа и по однос на исплаќањето на обврските на оние фирми што имаат извршено најразлични услуги или имаат дадено стоки на Владата односно на буџетските корисници на Република Македонија а истовремено  се соочуваат со тешка наплата на нивните побарувања по овој основ.

Факт е дека бројката на невработени ја надмина бројката од 400.000 и тоа претставува една многу лоша ситуација за Република Македонија, затоа што тоа, според економските стручњаци претставува некој плафон што може да го доведе во прашање нормалното функционирање воопшто или балансот на економските параметри во државата.

Во однос на безбедноста, не сакам многу да должам се надевамм дека други мои колеги ќе посветат поголемо внимание на ова прашање, меѓутоа, можам да

кажам дека во Република Македонија, со оглед на фактот дека се случуваат голем број на убиства, веќе е загрижувачки степенот на самоубиства што се случуваат, што говори за апатијата во која што се наоѓаат граѓаните на Република Македонија е во една безнадежност, каде што не гледаат друг излез за сопствена егзистенција и за егзистенција на своето семејство, освен посегањето можеби по својот живот, меѓутоа пред се напуштањето на Република Македонија и барањето можности за работа надвор од Република Македонија што претставува една трагична последица на состојбата во која што денеска се наоѓа и државата, меѓутоа пред се граѓаните кои живеат во државата.

Факт е дека еднаквоста пред законите ја немаме, меѓутоа граѓаните стануваат се поеднакви во сиромаштијата. Факт е и дека неадекватната распределба на сопственоста на економските субјекти во Република Македонија, на фирмите, ако се сеќавам добро, пред некој период имав можност да прочитам дека околу 140 лица се сопственици на над 50% од вкупниот акционерски капитал во Република Македонија, навистина претставува една загрижувачка состојба затоа што на тој начин не можеме да покажеме дека во Македонија вистински е заживеано функционирањето на новиот Закон за трговски друштва и воопшто почитувањето на потребите што ги има економијата за правилна распределба на сопственоста на капиталот.

Не сакам да должам. Сакам само да кажам дека многу ми е жал за земјоделието, она што го кажа мандатарот, дека во наредната година ќе се одвојат 100 милиони денари, тоа го кажа како многу позитивна работа. Добро е што се посветува внимание, колку-толку, меѓутоа факт е дека тие средства се апсолутно недоволни за да може да се обезбеди нормално функционирање на земјоделците, откуп на нивните производи, поддршка во однос на семенски материјал, во однос на вештачко ѓубриво, во однос на машини за обработка на земјиштето и на тој начин факт е дека постои недостиг на субвенции, факт е дека тутунопроизводителите сеуште немаат почнато да го предаваат својот тутун, факт е дека се потпишуваат, се даваат проводници за предавање на тутун, каде што стои дека првиот ден после почнувањето на откупот, седмиот ден после отпочнувањето на откупот ќе се изврши преземање на нивниот тутун, што значи дека апсолутно не можат ниту да планираат за наредната година, ниту пак да се надеваат дека ќе гиповратат оние средства што ги имаат вложено за производство на тутун и воопшто за други земјоделски производи, како што се случуваше по однос на зелките, по однос на лубениците, на други работи, житото исто, што претставуваше еден многу значаен дел, каде се

случуваше во Република Македонија да се увезува жито, а истовремено да имаме исклучително, фактички никакви субвенции или поддршка од страна на државата на оние кои се занимаваат со производство на оние земјоделски производи.

Не слушнавме во експозето ниту што стана со оние социјално загрозени семејства кои добија ниви и на тој начин се реши нивниот социјален статус. Да видиме дали на тој начин е тоа една успешна реформа што треба да продолжи и во текот на мандатот на оваа влада.

Не слушнавме што се случи со економскиот бум што значеше огромни инвестиции, што значеше нова ситуација, што во Република Македонија треба да донесе над 200 милиони долари и воопшто, не слушнавме на кој начин се гледа излезот од оваа ситуација во Република Македонија и дали постојат, Владата дава некакви гаранции дека на кој начин ќе може да се ангажираат сите потенцијали во Република Македонија за излез од оваа тешка состојба во која што таа се наоѓа, затоа што навистина сметам дека Република Македонија е премногу мала држава за да може Владата да се потпира само на партиски кадри, партиски проверени лица, а истовремено да ги трга на страна или да не ги ангажира сите оние квалитетни и стручни кадри кои со својата младост, со својата енергичност, некои и со своето искуство можат максимално да придонесат од различни аспекти да се помогне во излезот на Република Македонија од оваа ситуација во која што се наоѓа таа.

На крајот, сакам да се запрашаме сите, после сето ова што го слушнавме, после она што го слушнавме од страна на мандатарот, после она што го прочитавме во програмата за работа на идната Влада на Република Македонија што мислите;

Мислите ли дека ќе се засилат реформите во Република Македонија, оние реформи што до сега биле отпочнати, што биле во текот на функционирање на досегашните влади во овие две години?

Мислите ли дека економијата ќе почне да оживува? Зарем невработеноста нема да почне да опаѓа после ваквите ветување на новата Влада?

Мислите ли дека странските и домашните инвеститори би ја заобиколиле Македонија кога таа претставува така убава дестинација, сигурна дестинација каде што може да се остварува профит, каде што има ефтина работна сила, каде што постои функционален судски систем, каде што имаме владеење на правото, каде што фирма може да се формира за три дена а не за 48, како што е сега, мислите ли дека тоа ќе се случи во наредниот период?

Мислите ли дека партиската припадност ќе биде заменета со стручност и знаење?

Мислите ли дека законите после изглавувањето на оваа Влада ќе почнат да се применуваат за сите подеднакво. Мислите ли дека извршната власт нема да има влијание врз останатите власти?

Зарем не сметате дека животниот стандард е многу извесно дека ќе почне да се покачува, да се зголемува?

Навистина, ветувањата се убави, од убаво поубаво, меѓутоа тоа останува така се до новата Влада, или пак до некое ново Кондово.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-динот Зуди Џелили, а потоа нека се подготви г-динот Спиро Мавровски.

ЗУДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Денес пред нас имаме Програма на новиот мандатор, неговото експозе. Како и досега голем број пратеници ја критикуваа Програмата, критикуваа ветувањата,некои ја подржаа оваа Програма. Од една страна имаме ветување, од друга страна имаме сомнеж дека се ќе оди како што треба. Јас сум на мислење дека повторно Програмата на оваа идна Влада повеќе се заснива на празни фрази отколку на аргументи и конкретни факти отколку во надеж дека дефинитивно ќе имаме подобра ситуација во државата. Ќе почнам од почеток.

Уште од стартот на Програмата за работа на идната Влада мандатарот промовира целосно реализирање на Охридскиот договор. Значи и сега како и минатите влади првата точка за која се обидува да покаже убаво работење е со цел да се стават постоечки основи за развој на Македонија. Истовремено да се овозможи интеграција во НАТО и во Европската Унија. Мислам дека оваа фраза се развива во истите контури на балансот, посебно кога се има во предвид фактот дека ова е гарантирана работа и со уставните измении со тоа што еден дел од тоа веќе е регулиран со закони. Имено, било гарантирано од меѓународната заедница, меѓутоа, сега за жал, денес можеме да констатираме дека сето ова останува само на хартија. Едно вакво нешто почнува да ги загрижува релевантните фактори во државата, граѓаните на Македонија, меѓутоа со посебен нагласок почнува да го загрижува и меѓународниот фактор со што истите иницираат средба во Охрид за да

се нагласи уште еднаш заостанувањето на имплементирањето на Охридскиот договор.

Кому му одговара нереализирањето на овој Договор? Кому му одговараат кризите кои што ги произведува, кои што ги произвела досега оваа Влада и која е целта што сака да ја постигне оваа Влада? Јас имам одговор и тоа е.

И овој состав, всушност стар состав на Владата сака да добие на време, правејки постојано обиди да се избегнат обврските што се преземени во Охрид за албанското прашање да остане залог на дискриминаторските политики, политики на статус квото наметнати од оваа Влада. Јас сум длабоко убеден дека ќе се покаете порано или покасно, затоа што ова ќе ви се врати како бумеранг, затоа што стрелките на часовникот се движат таму каде што се наметнува самиот политички проблем. Независно од недостатокот на добрата волја на оваа Влада минатото не може да се врати назад така како што сакате вие почитувани членови на Владата.

Ова е процес и сите тие што го опструираат овој процес ќе излезат надвор од тој процес. Македонија може да биде дел од овој процес само подржуваки ги реформите и демократијата во државата. За жал експозеата засновани врз празни фрази не придонесуваат кон одењето напред на овој процес. Затоа треба да им се остави простор на оние кои што ги имаат алтернативите, на оние кои што знаат како да излезат од овој безизлезен пат и на оние кои што се подготвени да се носат со реформите, кои што се подготвени да се носат со кризата која што ја има опфатено државата.

Мислењето дека Охридскиот договор е изнаоѓање на најдобрата формулација за реализирање на правата на албанците не одговара на фактичката реалност, меѓутоа овој Договор е изразување на еден компромис кој ја спречи меѓуетничката војна во Македонија отварајки му пат на мирот. Значи албанците свесно го подржаа овој Договор иако ова не беше Договор кој што од долгорочен аспект гарантираше за албанците некоја подобра позиција. Затоа наместо овој Договор да се реализира се случува спротивното.

Многу закони кои што се предложени од страна на оваа Влада и кои што се усвоени, донесени од парламентарното мнозинство, од партиите во владината коалиција се во спротивност со Уставот на Република Македонија.

Се донесуваат закони каде што албанскиот јазик се разместува на индивидуално употребување и факултативно употребување. Доволно е да го спомнам случајот на усвојувањето на Законот за патните исправи. Оттука

произлегува и констатацијата зошто уште не е донесен законот за употребата на албанскиот јазик, или за употребата на јазиците. Овој закон се одолговлекува за да се избегне и да се заобиколи уставното право за употреба на албанскиот јазик, амандман  В кој го замени амандманот ВИИ од Уставот на Република Македонија, кој што е маргинализиран.

Друг закон кој што не е во согласност со тоа што сме се договориле за да има толерантност, соживот и разбирање, економски развој и интегрирање и т.н. е Законот за посебните права на македнските безбедносни сили или нивните семејства. Категорија на луѓе кои што беа опфатени во конфликтот 2001 година. Нивното прашање се реши на законски начин, се реши на начин што за оваа категорија на луѓе државата се грижи, води сметка, додека другата страна опфатена во конфликтот од кризните зони, жртвите од овие кризни зони, значи албанската страна воопшто не беше опфатена во овој закон и нивната судбина и до ден денес не е решена. Додека едната страна ги користи добрата од државата другата страна чека некој да и пружи рака и да и помогне за да преживеат во ова време и во оваа тешка економска состојба.

Друг закон се измените и дополнувањата во Законот за високо образование кој што овозможи основање на новиот Универзитет во Тетово. Иако некои сакаат да кажат легализирање на Тетовскиот универзитет, ние добро знаеме дека на Универзитетот во Тетово 10 години со ред функционирале над 10 факултети и поголем број на студенти од тие кои денес го решија нивниот проблем. Ги имаме поновите ситуаци на терен, има најави за протести, има најава за подршка од нивните колеги од Универзитетот Југоисточна Европа, од родителите и од граѓаните. Значи, ние им дадовме на знаење дека решението е парцијално и проблемот ќе остане на место.

Пакетот закони за децентрализација каде албанците се маргинализираа. За ова се зборуваше многу и последиците ги видовте сите вие. Рековме дека не е добро да се донесуваат закони кои што се поодност на интересот на сите граѓани на Република Македонија само од страна на позицијата со цинизам, меѓутоа вие ги употребивте прстите, ги донесовте овие закони и потоа последиците ги имавте и сеуште ги имате од причина што не ја почитувавте и волјата на граѓаните, на градоначалниците кои што функционирале до сега, на советите на општините и на сите оние кои што ги исполниле сите критериуми за да постојат и понатаму.

Законот за буџетот за годината која што брзо ќе ја оставиме по нас и Предлог буџетот за идната година кои што се одраз на една буџетска дискриминација оставајки ги без никакви финансии албанските финансиски проекти. Иако се говореше многу општините ќе имаат многу надлежности, ќе имаат многу повеќе средства од Буџетот за 2005 година се  предвидуваат само 1,6% од средствата кои што ќе се соберат во Буџетот на Република Македонија овој пат да им се вратат на општините во согласност со новиот закон за локална самоуправа.

Во недостаток на смелост за да се соочиме со денешната реалност и оваа Влада ќе ни стане  дел од континуитетот на одолговлеквуање, како и претходните влади на истата владина коалиција. Уште еднаш се соочуваме со истиот жаргон на ветувања дека ќе се преземат мерки, дека ќе има ангажмани и дека ќе се обезбедат нормативни услови за недискриминирање и соодветно опфаќање на албанците во државните органи.

Меѓутоа, доколку ја гледаме реалноста во очи во овие две години правичното и соодветното застапување на албанците е приближено за 0,33%, навистина секаков коментар би бил одвишен.

Имаше и оставки од страна на некои функционери кои најавија дека се само фигури на некои раководни места и дека ни одблизу не се почитува правичното соодветно застапување на албанците. Доколку одиме со овој процент од 0,33% секои две години тогаш ќе ни требаат 50 години за да  постигнеме ние 25% на републичко ниво.

Од Програмата се ветува дека ќе се оди на хармонизација на законите на државата со оние на Европската унија. Според оваа Програма ова било наводно патот на интеграцијата на земјата. Доколку ги препрочитаме уште еднаш овие закони кои се усвоени од досегашната коалиција ќе видиме дека во прв ред тие се во колизија со Уставот на Република Македонија со што се затвара секаква надеж за интеграција. Мандатарот во овој случај требало да ги избегне празните ветувања и еуфоричниот романтизам собран во неколку реченици. Наместо тоа требало јасно да ги покаже маните на владеењето во континуитет. Додека ова не се случи нема да се случи ни интеграција.

Разните меѓународни анкети во однос на судството во Македонија се најголема мана. Тоа што се случува во судовите не е воопшто цел на идниот премиер, затоа што воопшто со ниту еден збор не ја спомнува оваа област. Мандатарот заборава дека досега имало отпуштање на луѓе професионалци заради

партиската етикета, имало разрешување на судии кои биле барем до некаде правени од сите граѓани, а во меѓувреме имаме унапредување на судии кои длабоко се навлезени во дневно-политичката шема помагајки ги и монтираните судски процеси. Дека судството во Македонија и судовите се во криза, тоа е јасно. Овие денови слушнав на телевизија како една меѓународна компанија што дошла да инвестира во Македонија учествувала во купопродажбата на едно претпријатие и дека кога требало да се обрати на судовите за да го гарантираат своето право судот му побарал голема сума на пари и како резултат на тоа таа словенечка компанија си заминува од Македонија, затоа што има корумпирано судство.

Неажурноста и нормативните мани се толку големи што за нив може да се говори цели недели. Ме чуди фактот како ова прашање кое што е толку големо не му остава впечаток на идниот премиер, учеството на Македонија во антитерористичката коалиција е еден елемент кој што е несомнено дел од најкорумпираниот слој на оваа коалиција. Албанците одамна се уверија во оваа авантуристичка коалиција, за која има многу докази и сигурно дека на едногласен начин сите албански политички партии ја подржуваат борбата на оваа терористичка светска коалиција.

Кога се говори за тешката социо-економска ситуација на мислење сум дека Македонија се наоѓа во најтешкиот период од нејзиното постоење. Мислам дека високите проценти на невработеност на граѓани кои се на работ на егзистенцијата, големите шифри на загрозени семејства се посебно прашање.

Од разните анализи и истражувања кои биле направени од меѓународните организации, родителите во Македонија, односно издржувачите на едно семејство само два дена во текот на една недела се сигурни дека можат да обезбедат храна за сопствените деца, додека петте останати денвои што ќе даде Господ.

Во Македонија 22,6% од населението живее во сиромаштија. Тоа се податоци дадени од Уницеф. Со други зборови ова значи дека 22, 6% од сите деца во земјата живеат во многу тешка состојба.

Што се однесува до корупцијата Македонија останува и понатаму како многу атрактивна земја за овој феномен. За да се увериме сите ние дека се води голема битка против оваа појава, тоа беше доказ и покажа храброст претходниот премиер. Тој покажа дека таа појава е толку присутна во Владата што тој не беше способен да се бори против неа.

Падот на производството, недостатокот на инвестиции од надвор, недостатокот на безбедност во државата уште еднаш придонесува кон тоа

претпријатијата во државата наместо да продолжат да се развиваат и да го зголемуваат бројот на своите вработени и натаму да се соочуваат со разни кризи, со небезбедност на нивните производи и т.н.

Значи накратко. Јас и сите колеги од опозицијата навистина имаме многу причини да се сомневаме во ветувањата кои што ги кажа мандатарот и затоа ќе остане на времето да покаже дека ние сме биле во право. Фактите не се такви какви што вие сакате да ги покажете. Ние би сакале навистина во земјата ситуацијата да биде таква каква што ја кажувате вие, меѓутоа јас сум на мислење дека ситуацијата во државата е алармантна.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Зуди Џелили и еден мал коментар.

Бидејки сум математичар по професија, вие рековте дека стапката на вработување е 0,33% годишно и дека за тоа ви треба 50 години за да постигнете 25%. Ако се вратите назад колку посто сега има и ако е со 0,33% и 25% во тој период испаѓа дека сега од заедниците има 12% во органите. За две години 12% е навистина голема стапка на вработување.

(Реакција на пратеникот од место).

Така рековте, 0,33% годишно, ни требаат 50 години да постигнеме 25%. Вратете се назад, од колку треба да почнеме за да постигнеме 25% за 50 години, а 12% сега имаме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам г-дине претседателе, почитуван мандаторе.

Во вашата Програма под број 1 и тоа како врвен приоритет ставате целосно и доследно спроведување на обврските кои произлегуваат од Охридкиот Рамковен договор, со цел да се содадат трајни основи за континуиран демократски и просперитетен развој. За истото ја нудите Владата, за која говорите дека претставува континуитет на претходните две, а за некои од вас и за претходните три влади наназад. Симптоматично е тоа што ова го ставате како врвен приоритет, а токму тоа, претпоставувам дека е причината за оставката на претходниот премиер, во чија оставка можеме да го забележиме следново:

“Сметам дека еден од коалиционите партнери во власта и покрај поинаквите декларативни заложби својата улога и место во Владата ја разбира единствено како инструмент за делумно спроведување на политичките процеси од Охридскиот Рамковен договор, залагајќи се за ургентно спроведување на процесот на соодветна и правична застапеност само на една од заедниците, во администрацијата, ги промовира националните и тесно партиските интереси, вклучувајќи фи и непотизмот со истовремено коруптивно однесување, без никаква практична желба и мерки во борбата против корупцијата.”

И сето ова , после овој негов коментар за она што се обврските од Охридскиот Рамковен договор за кој вие кажувате како приоритет, стои дека надвор од обврските од Охридскиот договор се легализираше Тетовскиот Универзитет, се измени законската регулатива за државјанствата и тоа реално предизвика значителен пад на рејтингот на владината коалиција. Тоа се зборови на вашиот претходник, каде што министер во оваа Влада бевте и вие. Можеби тоа се причините што вие под приоритет број еден го ставате Охридскиот Рамковен договор. Можеби затоа е поважно, во моментот како што говорите, Кондово од Република Македонија, затоа можеби утре ќе биде поважно Липково, па Вејце и некое друго населено место поради што вие како Влада, а и ние како граѓани на Република Македонија ќе бидеме подалеку од ЕУ и од НАТО-структурите. Затоа предупредувањето од претходниот премиер за работата на Владата, мислев дека мандаторот ќе го свати многу сериозно. Сериозноста е во тоа што г-динот претходен премиер кој, исто така при неговата кандидатура кажа: “Во изминатиот период Владата е блокирана дури за определени економски реформи кои поминале неколку фази од собраниската процедура и за кои веќе се преземени обврски за извршување на аранжманите со меѓународните финансиски институции кои не навлегуваат во меѓуетничките односи и за кои , според Уставот, не се предвидува одлучување во 2/3 мнозинство”.

Станува пракса, принципот на условувања и замена на експертското и стручно знаење со некакво си политичко договарање и политичко пазарење. Со тоа се стеснуваат можностите за ефикасон работење на Владата и за носење на квалитетни законски решенија од системски карактер, за кои расправа и одлучува Собранието на Република Македонија. Тоа ги успорува процесите на хармонизација на македонското со европското законодавство, што ќе има сериозни последици во поглед на евроатланските аспирации на Република Македонија.

Република Македонија може да има на располагање се, само нема време за губење во наводните политички договарања и неефикасност во спроведувањето на посебните структурни реформи. Тоа е она што се кажува во однос на приоритетот број 1.

Гледајќи зошто претходниот премиер дава оставка, гледајќи како вие ја формиравте вашата Влада, едноставно се сомневам дека ќе може нешто да биде и од ова. Но, во секој случај коментарот ќе го оставам за крај.

И покрај се тоа што беше кажано, мандатарот е донесен во ситуација да прави влада, или повторно да му прават влада со тие, што не се бираат министрите, туку нив ги назначуваат политичките партии и тука станува она што значи недоразбирање и со овој мандатор.

Лошата глума која ја видовме во врска со министерот Буџаку, прво сакал, па давал, па не давал оставка, па понуденото амбасадорско место и се по ред, изгледа како еден многу лошо режиран вестерн филм во кој се , се знае на почетокот, но истото како што се случувало после 2002 година, со многу лоша завршница каде лошите момци ги поведуваат маршалите, или како што би рекле ние шерифите кои сега се во притвор, а се во притвор затоа што ја бранеа својата татковина, а лошите момци денеска ги бираме на предлог на мандаторот, а министри, амабасадори, или преговараме затоа што се многу страшни со своето оружје во Градот Скопје, претпоставувам  сеуште во унитарна Република Македонија.

Дел од министрите или замениците беа дел од командантите на ОНА, а сега се дел од оној политички притисок кој го има пстојано оваа Влада односно коалицијата.

Вашето основон мото уште во 2002 година беше дека, за разлика од претходната Влада каде што ВМРО и ДПА имале сфери на влијание, а вие сега ќе направите институции на власт низ целата држава, што апсолутно не е вистина и вие сега имате проблеми, како институција и како партија, да одите дури и во Скопје, затоа што успеавте, со Законот за територијална поделба Сарај и Кондово да бидат дел од главниот град. Значи зборовите дека ниту СДСМ ќе го контролира Делчево, а ДУИ Тетово, или беше обратно, или пак 1/3 од територијата воопшто не ја контролирате, а сега можеби и повеќе, а кажувате дека сега се живее по мирно и се е побезбедно, одколку пред три години.

Ова што во моментот се случува, напади на полициски патроли кои некогаш не се ни на интервенција и тоа во сред бел ден, во центарот на Скопје, нивно

разоружување во полициски станици. Во составот на МВР, заради мир во куќата беа вклучени и селски полиции кои се докажаа со нападите врз полициската станициа, тепањето на новинарите, последното тепање на фудбалерите во Арачиново и сите тие сега ги претставува МВР. Пријавување на оние за кои беше распишана потерница, самите се пријавуваа по полициски станици, по затвори, после тоа нивно ослободување поради болест и поради психолошки проблеми, или пак ослободувачки пресуди и нивно слободно шетање низ Републиката, или пак по сите кафеани и биртии, и пак правење на истите проблеми за кои беа осудени.

До каде е стигнато со испитувањата и истрагите за киднапираните лица? Што е со убиството и рекетирањето на куќата на Ванчо Јосифовски во Тетово. Дали МВР нема касети или фотографии за евентуално пронаоѓање на виновниците. Што се случува со повикувањето на граѓаните на информативен разговор, без било каде сето тоа да биде евиднетирано и сите разговори да се водат само за едно, политичките активности на ВМРО и нивното организирање. Г-дата беа повикувани за да им се каже што може да им се случи доколку излезат да протестираат на улиците, но од друга страна министрите заедно со полицијата и војската за да влезат во одредени населени или ненаселени места, со денови преговараа со селските старешини, дали истите ќе обезбедат слободен премин низ одредена територија.

Што се случува и дали имате решение за подигање на споменикот за бранителите кои го дадоа својот живот за одбрана на уставниот поредок на Република Македонија, а од друга страна се подигаат споменици на команданти на ОНА, или споменици на движењето Баликомрат, за кое фашистичко движење и денес во ЕУ се судат луѓе кои имаат и по 89 години, токму заради нивна припадност во такви единици.

Друга ваша битна заложба е реформата на судството. Но поставуваме многу прашања во врска со изборот на судии, обвинители, за кои вие многу елегантно, од 20 судии, без никакво образложение, гласате против 6, или од 146 обвинители гласате против 12, на предлог на Републичкиот судски совет. И вие за ова говорите дека е политички независен избор на судии и обвинители и сега ќе правиме реформи и ако има некои кои"не се наши" , ќе ги пензионираме, или ќе ги смениме, а јас мислам дека сето тоа е и премногу политички.

По однос на територијалната организација, кажувате дека со ова правите лда се создадат етнички разновидни, финансиски посилни и политички појаки општини. Тоа, етнички разновидни, не знам како израз како е вметнат во сето ова кажување и

дали треба се да направиме етнички да бидат поразновидни за да бидат финансиски побогати. Во секој случај вие можеби подобро знаете и ќе објасните.

Направивте се г-дине мандаторе, референдумот да не успее, ветувајќи мир и благосостојба , ако тоа се случи. Но, за жал, референдумот не успеа, а за уште поголема жалост сега приоритет ни е Кондово. Значи од мирот ништо, а за благосостојба не станува ни збор, затоа што цел народ го правите заложник на оваа ваша политика, на овие ваши преговори, така што сите чекаме и ќе бидеме среќни, на едни успешни, нови преговори, со кои Скопје нема да биде бомбардирано, дека жртви нема да има, а за возврат, можеби тие незадоволни момчиња ќе бидат сега полицајци, или цариници, или моежеби ќе им ги поправат оценките па сега нема да бидат толку незадоволни како што биле порано.

Во вашата борба против референдумот беше вклучено признавањето и прославувањето на името на Република Македонија . За жал, или за радост можеби, сеуште не се знае кој ја плати цената за тоа прославување,сеуште нема таква информација и најавата за лавина од признавања од други држави. Ако не се лажам еве веќе поминаа веќе 40 дена од тогаш, а на таа лавина од признавања се приклучија дури пет држави , не знам дали ќе ви значат нешто, мене не ми значат многу, но во секој случај тоа се: Науру, Буртинафасо, Бенин, Микронезија и Зеленортските острови. Колку Македонија доби со ова владино признавање и овие пет држави што сега не признаа, можеби ќе ми одговорите вие пдобро и каква е таа агресија на нашата надворешна политика и дипломатија, во однос на името. Но, од друга страна се очекуваше и имаше најави дека ЕУ ќе биде дел од тие признавања, но реакциите се сведуваат во негативна конотација, за преговорите.

Точката 6 од Програмата кажувате дека Република Македонија е лидер во регионалната соработка. Но ме загрижува нешто друго. Ние бевме меѓу првите кои беа вклучени во Пактот за стабилност во 2001 година , но за разлика од нас другите соседи се веќе, кои во ЕУ, кои придружни членки и многу брзо ќе бидат и редовни. Дури и оние од Јадранската повелба веќе ќе бидат во ЕУ , а ние останување како голем прашалник. Еве и последното предупредување што го добивме пред некој ден , во НАТО не значи ако вие како министер за одбрана и она што ќе го продолжи идниот министер за одбрана, ги направи сите реформи, се додека не се направат сите економски анализи и Македонија економски не зајакне, апсолутно сме далеку од структурите на НАТО. Тоа на вас ви е многу појасно одколку на било кој друг.

Значи со она што значи економија и стопанство во овој моент во Македонија, апсолутно немаме никакви шанси.

Не можеме да бидеме лидер за соработка на југоисточна Еврпка кога и самите на могу пратенички прашања поставени тука, до Владата, добиваме одговори дека Македонската Влада аплицирала во Грција за доделување на некој кредит кој се однесува на Македонија. Такво лидерство каде вие аплицирате во друга држава преку која треба да земете одредени кредити или средства, апсолутно за мене не значи лидерство. Тоа значи молење. Но, во секој случај секој ги толкува работите како што му се добри во одреден момент. Дај боже јас да грешам.

Цело време говориме за Република Македонија и нашите ситуации каде САД се тој фактор што ќе не донесат многу брзо до НАТО и ЕУ. Не знам Америка како може тоа да го направи. Но, од друга страна се појавува една ситуација за која говорите во точка 8 од вашата програма дека вашите и наши активности по однос на Руската федерација се во моментот развиени и политички и економски и тоа е начинот на кој понатаму Република Македонија ќе ги изградува односите. Сега овие две работи не можам да ги поврзам една со друга, каде и како ќе се движиме. Но во секој случај Република Македонија е толку мала што некој поголем фактор и за едните и за другите, сигурно дека не претставува. Затоа нашата заложба да кажуваме дека сме некој фактор, дека учествуваме во некои коалиции и незнам какви определби, многу често ни се кршат од главата со тоа што не нема ни во основните информации, во однос на она што ние го правиме надвор од државата, за жал.

Во точка 9 кажувате, борба против организираниот криминал и корупцијата кои почнуваат и претставуваат главни пречки за постигнување на демократска стабилност, владеење на правото и за економскиот развој.

Денес слушнав многу напади од колегите пратеници од позицијата во однос на оваа корупција, во однос на она што се случувало некогаш. Но, жално е што сега во ова време и овој ваш предлог за Влада, добиваме оценка од Пактот за стабилност, за овие активности, за организираниот криминал и корупцијата дека се меѓу 0 и 1, а оценките кои треба да ги додели се меѓу 1 и 3. Сега г-да не би сакал јас да зборувам како опозиција од кој вие ќе треба да донесете заклучоци. Заклучоците се страшни за цела Македонија. Тоа е предуслов, тоа Што ние го кажуваме дека сме блиску во структурите на ЕУ, сме блиску до НАТО -Пактот и останатото, апсолутно паѓаат во вода. Значи за сето ова потврдува и самиот претходен премиер од кого,

уште како министер за внатрешни работи, побаравме да си поднесе оставка. Тоа не го направи. Но, во секој случај , сега во овој момент неговото бекство од премиерската фотеља сигурно не значи храброст или чекор кој треба да го цениме понатаму.

По однос на економскиот развој јас можам само да ја поздравам одлуката за предлогот г-динот Минчо Јорданов да биде еден од министрите кои ќе помага во економијата. Мислам дека неговото искуство може да биде од корист за Владата и за сите субјекти во стопанството.

Во оваа Програма под точка 11 кажувате нешто за преструктуирање и стратегија за текстилната индустрија во Република Македонија. Мислам дека тоа требаше да го објасните малку подобро затоа што, колку што знам јас текстилната индустрија скоро цела е приватизирана, така што оваа стратефгија едноставно може да биде направена само во однос на една ситуација, а таа ситуација е она што вие можете како Влада, со законски проекти, да обезбедите подобро функционирање во однос на извозот и во однос на она што значи работа. Инаку, во однос на преструктуирање како економија, мислам дека многу тешко моежете тоа да го направите.

Понатаму, имаме нешто друго што секоја Влада, после 15 септември се кажува дека интензивно ќе се работи за ублажување и решавање на проблемот на вработувањето. Јас пред мене го имам експозето на тогашниот премиер кој кажа, не знаеме што е она што значи најголем проблем во Република Македонија, дали е тоа огромната сиромаштија, дали е тоа бедата, невработеноста. Значи 500 илјади луѓе живеат под прагот на сиромаштијата и 374 илјади се невработени. Дури и да не веруваме во статистиката, доволно е да погледнеме што е наше секојдневие, штрајкови по претпријатијата, протести на улиците, блокади на патиштата. Сега, за жал, бројот на сиромашните е повеќе од 600 илјади, а бројот на невработените е некаде околу 400 илјади. Јас,г-да, ова е 15 септември кога народот ја зеде власта во свои раце и тој народ сигурно се избрка од работа самиот себе си и стигна во ситуација, сега во овој момент, вие понатаму да му обезбедите вработување и тоа многу брзо, со тоа што кажувате дека ќе се отворат бизниси, што значи дека ќе имаме инвестиции и потикнување на се она што значи странски и домашни инвестиции. Но сето тоа апсолутно не соодвествува со она што го гледаме. Зошто? Затоа што она што се прави во моментот, сите овие странски инвестиции, проверки,

контроли и незнам уште што само за нешто да се даде, колку да се даде, на оној на кој треба да му се даде.

Затоа корупцијата е толку голема и затоа се тие најави, но во секој случај судството ќе го направи своето и ќе ја најде сета оваа ситуација.

Од друга страна, говорите за енергетиката, кажувате за интензивирање на активности и говорите повторно за градбата на комбинирана гасна електрана во Скопје. Мислам дека од првиот момент до денес апсолутно ништо не е направено за ова и можеби 2006 година во Програмата на СДСМ повторно ќе биде оваа гасна електрана и повторно ништо нема да се направи, за жал, и покрај тоа што имаше можности уште 2002 година ова да биде направено. Но останува така како што е, како што вие мислите и на хартија сето ова е многу добро.

Во вашиот говор кажувате дека денес многу наши граѓани се без работа и немаат услови за достоинствен живот, денес илјадници семејства имаат ниски приходи, денес мака мачат да обезбедат елементарна егзистенција и сега кажувате дека ова се тешки времиња и бараат тешки одлуки - истите зборови на господинот Бранко Црвенковски. Можеби така треба да биде или народот треба да ги слуша овие зборови. Но кажувате дека сега е моментот ние да се обединиме и сите заедно да направиме нешто повеќе. Сега се прашувам што ви пречеше до сега во овие две и пол години да не биде тој момент и да не го направиме тоа. Апсолутно кажувате “знаеме”, “можеме”, “умееме”. како тогаш денес се случува сето ова што го кажуваме. Значи ако сте знаеле, ако сте можеле, ќе сте го направеле. Одите во ситуација повторно знаеме и можеме, само тешко ни оди или не можеме. Останува на вас да се одлучите зошто се случува сето ова денес, зошто има повеќе и повеќе невработени и зошто е сето ова што вие ни го кажувате.

Кажувате, дојде времето и покрај сите проблеми, и покрај неуспесите и разочарувањето, ние имаме можности, имаме сили и знаење, имаме волја да работиме и подобро и поефикасно за да можеме да го оствариме и она што навидум изгледа невозможно. Дали ова го мислат оние што ги избркавте од Електростопанство на Македонија, од јавните претпријатија, од Самоков, луѓето на кои им останаа јаболката дома, во Бучим кромидот, оние што не ги земаа парите за поплавите, не знам што и како понатаму ќе биде работата.

Говорите за младите луѓе дека имаат елан за работа. Тие го имаат и премногу, но што вие нудите во овие две и пол години, и тие што работеа вие ги

избркавте од работа.  Сега ветувате светла иднина. Каде е таа и што е тоа што треба да им ја даде и да им ја врати вербата.

Господине Бучковски, говорите за меѓуетничката состојба, а самите знаете дека тоа и на вас ви е најголемиот проблем. Кажувате дека вие како премиер со оваа Влада што ја имате можете да разговарате и да имате различни мислења се додека дојде ситуацијата да донесете одлука. Зошто ова нам ни го кажувате? Дали самиот себе си не си верувате или самиот себе си се тешите дека утре можеби ќе дојдете во ситуацијата на претходниот премиер, кога ова што го кажувате на вашата Влада едноставно не биде испочитувано. И она што кажувате и ни давате некои големи надежи што и како, значи оваа Влада во овој мандат до 2006 година ќе добие покана за членство во НАТО, дека ќе имаме Шенгенски визен режим, дека Македонија ќе стане кандидат за членство во Европската унија и дека ќе ги започне преговорите за полноправно членство во Унијата. Сега да ве запрашам нешто друго. Вакви ветувања сме слушале до сега многу пати, дека името на Република Македонија ќе биде само за наредните два месеци, дека со тоа што ќе го прифатиме тоа име сите коридори ќе ни бидат отворени, и кон Исток, и кон Запад, и кон Југ, и кон Север, за жал ни се затворија сосема после тоа; дека ако го смениме знамето ќе имаме други работи кои ќе бидат во позитива на Република Македонија. Сега да ве запрашам што ако во 2006 или 2016 година ова не се исполни. Во кој ќе биде вината или ова е само политика, ова е само кажување денес за денес, за луѓето едноставно да добијат некоја доверба - во што, не знам, затоа што Шенгенскиот визен режим, вие добро повикувате сите да дојдат во Република Македонија - и сите доаѓаат господине премиер, иден премиер - но за жал, од Македонија многу тешко се излегува. Тука е проблемот. Можеби е добро за некој кој ќе остане или можеби ќе поработи во Република Македонија, но проблемот е многу поголем за вака паушално вие да кажете дека 2005 година ова ќе се заврши, ова ќе биде како треба и се е како што треба. Но после кажувате дека има многу врати - тие врати не ги кажавте под број, кои треба Република Македонија да ги отвори, сега е Прашалникот па после ќе имаме извичник, па после уште неколку пати корективни фактори и на крајот ќе бидеме 2012 година кандидат за членка. Тогаш можеби пак ќе бидете вие, не знам, но во секој случај ќе треба да ги памтите овие зборови кои така елегантно ги искажавте вчера и за кои мислам дека треба да сносите и одговорност.

Понатаму, не разбирам дали министрите кои ги имате покрај вас ги подготвувате за сеидби, за жетви, компании, фабрички хали, по спортските терени,

културни манифестации. Сето тоа е вред. Господине иден премиер, дали знаете дека голем дел од салите се затворени, така што нема кај да одите, дека базените немаат вода и сега, дека помина Олимписката 2004 година и апсолутно ништо не се направи. А сега спортистите, за прв пат и тие доаѓаат пред Собранието и нема кој да ги прими. А ние говориме за некои спортски успеси, каде утре ќе застанете и ќе предавате ордени и медали. Можеби спортот во сето ова е најмалата работа, но како некој поранешен спортист мислам дека исто како господинот Бранко Црвенковски не треба да избришете се. Треба да бидете многу блиски до луѓето кои ја презентираат државата, да не дојдеме во ситуација да плаќаме само пари за некој кој ја претставува Македонија колку да ја претставува, а нашите луѓе да земаат странски државјанства и да играат во други држави. Тука е проблемот за кој мислам дека треба да се ставите и да размислувате во однос на сето она што ви следи.

Понатаму, јас не можам да го избегнам она што е ваше и што сте го направиле. Дали е добро или лошо, сигурно ќе оцени јавноста. Но во секој случај, за мене она што се случи во Струга, и покрај тоа што јас лично сакам да го заборавам, вие сигурно повеќе од мене, мислам дека дел од таа вина ја имате вие тогаш како министер за одбрана, не како секретар или на функцијата што ја имавте тогаш во СДСМ. Мислам дека таа интервенција на полицијата во Струга, 41 повреден човек, запалени возила, фрлани шок бомби, пукање со муниција, апсолутно е темна страна која треба да ја заборавиме, но тешко ќе ја заборавиме затоа што понатаму сето она што ќе се случува ќе биде врзано токму со тој настан и со вашето име. Јас мислам дека прво што ќе треба да направите е токму она од кое луѓето се плашеа, ако сте во можност да го направите едноставно да се елиминираат тие работи. Но гледајќи го составот што ви го нудат, гледајќи што тука некој се бунеше што имало еколошки катастрофи, им објаснуваше што е еколошка катастрофа - човек кој ја запре водата во Липково денес да го ставиме тука за министер апсолутно не одговара. Тоа можеби вие самите уште во старт се носите во ситуација да потпишете бланко оставка и утре да го направите истото. Не знам зошто. Значи, секој нареден министер јас знам дека е политика и коалиција, но во секој случај тоа треба да биде министер и премиер на целиот македонски народ. Ако одиме само на тоа партиите да кажуваат и тука да завршува се, утре ако се случи нешто друго во Македонија сега ќе имаме одговорни страни, значи ќе биде СДСМ и ДУИ. Што од тоа добил македонскиот народ? Апсолутно ништо.

Затоа, господине иден премиер, знам дека ќе бидете гласан, мислам дека многу добро и многу повеќе, ако ви требаше време, треба да размислите, затоа што и за колегите и од вашата партија што беа против вас, сега се со вас и уште во стартот одиме во ситуација вашата Влада уште во старт да е принудна Влада на луѓе кои не знам колку ќе бидат со вас. Тоа истото му го порачавме и на претходниот премиер, кој не издржа ни шест месеци. Беше условен од референдумот, но еве референдумот, како што сакаше и тој, не успеа, но си замина премиерот. Зошто, прашајте го и вие. Зошто е тоа така? Затоа што СДСМ по сите оние големи ветувања, по сите оние лаги што се случија после 15 септември оди во ситуација на една прослава на Илинден во Крушево да има три илјади луѓе, а шест илјади полицајци. Сигурно и вие тоа не го сакате, сигурно не сакате историски споменици да се отвораат со 400 специјалци во резерва. Сигурно најмалку тоа го сакате и не можеме оној што го бранел уставниот поредок на Република Македонија да го оставиме да гние по занданите, а некој друг тука да ги суди нив. А тие беа тие што се кренаа против оваа држава и против вас тогаш како министер во таа Влада на господинот Георгиевски. Сега сето тоа да се заборави и тргнуваме само напред. Дојдовме во ситуација да се броиме 25%, 25%. Па имаме ли ние некој посто, 60% ќе ги донесеме македонците во оваа ситуација, од работни места се исклучуваат, само да се стигнел процентот од 60%. Па господо, каде ќе стигнеме? Оваа држава е Република Македонија. Ако тука македонецот го нема своето право, тогаш каде? Во околните ли држави ќе бараме право, каде што ги избришавме и од Уставот, каде што никаде повеќе не постои македонец? И сега кажуваме и претходната програмата и програмата што ја имате донесено како Влада дека тука ќе се бориме. Нон сенс. Во секој случај, ова што ќе ви биде кажано во однос на вашите министри, во однос на господинот Положани - не го гледам тука, но во секој случај тој имаше интерпелација, при што тука говоревме за искажани невистини од негова страна, за неправилни одлуки и после три дена, многу едноставно, вие го одбранивте и кажавте дека се е во ред. Но сега што не е во ред? Не е во ред она што беше Тетовскиот универзитет, за кој се говореше повеќе од две недели. Зошто не е во ред? Затоа што се отвораат нови факултети, затоа што се бараат нови простори, затоа што сега е проблем кај новите студенти во Тетовскиот универзитет, министерот Положани да бара место дали ќе студирале во Приштина или ќе студирале во Тирана. А зборуваме за државаен универзитет во Република Македонија, каде што ниеден македонец не се запиша на државниот универзитет во

Тетово! За што говориме ние тука? Јас не знам. И во вашата Влада, без никакво образложение, променети се два министри кои мислам дека имаа место и во оваа Влада: господинот Гештаковски, кој и покрај сите проблеми кои се направија во однос на Законот за територијална организација и кој го спроведе законот, вие го променувате и господинот Јанев, при што сите пратеници сме свесни дека со оние законски проекти кои се донесени во однос на екологијата можеби стигнал најдалеку во однос на сите министри. Вие нив ги сменивте, поставивте некои луѓе тука. Добро е што го нема тука министерот за земјоделство затоа што мотиката не тргала накај него, сега ќе видиме, ќе имаме друг, некој економист, а тој беше правник. Да се надеваме и да му посакаме добра работа затоа што земјоделците во овие две и пол години доживеаја отворена војна од страна на оваа коалициона Влада. Дали ќе издржат уште, не знам, но во секој случај, со ваквиот состав кој го имате пред вас и со вас - еве, тука е предложен и нов министер за внатрешни работи. За претходниот кажавте дека е професионалец, дека не припаѓа на политичка партија и дека треба да си ја брка работата, но кога дојде да си ја брка работата, требало политичка одлука. Сега  или сакаме професионалци - јас не знам како човекот во Царина ја бркал работата, како сега ќе ја брка, ќе видиме многу скоро. Можеби за него во овој момент е најкритично и почетокот ќе биде токму од кај него. Но во секој случај, еве професионалец, ако мислите дека Министерството за внатрешни работи треба да биде со такви луѓе треба да ја продолжите таа практика. Човекот апсолутно ништо не направи за да биде променет, а не му ни дадовте шанса нешто да направи од она што значи професија и она што го знае.

Сега, господине Бучковски, после сето ова, вие ни одржавте едно предавање тука кој што може да биде од опозицијата и кој што треба да работи. Но гледајќи го вашиот состав, и јас можам да ви кажам слободно како иден премиер, уште еднаш да ве потсетам да си потпишете бланко оставка, затоа што најголемите проблеми ќе ги имате вие, опозицијата ќе биде таа што ќе проба, не како досега. Сто дена ќе бидат некаде до изборите, така што ќе имаме секогаш време да бидете ставени на проверка и вие како премиер и останатите министри. Тоа му го должиме на македонскиот народ и си го должиме на самите себе, на оние што не бирале.

Затоа, уште еднаш ќе ве замолам ова што го кажавте во смисла  “дојдете”, “странски инвестиции”, ги поканувате нашите привремено вработени и по 40 години во странство да дојдат и повторно да вложат во Македонија, но верувајте ми дека многу тешко ќе има некој од нив што ќе вложи, затоа што доживеаја два шока во

Република Македонија токму во владеењето на СДСМ: значи еднаш ги загубија своите пари, првите девизни заштеди и вториот пат беше кражбата на 150 милиони во ТАТ, каде што работеа токму луѓе кои што се 40 години на привремена работа во странство. Значи луѓе кои 40 години работеле во железари и рудници и останаа без еден единствен денар. Ете, тука е вашиот проблем и покрај тоа што излеговте многу брзо ќе видите дека сето ова и ваквиот начин на формирање на влади е јалова работа. Јас можам да ви посакам успешна работа во однос на безбедноста и економијата, каде сите граѓани на Република Македонија ќе имаат просперитет и напредок, но едноставно со ваквиот состав на Владата и ваквиот начин на кој вие ја формирате Владата апсолутно мислам дека многу тешко ќе дојдете до определени резултати кои ќе значат напредок за Република Македонија.

Затоа, јас нема да гласам за оваа Влада.

И на господинот Бучковски му посакувам многу скоро да слезе и да ја види онаа реална ситуација која во моментот ја има во Република Македонија. Вакви написи, да не кажам потежок збор, но во секој случај ова што го искажаа пред нас пратениците, за толку голем оптимизам апсолутно не постои место. Тој можеби сето тоа го знае и повеќе од мене, но во секој случај да се слезе и да се види реалната состојба, да се презентира, затоа што во ова што го дадовте како програма и стенографските белешки што беа од вашиот говор апсолутно немаме ниедна бројка, показател и дата. Се е дадено како “ќе биде”, “можеме”, “сакаме”, но едно е да сакаме, а друго е да можеме. Тоа е последното.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Мавровски.

Процедурално, има збор Цветанка Иванова.

Повелете госпоѓо Иванова.

ЦВЕТАНКА ИВАНОВА:

Благодарам господине потпретседателе,

Согласно одредбите од член 64 став 4 од Деловникот за работа на Собранието, предлагам работата на денешнава седница да се продолжи после 17,00 часот. Од причини познати побаравме итна седница за избор на Владата на Република Македонија и на Република Македонија секој момент и е потребно што поскоро да се избере оваа Влада.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Дали имаме поддршка од 10 пратеници?

(Повеќе пратеници креваат рака)

Молам службите да го утврдат точниот број на пристуни пратеници во салата за да можеме да преминеме на гласање.

(Со седницата продолжува да раководи претседателот Љупчо Јордановски)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 59 пратеници.

Во салата се присутни 65 пратеници, 57 пратеници гласале за, нема воздржани, 2 пратеници гласале против.

Констатирам дека предлгот е усвоен.

На листата на пријавени за збор е господинот Китановски, а потоа госпоѓа Марија Којзеклиска.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Абдилаќим Адеми.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам господине претседател,

Вие господине Мавровски вашата денешна дискусија ја отпочнавте со изјавата и причините зошто бившиот премиер даде оставка и наводно притисокот што го вршеше еден од партнерите на коалицијата, алудирајќи на ДУИ, јас би ви рекол вас, да го поканите г-динот Костов на едно кафе и тој да ви ги каже вистинските причини зошто даде оставка. Додека вистинските причини зошто даде оставка сигурно дека не се кажани во неговата декларација. Додека во однос на отстранувањето на г-динот Буџаку од листата, тој се повлече од листата за да и даде простор на правдата, значи до крај да ја истера правдата околу корупцијата. И овде нема никаков сомнеж. Додека во вашата фраза спомнавте и вие за фашизмот алудирајќи на албанците. Јас би ви кажал да не ги идентификувате албанците со фашизам и би побарал од вас да побарате јавно извинување и тој дел од вашата дискусија да го повлечете. И овде би сакал да ве потсетам вас, бидејќи доаѓа од Битола на еден од спортските натпревари кога се истакна знамето, симболите на

фашизмот, кога и вие во една ваша изјава овде во Парламентот се дистанциравте од тој гест. Додека кога констатиравте за Тетовскиот универзитет дека ниту еден Македонец не е запишан, иако тој Универзитет е во Република Македонија, јас би ви кажал и сакам да ве демантирам, дека ова не е вистина, во Тетовскиот универзитет има запишани македонци.

Понатаму, околу децентрализацијата на оваа тема дискутиравме долго кога се дискутираше и Законот за територијалната организација, сега не би сакал да ја измачувам јавноста и парламентот со вашите ставови, јасни ни се и вашите ставови и ставовите на нашата партија, односно на Владата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Спиро Мавровски.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Господине Адеми, фашизмот на албанците, апсолутно не спомнав. Јас спомнав дека се отвора споменик на Бали Комбтар. Ако Бали Комбтар не беше фашистичка организација, или балистите не беа на страната на фашизмот, тогаш јас треба да се извинам. А вие на кој ќе му се извините, незнам? Тоа е првото. А понатаму кажувате дека постапката која што е пред мене и која што ја имате и вие, дали се ова вистинските причини, за кои што си даде оставка премиерот? Па, значи ова се што вие ни праќате како материјали се лажни ветувања и лажни причини, а вистинските ги знаете само вие, а јас не сум толку близок со г-динот Хари Костов да пијам кафе па да ми каже дали е ова вистина, или не е вистина. Ова е Документ кој што тој го изнесе пред сите нас.

Друго, за г-динот Буџаку сеј прашувам зошто не се повлече од листата кога излегоа аферите за корупција, туку се повлекува откако направивте еден циркус од цела недела каде што се повлекува дава оставка, не дава оставка и на крајот дојде министер во Брисел. И сега вие кажувате, тој оди во Брисел за да се расчисти ситуацијата во Македонија. Господине Адеми, немојте.

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Почитувани колеги, г-дине мандатар, факт е дека изборот на новата Влада и претставувањето на нејзината програма се случува во еден специфичен политички момент во досегашната парламентарна демократска историја во Република Македонија, специфичен по повеќе основи. Прво, по оставката на премиерот Костов, затоа што за прв пат во историјата на Република Македонија, а и во досегашната 15 годишна историја на повеќето, или можеби сите земји од Југоисточна Европа за прв

пат се случува еден премиер на Влада да поднесе оставка, затоа што не можел да се справи со корупцијата и закочување на реформите во сопствената влада.

Втората специфика на политичкиот момент е таа што во моментот додека се одвиваа подготовките, преговорите, разговорите околу составот на новата Влада и сеуште во овие денови додека трае расправата по предлогот на мандатарот за состав на Владата и по Програмата на таа влада имаме ситуација во која што имаме окопиран дел на главниот град на Република Македонија. Тоа е факт и тоа е состојба со која што сите сме соочени, сите сме свесни, меѓутоа сигурно дека овие две ситуации се една дополнителна, да не речам отежнувачка, но навистина околност која што и дава уште поголема тежина и на одлуката на мандатарот за состав на Владата и на она што навистина треба да го содржи програмата за работа на таа Влада, затоа што веднаш се стартува со овие специфични оптоварувања кои што буквално ја пратат, значи во самиот момент на нејзиното предлагање и формирање.

Програмата на Владата гледајќи ја како програма навистина заличува на едно добро новогодишно спакувано пакетче и кога внатре ќе се отвори се гледа дека апсолутно нема нешто суштинско, туку само повторени фрази и желби од кујната на СДСМ кои што во изминатиот период повеќе пати ги слушале граѓаните на Република Македонија, а и ние како пратеници.

Инаку програмата е поделена во повеќе поглавја во кои што се наведува дека Владата во наредниот период ќе се залага, ќе ги презема сите неопходни мерки и активности за подобрување на политичката, економската и институционалната стабилизација на државата. Меѓутоа, начините, мерките, роковите, конкретните активности, бројки, проценти навистина ги нема ниту во програмата, а посебно не во експозето, односно во излагањето на мандатарот за состав на Владата. Инаку, предложениот состав на Владата претставува една мешавина од министри од претходната Влада кои на овој, или на оној начин директно, или индиректно некои од нив се вмешани во низа јавни афери и скандали и нови министри од кои најголем дел немаат претходно искуство или докажан капацитет за водење, или менаџирање на определените министерства кои што им ги доверил мандатарот. Како и во претходните Влади, така и во оваа се предлагаат партиски послушници и војници, а некаде и команданти докажани, некои докажани за време на конфликтот како експерти во определена област  како на пример водостопанство, од партиите на коалицијата на Власт се дефинитивно предложени проверени кадри кои за својата

работа како и досега исклучиво ќе одговараат пред партиските бази, односно партиските лидери и одговорноста ќе биде претежно партиска, а не и пред граѓаните на Република Македонија. Значи, со предлогот на новиот мандатар слободно можеме да заклучиме дека во нашата земја ниту во наредниот период нема ништо битно да се промени, бидејќи со предложената листа навистина не гледам некој посебен капацитет освен декларативната желба за некои позитивни поместувања во сите сфери и области кои што ги покриваат предложените минисри. Тоа значи дека суштински промени освен во ликовите на фотографијата на новата Влада ќе нема, или ќе бидат сосема мали. Ако продолжи принципот на работа на претходните влади, тоа значи дека ќе продолжи апатичниот, ирационално работење во рамките на коалицијата, незаинтересираноста за општата катастрофална состојба во која се наоѓа огромното мнозинство од македонските граѓани. Тоа мислам дека и самиот мандатар во дел од своето излагање искрено го потенцира и го кажува дека “навистина денес многу наши граѓани се без работа и немаат услови за достоинствен живот, иљадници семејства имаат толку ниски приходи што бедата секојдневно се надвива над нив како темна сенка, денес нашите луѓе мака мачат да обезбедат елементарна егзистенција да ги платат сметките и да ги школуваат своите деца”. Затворен цитат. Потоа уште еден “денес бедата и неслогата ни ја нагризуваат надежта и како и признанието дека сите претходни влади, вклучувајќи ја и оваа на која што до вчера и припаѓавме не ги исполнија до крај очекувањата на нашите граѓани, значително не го подобрија квалитетот на нивниот живот”.

Навистина треба слободно да се каже, да се потенцира дека на економски план, посебно претходниот двегодишен период на владеење на коалицијата на власт на чело со СДСМ и коалиционите партнери на економски план е најтешкиот период за нашата држава од нејзиното осамостојување. Дури мислам дека е полош и од оној до 1998 година кога исто така СДСМ беше партија која што ја водеше владеачката коалиција што горе, долу, го потврдуваат и самите зборови во излагањето на мандатарот.

Она што навистина недостасува во програмата а посебно во излагањето на мандатарот е наместо познатите флускули, декларативните заложби, ветувања и добрите намери кои што не се спорни, треба навистина програмата и експозето да ги содржат мерките, инструментите, роковите за спроведување на долго најавуваните реформи кои се буквално закочени во огромен дел на економскиот и општествениот живот, значи буквално во сите сфери.

Ќе се обидам да наведам некои од тие сфери и последиците од нивното неспроведување. Неспроведувањето на реформите во здравствениот сектор со една констатација дека се нема капацитет за спроведување на реформите или тим кој би имал поддршка од највисоко ниво, еден лошо дизајниран проект за реформи без можност истиот да покаже видливи резултати на краток временски рок, доцнење уште на самиот старт од реализацијата без јасна визија за идниот обем на активности што повлекува одложување фактички на сите реформи. Значи, здравството и понатаму го водат бизнис интереси без притоа да се води сметка за големината на трошоците кои паѓаат на товар на обичниот граѓанин. Во контекст на тоа е доцнењето скоро 7 месеци уште во старт на меѓународниот тендер за лекови кој имаше за цел да ја намали високата цена на лековите за околу 40 до 60%. Целосен застој во процесот на реформи е преструктуирање на Македонски железници кои во моментов се најголемиот загубар во земјата. Немање на капацитет ниту политичка волја за спроведување на овој процес, загубите константно растат, обврските кои неконтролирано македонски железници ги имаат таложено со години се отплаќаат од буџетот. Долго најавуваната реформа во судството која се најавува уште од самот почеток на мандатот на оваа коалиција на власт досега навистина нема покажано некои забележителни резултати освен подготвениот документ Стратегија за реформа на судството во која ниту е временски прецизирано кои активности во кој временски период ќе завршат ниту пак се дефинирани носители и одговорни институции кои ќе застанат зад реформите и ќе ги спроведуваат истите. Потоа, ништо не е направено на полето на олеснување на влез на странските директни инвестиции. Едношалтерскиот систем за регистрација на фирми, иако долги години беше најавуван и препорачуван од страна на меѓународните финансиски институции остана да стои само на хартија. Република Македонија спаѓа во групата на земји каде што најмногу се чека за регистрација на една фирма. Непрофункционирање на повеќе од една година новоформираните агенции за претприемништво и странски директни инвестиции. Реформите во катастарот. Земјите во регионот, Србија, Хрватска, и Бугарија веќе отпочнаа со реформи во катастарот и се при крај, додека во Република Македонија на ова поле не е направено конкретно ништо и покрај настојувањата на меѓународните финансиски институции дека во овој дел се потребни итни реформи, затоа што и катастарот е една од најголемите пречки за влез на нови странски инвеститори во државата.

Водостопанството во државата со сите оние реформи кои што требаше да се случат, или се случуваат меѓутоа, несоодветни, не во оној обем и во онаа динамика во која што беа потребни, пополека пропаѓа мрежата за наводнување во која што со децении се вложувани огромни домашни и странски средства. А, една од причините е ликвидирањето на голем број водостопански претпријатија поради долговите и неможноста да се наплати надоместокот за користена вода за наводнување. Се доцни и со реализација на голем број проекти финансирани од Светската банка. Долгонајавуваниот проект за хидросистемот Злетовица кој треба да обезбеди вода за пиење и за наводнување на еден од најсиромашните краеви од земјата доцни со имплементација повеќе од две години и постојат реални шанси истиот воопшто да не отпочне.

Структурните реформи кај претпријатијата загубари не се завршени. Голем број на тендери се поништуваат и се повторуваат по некоку пати, при тоа одолговлекувајќи ја агонијата кај овие загубари при што Владата воопшто не води сметка за социјалниот аспект. Голем број од продажните се однапред договорени и рестартирањето на истите оди многу тешко.

Реформата на јавната администрација е доста споменуван сегмент во сите јавни политички настапи. Она што сега во моментов го има во јавната админситрација е демотивираноста на државните службеници бидејќи не постои дефиниран систем на вреднување, наградување на добрите службеници и нивно ставање во иста категорија на оние кои што се блиски до власта. Сите овие застои во реформите резултираат со она што е секојдневна слика во економијата и во секојдневната стварност во Република Македонија, а тоа се огромна невработеност, сиромаштијата, немањето на странски инвестиции, големиот трговски дефицит, огромниот пад на индустриското производство веќе 10 месеци едно по друго, падот на бруто домашниот производ во првите два квартали од 2004 година наспроти проектираниот пораст од 4% на годишно ниво и колапсот на целокупната економија скоро во сите сфери.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам, господине претседател,

На господинот Китановски, би сакал да му реплицирам во однос на  два момента во неговиот говор од неговото излагање. Првото е во однос на делот кога

говори за изборот на експертите како што го вели во негативна конотација, односно експерти во составот на понудената влада од мандатарот. Господинот Китановски, со ова се идентификува самиот себе кога во Владата на Љубчо Георгиевски требаше директор на јавното претпријатие за стопанисување со јавен и деловен простор во кое како експерт кој што се цени самиот себе злоупотребил над 5 милиони евра и нормално дека има право да говори за експерти.

Вториот дел, тој говори за реформите истакнувајќи ги проблемите во катастарот. Би рекол дека од хаосот кој што тие го создадоа во оваа област преку фалсификување на документите не може да му се најде крајот, или почетокот од каде да се тргне во средувањето на оваа област. Иако верувам дека сегашната директорка прави максимални напори за да го реформира овој  систем, или оваа област која што е многу чувствителна во рамките на јавните услуги кои што им се многу потребни на граѓаните. Затоа несомнено господинот Китаноски говори за експерти и експертиза, затоа што тој е еден од тие експерти во конотацијата во која што тој ја користи, односно негативна.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута г-дине Китаноски

ИЛИЈА КИТАНОСКИ:

Ќе се обидам да го задржам нивото на парламентарна дискусија. Кога се зборува за реформи во катастарот навистина се мисли на реформи во катастарот.

И тие не се врзани ниту за персоналитети туку за желба и волја да се направат реформи во евиденцијата на имотот бидејќи тоа е еден од главните предуслови посочуван од експертите, од меѓународните експерти за привлекување на странски инвестиции.  Ако некој си ја има мувата на капата, може слободно да си ја ишка.

Инаку, на првиот дел нема да одговорам затоа што на такви ниски провокации и ниско ниво на дискусија навистина немам коментари, но комент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Почитувани пратеници објавувам пауза од 40 минути и ги молам координаторите, замениците координатори или некој претставник од пратеничките групи да се сретнеме во Охридската сала.

Половина час,  ве молам да се сретнеме во Охридската сала за пет минути.

(Паузата започна во 16,43 минути).

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,24 часот).

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор госпоа Којзеклиска.

Пред да земе збор госпоѓа Којзеклиска, да ви го соопштам договорот.

Денеска ќе се работи до 22 часот. Договорено е утре да се продолжи до 13 часот, ако има расправа. Во 13 часот се обраќа мандатарот со завршен збор и потоа се гласа. Ако нема дискутанти може и порано. Ако има расправа еден час пред 13 часот ќе се прекине расправата, ќе им се даде по 15 минути на пратеничките групи да го кажат својот завршен збор, кој сака, нормално.

Тоа е договорот и утре во 13 часот, значи 13,15 часот, зависи колку ќе биде долго обраќањето на мандатарот, гласаме.

Повелете госпоѓо Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам.

Почитуван претседателе, почитуван мандатаре, присутни кандидати за министри, дами и господа пратеници,

По два неуспешни обиди еве дојдов на ред и јас да кажам нешто за оваа влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Прво, не се неуспешни госпоѓо Којзеклиска, туку имавме широчина да ви дозволиме да дојдете на ред.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

За мене беа неуспешни, не знам за вас, како вие ги толкувате.

Сеедно, знчи, ние конечно почитувани колеги дојдовме и до изборот на влада, непроспиени ноќи за мандатарот, трчање лево-десно по Македонија барајќи персонални решенија за идниот состав на владата, натегање со Демократската унија за интеграција, дали господинот Буџаку да биде или да не биде министер, тоа многу важно му беше на мандатарот, јавноста и мислењето на јавноста по однос на Буџаку и кога на крајот тој беше предложен господинот Буџаку си ја повлече кандидатурата. Во секој случај мандатарот имаше 20-тина напорни дена за преговори со едниот коалиционен партнер, односно со ДУИ додека со ЛДП немаше никаков проблем, луѓето од таа партија веднаш се согласија со она што ќе го каже поголемиот брат СДСМ и си го добија тоа и до крајот на преговорите тие уживаа. Значи, преговорите

за оваа влада се одвиваа исклучиво помеѓу ДУИ и СДСМ, а ЛДП мудро стоеше на страна, нормално задоволена со сите барања.

Да се вратиме на причините за денешниот избор на влада, се надевам претседателе дека нема да ме прекинувате затоа што дозволивте и другите колеги, не верувам дека ќе отстапам од концепцијата и од дневниот ред.

Причините за денешниот избор на владата се оставката на господинот Хари Костов, бивши премиер на Владата. Во самата оставка која сите ние како пратеници ја добивме и беше доста експлоатирана во оваа расправа, на најексплицитен начин беше претставено досегашното работење на Владата на Република Македонија, истовремено господинот Костов меѓу редови ја искажа и визијата за идното работење на оваа влада која утре најверојатно ќе биде избрана, односно работењето на коалиционите партнери кои учествуваат во владата, СДСМ, ДУИ и ЛДП.

Во самата таа оставка, посебно беше потенцирано дека надвор од обврските од Рамковниот договор се изврши легализација на тетовскиот универзитет односно се донесе Законот за основање на трет државен универзитет. Се измени регулативата за државјанството и истата како поента беше доста експлоатирана, со тие измени на Законот за државјанство ние ги избришавме македонците по потекло, во Законот. И, сега се поставува прашањето што значи кога ова доаѓа од устата на еден премиер на една држава, сериозна, како што треба да биде Република Македонија. Кога еден премиер ќе каже и ќе искаже јавно дека додека тој бил премиер поминале најмалку два значајни закони кои имаат импликации по иднината на Република Македонија, тоа може само да значи дека постои многу длабок проблем во Република Македонија чиј врв само малку го откри господинот Хари Костов.

Ако се загребе малку по површината на тој проблем ќе дојдеме до едни поразителни факти за кои опозицијата, вие сте сведоци, постојано го критикуваше, од друга страна вие како парламентарно мнозинство укажувавте на тоа дека ние многу критикуваме, дека ова што го зборуваме е злонамерно, тенденциозно и не не водело кон изградба на мултиентичко општество ниту на патот кон ЕУ и НАТО. Значи, со оставката на Хари Костов, почитувани колеги од парламентарното мнозинство вие бевте демантирани, за она што две години велевте дека опозицијата тенденциозно зборува за се.

Фактите на кои укажуваше опозицијата и кои беа наведени во оставката, а кои се фактичка состојба во Република Македонија во овој момент се следните: во коалицијата која владее со Република Македонија  апсолутно не постои согласност за остварување на стратешките цели од било каков вид, тие се прокламираат само декларативно.

Втор факт, во владеачката коалиција не постои можност за тимска работа при остварувањето на таканаречените стратешки цели и за тоа имаме доказ и вие имате доказ.

Во Владата ниту постоело ниту од сега па натаму, верувајте ќе постои модел или начин на работа освен следниот принцип како да се вработат што поголем број албанци во јавната администрација или кажано со јазикот на Рамковниот договор, правична и соодветна застапеност на албанците во администрацијата.

Четврто, во Владата ниту имало ниту во иднина ќе има некаква желба за борба против корупцијата бидејќи корупцијата е длабоко инкорпорирана во сите институции на власта на што постојано укажуваат сите извештаи  од меѓународните институции, па дури и самиот бивши премиер рече дека во самата Влада имаме коруптивни елементи. Основен принцип на работа на сите досегашни влади, почнувајќи од 2002 година, а верувам дека тоа ќе биде и натаму иако апсолутно не се сложувам со тоа е дневно политичко договарање и пазарење. Значи, тоа е основниот принцип за работа на Владата и сметам дека таа е малку погубна комбинација за иднината на Република Македонија.

Исто така беше укажано деа постои непотизам во самата оставка на бившиот премиер и коруптивно однесување на една од заедниците во Република Македонија која коалицира во Владата, но истовремено да не го заборавиме и следното. Бившиот премиер или господинот Хари Костов учествуваше во таа претходна Влада, мислам на Владата на господинот Црвенковски како министер за внатрешни работи. Тој, колку се сеќавам, беше две години министер, значи знаел за сите инкриминирани дејствија кои се одвивале во сите институции на власта, во сите министерства, а молчел најверојатно за да не се растури коалицијата и да има мир во куќа, што пак од друга страна не се однесуваше на некои функционери од претходната власт и тие за него претставуваа  посебно задоволство да ги гони. Колку ќе има судска завршница за тоа ќе видиме. Како сега размислува господинот Хари Костов не знам, верувам дека не му е сеедно, меѓутоа неговата оставка воникој слуај не го амнестира ниту него, ниту пак сегашниот мандатар доколку постоело

коруптивно однесување и тогаш и сега, а да не се преземе нешто, по автоматизам значи соучесништво во коруптивното однесување. Тие што се колеги правници знаат.

Затоа и не може со оглед на тоа  што и самиот мандатар вчера рече оваа влада е во континуитет заради остварување на определени цели, тој ги нарече стратешки, значи затоа не може ниту кога господинот Црвенковски беше премиер и кога беше донесен Законот за основање на тетовски универзитет, кога претходно беа донесени измените  на Законот за високо образование кои дадоа основа за донесување на Законот за основање на трет државен универзитет во Тетово, затоа не може ниту господинот Костов во чие време беше донесен Законот за државјанство, беше донесена територијалната поделба, не можат да бидат амнестирани за нивното работење против интересите на Република Македонија. Сите ние се бориме во име  и за интерес на Република Македонија.

Разочарувачки факт е истата судбина уште при формирањето на Владата го следи и ќе продолжи да го следи и овој мандатар,  само уште не можам да откријам што законски проект треба да протне овде овој мандатар за да ја доживее судбината на претходниот, од кој ќе се сложите едниот многу убаво се снајде.

Од самиот почеток кога се формираше Владата над неа се надвисна Хамлетовската максима ама во македонска верзија. Шеќеринска ќе влезе, нема да влезе во Владата. Поповски ќе се нафати, нема да се нафати. Буџаку ќе биде министер, нема да биде министер. Среќа дел од нив се нафатија да бидат кандидати за министри, но за дел од нив, посебно за господинот Буџаку борбата беше тешка и заврши како што заврши, губитник мандатарот на влада.

За некои решенија почитуван мандатаре, дозволете ми да кажам по некој збор. Министер за одбрана, или ваш наследник, господинот Јован Манасиевски. Се намачи додека ги сведе социјалните случаи на минимум, укина се што можеше да се укине од социјална помош и оваа последна новогодишна честитка на лицата со посебни потреби кога им се укина надоместокот за помош и нега од друго лице. Ако во Министерството за труд и социјална политика господинот Манасиевски се испраксира за кастрење по сите основи, верувам дека одбраната, почитуван мандатаре ќе ни ја сведе на една елитна единица и таа ќе биде задолжена за се од областа на одбраната. Можеби тоа е и целта, не знам.

Министер за образование господинот Азис Положани, името со оглед на тоа дека е министер од претходната Влада ни кажува се, а ни асоцира и на Шемшево и

на Арсениј Јовков и на тетовски универзитет и да не набројувам уште на што се не асоцира, тоа е во делот на образованието. Ова министерство има име Министерство за образование и наука. Јас во науката почитувани колеги никаде не го видов господинот Положани. Ништо не направи за науката освен што има желба и тие институти кои постојат во Република Македонија да бидат укинати, најверојатно со буџетот за 2005 година и тоа ќе се случи, така да се чини нас во Македонија наука не ни треба.

Министер за труд и социјална политика или бивши министер кој само се обиде само да ја среди економијата, тоа е многу познатиот господин Стевче Јакимовски. Овој кандидат за министер во овој ресор има проблеми со дефинирање на поимот правна држава, да ве предупредам мандатаре, има проблем со почитување на законите, а се става во ресор кој има своја специфика во која треба да се почитуваат и законите и основните права на работниците и правата од социјалната политика, поради што лично сметам, знаејќи го неко како досегашен министер за економија, и вие и граѓаните на Република Македонија ќе си имаат проблеми, ќе почувствуваат потешкотии од неговото работење. За оној негов познат гаф или самоволен акт, не може да биде гаф, туку самоволен акт отвори дуќани-затвори дуќани, дури Антикорупциската комисија утврди дека тој ги пречекорил неговите овластувања и незаконски постапил. Вие го ставате министер за труд и социјална политика.

Не знам дали на министерот за внатрешни работи да му ја честитам оваа функција или да си го премолчам тоа честитање иако тој има политичко искуство, па од таму замина во Царината, па сега се враќа во матичната служба, а не знам колку ќе одговори на оваа задача во овие услови и со ваков тим.

Посебна приазна е кандидатот, сеуште не е министер, кандидатот за министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, толку познатиот Садул Адураку или Алијаз командант. Садул од Липково, јас господинот искрено да ви кажам не го гледам, не го познавам, а треба да ни биде иден министер за земјоделство, шумарство и водостопанство. Значи, човекот докажан како, нема друга квалификација, освен терорист. Нема друга квалификација, да се разбереме. 2001 година го остави Куманово повеќе од еден месец без вода и човек против кого се води постапка пред Основен суд ИИ - Скопје за кривични дела, тешки форми на велепредавство, загрозување на интегритетот на државата и злосторства против цивилното население. Неговото предлагање е почитуван мандатаре за министер за

земјоделство, шумарство и водостопанство, воопшто што дошол во комбинација за министер, за мене искрено е лудост, без граници.

Старо-новиот министер за култура господинот Благој Стефановски, од друга страна допрва треба да ја докажува својата вмешаност во постапување спротивно на одредбите на Законот за јавните набавки, а кои се однесуваат на изградбата на меморијалниот центар Пелинце. На ова укажа Антикорупциската комисија.

Толку од мене за министрите. За дригите министри ќе оставам простор од другите колеги кои сакаат да кажат нешто, но факт е дека составот на оваа влада не гарантира ништо поразлично од претходните влади каде доминантен фактор е СДСМ, ниту пак ќе исполни некое од ветувањата кои што вчера мандатарот ги даде во експозе, значи беа искажани од оваа говорница. Ваков тим гарантира не пораз 3:0, 10:0 за Македонија на штета.

Да видиме сега што наследи оваа влада од претходната Влада на господинот Хари Костов, која и е стартната позиција од која ќе продолжи понатаму. Од досегашната борба против невработеноста, од тоа нема резултати. Во создавањето на услови на толку експлоатираните домашни и странски инвестиции нема минимум напредок. Во Република Македонија, сите ќе се сложите не постои стопанство во вистинска смисла на зборот, со тоа немаме економски развој, а кога немаме економски развој имаме сиромаштија, имавме борба против сиромаштијата и таа борба запре, ќе видиме каде ќе оди и која борба ќе оди понатаму.

За подобрување на условите и услугите кои ги нуди здравството, исто така, не видовме резултати, наспроти проблемите кои се јавуваат во стоматолошките дејности, спорни тендерски набавки, приватизација на аптеките и многу други наталожени проблеми.

Во образованието и решенијата на проблемите од оваа област човек и страв и паника да го фати. Во работите од областа на транспортот и врските ни останаа само врските, транспорт немаме.

Сега во делот на безбедноста на граѓаните на Република Македонија, јас мислам дека во овој случај имаме хорор филм, ќе ви објаснам зошто.

Во западниот дел на Република Македонија, незнам дали воопшто постојат полициски патроли, можеби ќе му треба на министерот за внатрешни работи време да ја снима ситуацијата, но таму изгледа дека само уште господ ги чува граѓаните. Во истониот дел на Македонија, патроли, полиција, асистенти при рушење на дивоградби, сообраќајни патроли, радари, неможам да ви објаснам, колку полиција

има во источниот дел на Република Македонија. Сега да го спомнам Кондово како дел од главниот град на Република Македонија , каде што има некои лица кои се униформирани, наоружени, не пуштаат да се влегува во селото. Сега разбравте на вестите дека ги пуштале и таму новинарските екипи. Имаше изјава од премиерот на Косово Рамуш Харадинај, во која тој ветува дека до утре вечер ќе се повлекле вооружените сили од Кондово. Кога дојде ред Рамуш Харадинај да ни кажува кога треба да се повлечат и колку треба да се повлечат, отидено ни е и времето и се. Полиција значи во Кондово нема, ги пропуштале тие што оделе да го обезбедуваат изворот Рашче, тие безбедно одат и се враќаат.

Претседателот на Република Македонија вели исцрпени се сите политички средства. Мандаторот вели не се исцрпени. На кого ние сега да веруваме. Убиства, разбојништва, и останати тешки кривични дела секојдневно има, посебно во главниот град на Република Македонија, сторителите многу слабо се откриваат, можеби затоа што Владата се формираше, па и немаше време, меѓутоа, почитуваниот мандатар е професор по римско право, а една од максимите во римското право е, додека не дојде нешто ново, си важи старото. Значи, ние имаме влада во оставка која функционира до изборот на новата влада. Значи имаме и министер за внатрешни работи и министер за одбрана и сите министерства треба да функционираат.

Сега, почитувани колелги оценете сами дали и безбедносната состојба во Република Македонија е стабилна. Дали има потреба уште да се набројува, веројатно има потреба, додека не го увериме сегашниот мандатор, идниот премиер дека програмата на Владата е едно, а решенијата и реалноста е нешто сосема друго, така да тешко ќе успеат да средат нешто во ваква ситуација.

Сега почитуван мандаторе, ме чуди една работа и дозволете ми да ви поставам прашање кое ќе расчисти со некоја од моите дилеми, а се однесуваат на вашите вчерашни ветувања, дадени во вашето експозе. Дали вие како Владо Бучковски сте сериозен кога ги дадовте сите тие ветувања вчера од оваа говорница и дали искрено мислите дека со овој тим на луѓе кој е околу вас, вие ќе ги остварите тие. Ако сериозни ви се намерите, ако искрено мислите така, верувајте дека сте во заблуда. Вие како да не сакате да ја видите вистинската состојба која постои во оваа држава, или едноставно, не сакате да ги именувате работите со нивното име, туку постојано, ветуваме, можеме, ќе оствариме и така натаму.

Сметам дека не треба да се лажеме тука меѓу нас, не треба да ја залажуваме македонската јавност. Сметам дека е ред да си признае и мандаторот и кандидатите за министри дека оваа Влада нема ништо да стори од две основни причини: Прво, нема време, второ, нема сериозна намера и вториот дел е дека нема капацитет, за да можеме оваа влада да промени нешто.

Она што го добивме како програма од мандаторот за работа на неговата Влада, сите присутни пратеници им верувам и убедена сум и сите граѓани на Република Македонија веќе го знаеме на памет и веќе на полноќ да не разбуди од сон, ние ќе кажеме: забрзан влез во Европската унија и НАТО, борба против корупцијата и организираниот криминал. Имплементација на Рамковниот договор, реформа во судството, стабилен курс на денарот и тн. Искрено, не верувам дека ќе не однесете и во Европската унија и во НАТО структурите, макар да пополниме милион прашалници, кога нема конкретна реализација. Не верувам во непоколеблива борба против организираниот криминал и корупцијата, зата што “рибата секогаш смрди од главата”, тоа е наша народна поговорка и ние си знаеме што значи тоа. За олеснет влез на граѓаните на Република Македонија во Европската унија, апсолутно не доаѓа предвид, најмалку во наредните пет години. Инаку нема да ги бараме визите за соседната држава. Не верувам дека ќе се реши проблемот за вработување, не верувам дека ќе обезбедите економски развој и раст на индустриското производство, влез на директни странски инвестиции и осум вице премиери да ставите во Владата, кои ќе бидат надлежни за економски прашања, не верувам дека ова се ќе може да се постигне. Верувајте и вие и вашите коалициони партнери дека не оставивте една педа простор за да можеме да ви веруваме, ниту пак оставивте простор, ќе го парафразирам претседателот ама не е тука, ќе ме слушне од некаде, не оставивте простор да не изненадите со резултати. Незнам колку вреди и колку ќе допре до вашите уши и до ушите на кандидатите за министри, но ќе се обидам незнам веќе по кој пат да ви укажам, за тоа што претходно колегата Каме Петров велеше дека биле се отровни стрели од опозицијата, немало конструктивност. Еве сега да пробам да ви укажам во кои правци треба да се движите. Не сум толку стручњак во сите области, од оној што го знам во тој дел ќе зборувам.Значи ако во Република Македонија проблемот е лоциран во големите загубари да се најде стратешки партнер кој ќе сака да работи па макар да го продадеме и да не се ценкаме за провизијата. Еве една сугестија. Ако пак високите царини и даноци ја гушат економијата и стопанството во Република Македонија, со

тоа и фирмите, нека најде начин Владата да ги растовари од тој товар кој го носат и доколку стабилниот, или тврдиот курс на денарот, исто така е проблем, дајте разлабавете го малку. Сите меѓународни финансиски експерти укажуваат на тоа, а ние не ги слушаме во тој дел, но за останатите делови секој сегмет ги слушаме послушно и ги спроведуваме. Доколку ни е проблем, законската регулатива и неефикасната и спора работа на судовите, ние досега, не се сеќавам колку закони донесовме, ќе ги смениме уште десет пати ако треба, само да тргне нешто. Да може судството да биде поажурно и да можат странските инвестиции кои сакаат да дојдат во Република Македонија да чувствуваат сигурност во правниот систем.

Сметам дека треба да поработите малку посигурно на изнаоѓање на начин за привлекување на странските инвестиции, не само дојдете во Македонија, треба да се снајдете некако. Сепак, мандаторот ќе ви биде доверен, а не странските инвеститори да бегаат од нас како “ѓавол од крст”.

Ако сакаме стабилна, безбедносна состојба, не преговарајте со терористи, со криминалци, со анонимуси, завршете си ја работата во Кондово, не денеска утре или за 15 дена, туку сега во овој момент и веднаш за да нам и вам не ви смеат зад грб и меѓународните институции и оние на кои слепо им верувате.

Почитуван мандатори, пред вас лично стојат тешки задачи. Содржината на вашето вчерашно експозе, колку и да се трудевте да звјучи убедливо за нас и за јавноста и вие сами знаете дека е неостварливо. Ова го велам од причини што вие сте свесни и однапред знаете дека ќе ја немате поддршката што ви е потребна во обидот како што вчера рековте да направите пресврт во деловите од програмата во кое велевте дека ќе ви бидат ваши приоритети. Ќе ви кажам една мисла од Џорџ Чорвел, на која ќе се сетите и кога ќе дојде време и со неа ќе завршам. Во моменти на општа измама, кажувањето на вистината претставува револуционерен чин. Заради големата вистина која се крие во оваа изрека, а која во овој момент длабоко ја одразува состојбата во која се наоѓа Република Македонија, јас несакам да учествувам во таа општа измама и ќе гласам против која е предложена од страна на мандатарот.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Молам за времето на дискусијата на госпоѓа Којзеклиска, имаше јавување на господин Арифи. Молам да вратите само момент, на господин Арифи и Костадинова Емилија дали сте за реплика.

Дали некој друг има освен овие двајца. Тогаш господин Апостоловски и Абдулаќим Адеми.

Повелете господин Арифи,имате три минути.

ЈУСУФ АРИФИ:

Благодарам господине потпретседател,

Почитуван мандатар, почитувани кандидати за кабинетот на Владата, почитувани колеги.

Госпоѓата Којзеклиска во нејзиното долго излагање говореше доста за кандидатите за министри и скоро ниеден од нив не и се допадна. По мое мислење убави зборови рече само за господинот Садула Дураку, затоа што не го оспори воопшто од професионален аспект, само рече дека е терорист.

Што се однесува до тоа госпоѓо Којзеклиска колку е тој терорист или сите други учесници во конфликтот кој заврши со постигнување на договорот кој беше потпишан во Охрид, а тој беше потпишан од лидерот на вашата партија. Со самото потпишување, значи дека беа прифатени сите барања од оние кои беа учесници во конфликтот. Сите оние барања, кои се дел од Уставот. А во контакт со меѓународниот фактор, кој велат дека после измените во Уставот велат дека Македонија постигнала високи демократски стандарди, доколку се спроведе имплементацијата на Рамковниот договор изгледите се многу поголеми и пореални да се постигне интегрирањето во НАТО и во Европската унија. Со ова госпоѓо Којзеклиска значи дека господинот Садула Дураку и сите оние кои вие ги нарекувате терористи се заслужни во одредена смисла за постигнување на овие стандарди. Значи се фактор кои придонеле за постигнување на прогресот на еден таков процес. Толку би била мојата реплика.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Арифи.

Госпоѓо Којзеклиска имате една минута контра реплика.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам потпретседателе, јас ќе се извинам на колегите пратеници што господинот командант Садула од Липково не бил само терорист, заборавив да кажам дека е и криминалец, со оглед на тоа што против него се водат кривични дела. Сега веќе кога сме кај тој фамозен Рамковен договор, јас незнам што бара ДУИ, кога тој не е потписник на Рамковниот договор, а бара негово имплементирање 102%. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Со оглед на тоа што и вие инсистирате често пати, додека за некој не се докаже одредена постапка, неможе да се донесуваат квалификации, би ве замолил тоа да не го употребувате. Без разлика од место не дофрлувајте, но бидете доследни, принципиелни, тоа што го барате за вас да не го нарекувате за други.

Процедурално баравте господине Талат Џафери.

Повелете.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам господине потпретседател,

Госпоѓа Којзеклиска пред нас имаме предлог за членови на Влада, луѓе кои биле гласани на парламентарни избори и ја имаат подршката од парламентарните избори и ние очекуваме професионалната квалификација е во однос на квалификациите кои се прават во овој законодавен дом, кои во ниеден момент неможе да стане суд или судска власт. Судот се носи во судовите и судијата е тој што носи суд, а квалификациите кои се прават тука, мислам дека вие имавте обврска да реагирате и да не го дозволите тоа и да не реагирате откога ќе се направи забелешка. Мислам дека госпоѓата треба да се извини за тие квалификации што ги прави од едно место, од кое што не и прилега да ги прави.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Џафери јас реагирав на време, со оглед на тоа што и се работеше за контра реплика и ако забележавте вие на време реагирав, а неможам да знам што некој во моментот на дискусијата ќе изрече. Така да, не ја прифаќам вашата процедурална забелешка.

За реплика следна е госпоѓа Емилија Костадинова.

ЕМИЛИЈА КОСТАДИНОВА:

Почитуван потпретседателе, колешката Којзеклиска во својата широка елаборација опфати многу области во кои Владата на коалицијата на Македонија заедно не сработила ништо. Недостасуваше само елаборација за состојбите во спортот, колку што јас забележав или незабележав.

Колешке Којзеклиска, кога веќе имате толку широки познавања од сите области, зошто не ги искористивте и зошто не го советувавте вашиот бивш премиер и лидер да не прави такви катастрофални грешки какви што правеше, па последиците од тоа уште и денес ги чувствуваме.

Рековте дека од транспортот ни останаа само врските. Јас ќе ве потсетам дека од времето на вашето владеење заедно со вашиот коалиционен партнер кој не втурна во Тајванската авантура ни останаа само сликите со лопати со црвени панделки. Но, да не заборавите и вие и јавноста и кредитите без гаранции и хипотеки во износ од 18 милиони долари од кои се офајдија вашите коалициони партнери, па сега оваа Влада треба да мисли како да се обезбедат средства во Буџетот за нивно враќање, се разбира на грбот на даночните обврзници.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Костадинова.

Госпоѓо Којзеклиска  сакате една минута, контра реплика? Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Јас, почитувана колешке Костадинова, не зборував за спортот затоа што со новиот Предлог на буџет за 2005 година вие ја укинувате Агенцијата за млади и спорт, што да се зборува за спортот, дали има потреба да се зборува, вие ја ставате во Министерството за образование и наука.

Втора работа, сега е избор на Влада која ја сочинуваат СДСМ, ЛДП и ДУИ. Вие го добивте мандатот од граѓаните на 15 септември 2002 година, денеска сме 16 декември 2004 година.

Трета работа, оние лопатки за кои зборувате и панделките, ако мислевте на слободната економска зона Бунарџик, сте заборавиле дека во експозето на вашиот бивш лидер и бивш премиер Црвенковски беше една од темите на кои треба да се работи, како позитивна.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Повелете г-дине Адеми три минути реплика.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Благодарам г-дине потпретседател,

Сакав да реплицирам на претходниот говорник посебно во делот каде ги спомна проблемите во Министерството за образование и наука, го спомна случајот Шемшево и "Арсени Јовков".

Госпоѓо Којзеклиска овие проблеми беа наследени пробелми од минатата Влада и со доаѓањето на власт на владината коалиција и со именувањето на новиот министер г-динот Азис Положани неговата способност беше на ниво за да ги менаџира овие проблеми и да ги реши. Како такви денеска не постојат. Зошто не го признаете ова. Значи, наследени проблеми во образованието денеска ги немаме.

Додека сме тука незнам зоштоне го спомнавте случајот Битола како проблем кога вие ги пративте учениците од средното образование да излезат на улица против албанското образование На некој начин ги манипулиравте тие ученици.

Понатаму, во вашиот говор вие бевте многу контрадикторна и тоа на почетокот на реченицата и на крајот на реченицата. Рековте дека кандидатот за министер за земјоделие велите дека е многу познат и тоа "многу познат" го велите нагласено и на крајот на реченицата велите јас не го познавам и никој не го познава.

За случајот Кондово велите дека никој не може да влезе во Кондово, а на крајот на реченицата велите таму можат да влезат новинарите, тие што го обезбедуваат изворот Рашче, жителите на Кондово и Радуша. Значи, контрадикторна до крај.

Кон крајот на вашиот говор рековте доколку некој ве разбуди во 12,00 часот ќе речете што рече мандатарот, значи интеграција во НАТО, во ЕУ, борбата против корупцијата и т.н.

Јас би рекол доколку разбудиме еден граѓанин на Република Македонија од сон и му launcheme 1998-2002 година, тој ќе рече уништување, криминал и т.н. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Адеми.

Повелете госпоѓо Којзеклиска една минута кнонтра реплика.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Една минута фактографски затоа што немам време се да му кажам на господинот Абдулаќим Адеми.

Министерството за образование и наука и Азис Положани го тргам на страна, сите го знаеме министерот, ги знаеме и протестите во Тетово со албанските знамиња, луѓето протестираат, им бил ветен медицински факултет.

Во однос на познатоста на г-динот командант Садула, ако г-динот Абдулаќим Адеми не разбира алегорија, јас не сум му крива.

Трето, Кондово тоа што го спомнав кажав дека медиумите сега го пренесоа тоа во 17,00 часот и дека денеска можеле да влезат. Дали има потреба натаму од реплика? Нема потреба. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска и на вас и на следните дискутанти им укажувам да ги употребуваат имињата на кандидатите за министри како што се предложени во листата од мандатарот.

(Господинот Караџоски дофрла од место, потпретседателот го поменува).

Следен за реплика е г-динот Никола Апостоловски, повелете три минути.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам г-дине потпретседател,

Колешката Којзеклиска повторно по кој знае кој пат поставените прашања на Парламентот ги користи и ги злоупотребува за да изврши атак врз Владата, да ги дискредитира поединците од извршната власт и да се прикаже целата состојба црна, неперспективна и безизлезна за граѓаните на Република Македонија.

Но, на госпоѓата Којзеклиска можам да и порачам две работи.

Прва работа околу транспорт и врски. Точно е дека транспорт нема, го украдовте, го приватизиравте за ваши колеги, сопартијци, членови, така е, еве ќе ви кажам пример Делчево веќе двеипол години нема автобус од Делчево за Скопје. Ваш колега е сопственик партиски другар. Точно е транспорт нема.

Втора работа госпоѓо Којзеклиска кажавте дека безбедноста во Република Македонија претставува хорор филм. Ако сме околу хорор филмовите ние гледавме хорор филм 2001 година со работен наслов - Пропаст на Република Македонија, сценарио и режија ВМРО-ДПМНЕ. Режисерот е познат, но се надевам госпоѓо Којзеклиска дека од 2002 година од септември и долго време и повеќе мандати ќе го гледате филмот - Оди и не враќај се веќе во режија на граѓаните на Република Македонија.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Апостоловски.

Госпоѓо Којзеклиска дали сакате една минута контра реплика?

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Колегата Никола Апостоловски мене ме обвинуваше за атак на Владата, заборави што е атак 2001 година и од кого беше атакот. Колку што се сеќавам ВМРО-ДПМНЕ тогаш не носеше униформи, не затвараше вентили во Липковскиот регион, очигледно г-динот Апостоловски е во заблуда и стварна и правна.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Се надевам дека сега ќе продолжиме да дискутираме за Предлогот на Владата.

Следен за дискусија е г-динот Михајло Георгиевски, а по него г-динот Караџоски.

МИХАЈЛО ГЕОРГИЕВСКИ:

Господине потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници и кандидати за членови на Владата,

(Галама во салата, потпретседателот ги опоменвуа).

Како пратеници и претставници на граѓаните во Собранието на Република Македонија и како законодавен и највисок орган во хиерархијата на парламентарната демократија имаме обврска и должност пред граѓаните и македонската јавност да ги искажеме нашите ставови по однос на сите прашања кои се директно поврзани со економската и политичката стабилност на Република Македонија, нејзиниот просперитет и иднина.

Точката што е ставена на дневен ред - Избор на Влада е од суштинско значење за идниот развој на Република Македонија посебно по нејзините стратешки цели, евроинтеграцијата и стабилизацијата на економската и политичко-безбедносната состојба.

За исполнување на стратегиските цели на Република Македонија за кои постои  взаемен компромис и интерес на сите политички субејкти во Република Македонија главната одговорност ќе ја понесе Владата во која се концентрирани базичните надлежности од тие сфери.

Токму поради тој факт треба да се оцени дали Предлогот за нова влада и нејзината програма, а посебно персоналните решенија во Владата содејствуваат со клучните обврски што треба да ги финализираат стратешките цели на Република Македонија.

Изминатиот период Република Македонија помина низ исклучително тежок период. Можеме да констатираме дека и во моментот Република Македонија се наоѓа во една политичка криза која има импликации и по безбедноста и по економската стабилност на земјата.

Ваквата состојба посебно се заостри по трагичното загинување на претседателот на државата Борис Трајковски. Последиците ги чувствуваме и денес кога се рефлектира и како политичко институционална криза во земјата. Затоа формриањето на оваа Влада како дел на извршната власт претставува приоритет во дефинирањето на квалитетна институционална концепција што во идниот период треба да обезбеди владина програма и платформа за излез на Република Македонија од економската стагнација и политичко-безбедносна ситуација.

При избор на претходниот период г-динот Хари Костов СДСМ како владеачко парламентарно мнозинство тврдеше дека со изборот на министер од областа на економијата земјата конечно ќе се здобие со претседател на Влада кој ќе се зафати со коренити промени и реформи од областа на економијата, стабилизацијата на политичкиот систем, отстранувањето на корупцијата како општествено зло и реформирање на судската власт како приоритет за прием во Европската унија и НАТО структурите.

Но, како што можеме да видиме претходниот премиер децидно посочи директно и индиректно дека во Владата на Република Македонија постои корупција и непрофесионална партизација што има реперкусии врз динамиката на спроведување на реформите.

Изјава на премиер дека во Влада во која тој како мандатар би требало да го има носечкиот импулс на консултација на економската стабилност и отстранвуањето на девијантната практика на корупција во владините министерства е чин кој во демократските земји претставува загрижувачки факт кој сугерира конфликтност на интереси, а кои несомнено отвараат простор за длабоко анализирање, рестриктивно делување за конечно елиминирање на сите опструкции за демократските процеси посебно на земја во транзиција и постсоцијалистичко уредување како што е Република Македонија.

По оставката на Хари Костов во македонската јавност се раширија информации дека за премиер е потребен кој ќе биде партиска личност за да овозможи политичко-партиска контрола на своите министри, но и што ќе ги балансира односите со партиципиентите во Владата кои припаѓаат на албанската етничка заедница.

Во таквиот начин на егзистирање на Владата нема ништо спорно, но спорен е самиот пристап во конституирањето на Владата. Имено, непрофесионалните пазарења со министерствата кои имаат клучна улога во реформскиот курс на Република Македонија.

Сакам да укажам дека пристапот на составување на Влада не е базиран врз персонални квалитети на министрите согласно огромната одговорност што треба да ја понесе оваа Влада, туку пристапот е базиран исклучиво по партиска прераспределба. За да одреден поединец биде избран за министер потребно е тој да биде докажан во својата професионалност, лојалност во национално државните интереси, а не партиско политичките интереси. Тоа е демагошки пристап и кон институционално реформската перспектива на државата и кон самите граѓани кои навистина очекуваат Владата да создаде посебно економско стратегиско тло за излез на Македонија од кризата која повеќе од една деценија ја води кон колапс.

Се поставува прашањето дали изборот на лидерот на партијата на власт е гаранција дека во Република Македонија ќе се постигнат очекуваните резултати, но и барања и обврска од Меѓународната заедница односно од Европската унија и НАТО алијансата.

Аргументацијата на владеачката коалиција е дека мандатарот како претседател на партијата има потенцијал да ги интегрира државните интереси во национална стратегија со адекватен политички консензус. Но, тоа не е аргументација што ги рефлектира суштинските потреби на Република Македонија. Република Македонија има сериозен пробем во креирањето на институционалната реформа во воспоставувањето на професионална администрација и политичка волја за надминување на проблемите.

Како пратеници воопшто во изминатите две години не видовме дека постои политичка волја посебно во ДУИ, решавање на транзиционите проблеми во земјата посебно во економскиот прогрес и асоцијацијата во евроатланските структури. Напротив, секогаш како приоритет се истакнуваа правичната застапеност, обврските од Рамковниот договор односно како проблем за итно решавање се инсистира само

на етничките приоритети без слух и воља за решавање на економската криза, Дотолку повеќе да потенцирам што СДСМ кој ниту во една прилика не инсистираше за конечно решавање на проблемите на бегалците од подрачјата зафатени со етничкиот конфликт што исто така е обврска од Рамковниот договор. Тоа, за жал, не е предвидено ниту во понудената владина програма.

Постојано при избор на секоја нова Влада палијативно и декларативно се акцентираат истите приоритети како реформи во економијата, реформи во судството, Рамковниот договор, но никогаш не беше понудено некаква конкретна национална стратегија за реализирање на таквите активности. Изјавите на министрите од ДУИ дека му одговараат само на својот партиски шеф е во дирекна спротивност со правилата и практиката на парламентарната демократија е мошне загрижувачко, бидејќи не постои гаранција дека идните министри би биле лојални на владината програма и претседателот на Владата.

Тоа почитувани пратеници е крајно не одговорно и навредливо како за нас како законодавен орган и орган кој врши политичка програма на Владата, но и кон македонскиот народ како носител на државотворноста на Република Македонија.

Корупцијата во Владата секако дека нема само етничка димензија. Таа постои во сите сегменти со одредена политичка и општествена моќ, но неодговорно е да се тврди дека се водат медиумски хајки само против министрите од албанска етничка припадност.

Република Македонија се наоѓа во мошне сериозно време . Следи период на нужна економска стабилност, решавање на надворешно-политичките приоритети на државата, дефинирање и решавање на проблемите со соседството, посебно финализирањето на статусот на Косово.  Во таа насока би сакал да укажам на случувањата во регионите на постконфликтниот период посебно во Кондово што е состојба која ги демантира аргументите дека имплементацијата и обврските од Рамковниот договор односно имплементацијата на Законот за територијална организација е гаранција за безбедноста и стабилноста на земјата.

Во владината програма тие се наречени рецидиви што навистина несоодвествува со ситуацијата на теренот. Не може да се говори за рецидиви кога имаме окупиран дел од главниот Град со организирана воена структура, со отсуство на власта од државата и тоа во главниот Град на државата.

Ова се проблеми што наведуваат сериозно да оцениме што ни нуди предложената владина програма и персоналниот карактер на Владата.

Лично, нема да го подржам предлогот на оваа Влада и тоа поради неколку аргументи:

Прво, Владата не е составена од професионални квалитети на личносите;

Второ, изместен е пристапот за конституирање на функционална Влада.

Неодговорноста при составување на Владата и политичките маневри од типот: мандатарот предлага министер, а предложениот министер прифаќа, не прифаќа од морални побуди се манипулативни и навредливи за македонскиот народ и македонските граѓани. Прегазено е достоинството на македонскиот народ со политичките игри и манипулации меѓу СДСМ и ДУИ. Одредени министри беа вклучени во незаконските дејности и сега повторно се наградени со министерства, иако се тврди дека Македонија е правна држава.

Програмата е неприменлива и нереална поради различните интереси во коалицијата. Тенденцијата за воспоставување практика на селективна правда ќе продолжи и ќе ги занемари процесите на владеење на правото и правната држава.

Практиката на задоволување на интересите на ДУИ за реципрочна подршка на дневно-политичките интереси на СДС и идниот претседател на Владата ќе го направат заложник на партиските пазарења што силно ќе се одрази на реформскиот курс на земјата.

Генерално, предложениот кабинет не нуди капацитет и програма за излез од економската криза на земјата, бидејќи не се раководи по принципите на професионалност и докажана посветеност кон секторите со кои би раководеле и лојалност кон државата и нејзините интереси и приоритети.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Георгиевски

Збор има пратеникот Караџоски Жарко, а после него е г-динот Адеми Абдулаќи.

Повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван потпретседателе, почитуван мандатар, колеги пратеници,

Најнапред би сакал, кога разговараме за избор на Влада да ги видам тука комплетно сите кандидати за министри. Крајно е несериозно, денеска цел ден дискутираме, освен мандатарот другите министри повеќе се шетаат отколку што

седат да не слушаат. Верувам дека мандатарот ќе им го пренесе ова што го кажуваме.

Исто така, кога зборуваме за избор на влада, на сите ни е јасно дека е тоа едно од најсериозните прашања, на сите ни е јасно дека треба да имаме сериозен пристап и, без разлика колку некому се допаѓа или не, да ги искажеме сите аргументи што ние сметаме дека држат или не држат.

Сега, кога зборуваме за Влада, избор на влада, треба да се потсетиме, почитувани колеги, во мандатот на коалицијата "За Македонија заедно" само да ве потсетам ова е избор на четврта Влада. Трет мандатар, значи и четврта Влада. Четири пати дискутираме овде со аргументи за или против, четири пати џабе не слушате, четири пати она што опозицијата го кажува овде не допира до ваши уши, да не речам. Имаме три мандатари, се надевам дека ова е последниот мандатар, барем до 2006 година. Би сакал да е и порано, меѓутоа се надевам дека е до 2006 година.

Сега да ве потсетам на една друга работа. Ако навистина имавте слух да не слушате или барем она што го кажуваме да го одобревте, денеска немаше да се мачиме ни вие ни ние, да се убедуваме колку да трае седницата, до кога да трае, ние ќе имавме избрано влада многу порано. Само да ве потсетам дека пратеничката група на ВМРО поднесе доверба на Влада. Токму на претходниот, односно на екс премиерот. Некој тука рече - ова е чиста глупост, ова е лош тајминг, сте го промашиле времето. Дури и колеги од опозицијата не советуваа да ја повлечеме - ќе ја дефокусираме јавноста, не знам што се друго ни се кажа.

Сега мораме да признаеме една работа колку сме биле далекугледи и колку уште тогаш кажувавме, набрзо се оствари. Г-динот Хари Костов како екс премиер сегашен, тогашен премиер исто така не убедуваше дека довербата на Влада е преуранета, дека сето она што тој го вети како мандатар и премиер ќе биде реализирано, за набрзо после тоа, не чекајќи еден долг период си поднесе оставка. Сега вие сами проценете дали прашањето за доверба на Влада беше промашено. Јас велам не. Но, толку за тоа.

Почитувани колеги, кога се зборува за избор на влада, јас барем така размислувам, треба да се даде чест и да се почне да се дискутира околу она што е можеби врв, односно треба да се почне токму од мандатарот. Размислував дали дискусијата да ја започнам во правец на Програмата, во правец на Експозете, она што било и што ќе биде или да се осврнеме на она што ни се нуди. Јас ќе започнам

токму од мандатарот,  затоа што е чест да се започне со мандатарот бидејќи е тој иден премиер.

Кога веќе зборуваме за г-динот мандатар да потсетам на една работа која што во делот на онаа расправа кога беше доверба на Влада, со почитуваниот г-дин Бучковски имавме одредена полемика и реплика, убедувајќи се која Влада е каква Влада. Тогаш, се сеќавам добро, јас и тој составувавме некаква Влада, некакви министри. Меѓутоа апсолутно немав во предвид дека г-динот Бучковски еден ден навистина ќе составува Влада. Дури, далеку бев од убедувањето дека ќе стане и лидер на СДСМ. Ние тогаш кажавме, тоа морам да го цитирам, сега почитуваниот мандатар го кажа следното:

“Господ нека е напомош на Република Македонија ако јас станам премиер”.

И вистина, г-дине мандатар Господ ве послуша. Жарко Караџоски не стана премиер, ниту пак тоа ќе биде. Тоа ви го гарантирам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ништо не се знае.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Тоа нема да го коментирам.

Јас ви одговорив тогаш “Нека и е господ напомош на Република Македонија доколку вие г-дине Бучковски станете лидер на СДСМ”. Тоа го кажав искрено мислејќи  дека нема да станете лидер на СДСМ, меѓутоа се излажав. Но, во најмала рака, никако не сум можел да помислам дека ќе станете и премиер. Е сега добро, се излажав и тоа е човечки да имаме лоши прогнози.

Ова не го зборувам од аспект на нешто што сакам да потсетувам на нешто што можеби беа реплики. Ова сакам да го кажам поради друг аспект. Не верувам во она што тогаш го кажав, не верувам дека тешко на Република Македонија ќе биде со тоа што г-динот Бучковски ја презеде лидерската позиција, па и сега премиер, од проста причина што ниту имам право, ниту сум овластен јас да судам. Меѓутоа, овластен да суди, одлучува и кажува е народот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија кој бил во право од овие две реченици, ќе го кажат тие. Или, на пример, ќе цитирам еден многу познат слоган “некои прашања и не заслужуваат одговор”. Тоа ќе го оставам на коментар на граѓаните на Република Македонија.

Што се однесува до мандатарот, почитуваниот г-дин Владо Бучковски, морам да искажам и една друга работа. Значи, ние како опозиција навистина во сите овие 4

состави на избор на Влада, четири избори на Влада, барем јас лично многу пати сум спомнувал и персонален состав, сум коментирал и работа на одредени министри, но да бидам искрен ама никогаш не сум го искритикувал г-динот Бучковски. Тоа нема да го правам ниту денеска, затоа што еднаш треба на оваа напатена земја да и тргне. Би сакал, искрено, кажувам искрено тоа да го видам и јас, но да го видат и граѓаните на Република Македонија, а уште повеќе би сакал, од она што овде се зборуваше, од она што ни е понудено како програма и да се реализира. И верувајте, дека и ние, како опозиција ќе бидеме среќни. Доста ни е навистина и нам и на граѓаните на Република Македонија да живееме во апатија и да исчекуваме што ќе биде утре, дали ќе биде подобро или полошо.

Со оглед на тоа дека програмата ни беше доставена заедно со составот на Владата, нормално имав можност да ја исчитам, имав можност да ја проанализирам. Нормално, го слушнавме и Експозето, имавме можност и да го прочитаме и си го поставив прашањето, ова што се пишува во програма, она што се кажува во експозе, дали е реално да се оствари? Да бидам искрен не само кај мене, затоа што сум деклариран како опозиционер, верувајте и кај многу колеги кои се позиција постои дилема дали вака кога ветуваме, кога пишуваме програми што слатко звучат, навистина и ќе ги реализираме?

Е сега, за да се реализира нешто, треба да се разгледаат фактите, треба да се видат показателите и треба да се види реалната и објективна состојба во Република Македонија . Но, прв предуслов, ако сакате почитуван мандатар да го добиете натпреварот во кој сте влегле да играте, еве да го спуштам жаргонот како почитуваниот Хари Костов на ниво на фудбалска федерација , значи ако сакате да дојдете до резултат 3:0 овој пат за СДСМ, треба да имате и тим. Треба да имате екипа која ќе игра. За да се даде гол треба да се игра игра. Но, таа екипа треба да биде така искомпонирана што ќе ветува сигурно тоа што овде се кажува.

Читајќи го персоналниот состав, анализирајќи го персоналниот состав, не сум премногу убеден дека она што ни се нуди како програма, она што ни се вети во Експозете дека и ќе се оствари. Ако грешам при првата реконструкција ќе ме демантирате. Јас сум убеден дека таа ќе дојде.

Еве, гледајќи ја глобално новата Влада на г-динот Бучковски е составена од 20 функционери. Во неа, почитувани колеги има 9 нови имиња. Од претходната Влада заминуваат седум мина, ротирале тројца, а седумина од старата Влада останале на истите позиции. Сега, гледајќи глобално, можеби е лигичен еден ваков

распоред, се гледа математички, за да се продолжи еден континуитет, мора да има нешто и да се остави. Обично, тоа во фудбалски жаргон, се оставаат добри играчи кои добро играат, а одат оние кои слабо играат. Меѓутоа, гледајќи ги почитувани колеги играчите кои отпаднаа од Владата не би можел да кажам дека мандатарот тргнал од тој принцип.

Дозволете ми само да потенцирам неколку министри. Мене не ми е јасно зошто г-динот Сиљан Аврамовски е отпишан. Уште помалку ми е јасно зошто е г-динот Александар Гештаковски отпишан? Иџет Мемети, Љубомир Јанев? За Реџеп Селмани, Славко Петров и Агрун Буџаку и јас би ги сменил и тоа многу порано. За овие четворица навистина не ми е јасно.

Понатаму, кога ќе дојдеме до констатацијата до анализата на песоналниот состав ќе кажам нешто повеќе.

Исто така, не ми е јасно зошто почитуваниот министер Благоја Стефановски е останат во културата. Ќе образложам подоцна. Зошто е г-динот Азис Положани останат, исто така ќе обраложам подоцна. Од друга страна за новите имиња би сакал да кажам онака како што се, со ред. Уште само едно, најмалку ми е јасно зошто одредени министри ги изротиравте. Да речеме Јован Манасиевски, од труд и социјала во одбрана. Стевче Јакимовски, докажан економист човек кој ршум направи во екномијата сега го ротирате во труд и социјала. Ако е по тој критериум, добро. Владо Бучковски, добро, во ред. Нормално е да ротира, затоа што е сега мандатар. Тоа се трите ротации.

Дозволете ми почитувани колеги да одам..

(дофрлање од место)

Јас мислам дека го имам тоа право..

(дофрлање од место)

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Молам без дофрлување г-дине Кралевски, ве молам.

Продолжете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Нема да се држам до редоследот што ни е доставен, ќе си земам за право, онака како што јас сметам и нема сите да ги коментирам.

(дофрлање од место)

А и за Радмила ќе кажам, стрпете се.

Но, дозволете прво да почнам со Министерството за правда. Почитуваната колешка Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, веднаш да расчистиме,апсолутно немам против што сте ја поставиле за министер. И кога јас би бил мандатар истото би го направил. Меѓутоа, морам да поставам едно друго прашање, мсилам дека тука и Иџет Мемети залужуваше да остане министер за правда. А, ќе ви кажам и зошто. Зборувавме сите дека ни е најнеопходно потребна реформа во правосудството. Па, почитуван мандатаре, многу пати сум го кажал и сега ќе кажам, ако нешто оваа Влада во овие две години прави, тоа е еден сигнал барем, еден патоказ дава дека се почна со некакви реформи. Јас ќе ги потенцирам. Се донесе независен судски буџет. Во постапка пред Собрание се изгласани Кривичниот законик, за кривична постапка, Законот за извршна постапка, Законот за процесна постапка. Значи, одиме во правец онака како што беше зацртано со некоја стратегија на Владата и тоа го правеше г-динот Иџет Мемти.

Јас морам да го поставам ова прашање затоа што навистина заслужува да се постави. Кога г-динот Иџет Мемети го повлековме од уставен судија очекував дека токму целта поради која што оди за министер за правда е да ги спроведе сите овие работи. И човекот се трудеше, направи тоа што направи, завршната фаза ви ја препушта вам, поточно на СДСМ. Сега јас знам и убеден сум дека вие на г-динот Иџет Мемети ќе му се одложите.

Меѓутоа дали е сатисфакција да човекот сега оди народен правобранител, или не знам што, но тој е навикнат да ги менува местата како ќе му се нареди и не од вас почитуван мандатар, туку од господинот Али Ахмети, за кој што се тие јасно декларирани дека слушаат. И тука сум убеден дека господинот Иџет Мемети ќе го послуша сопствениот лидер, а неговиот лидер веројатно ќе му најде некое соодветно место. Значи, сакам да го потенцирам и сега тука веднаш да го расчистиме. Вас како мандатари не ве обвинувам, меѓутоа вас како лидер на СДСМ имам право да ве обвинам, затоа што јасно ми е дека овој ресор господинот Иџет Мемети ја губи таа позиција заради вашите партиски консултации поточно поставувањето на Владата заради тој коалиционен проблем.

Што се однесува до предложениот кандидат нејзина позитивна одлика е што таа имаше шанса да седи покрај господинот Иџет Мемети во функција заменик министер, потоа да ротира во ДИК, па потоа во генерален секретар на Владата и на крајот да се врати на првата фотелја во Министерството за правда. Значи, се надевам и очекувам дека во тој ресор реформите ќе продолжат и треба. Тука

мислам дека и како позиција и како опозиција ќе најдеме за многу работи и заеднички јазик затоа што на крајот на краиштата таа реформа ни е неопходно потребна.

Дозволете ми да одам понатаму.

Да одиме со господинот Фатмир Бесими. Доаѓа како министер, кандидат од ДУИ министер за економија. За мене е потполно оправдано претходниот министер да ја напушти таа функција, затоа што човекот долго време не знае што е тоа правна државата, па ако не дај Боже умреше немаше ни да дознае, меѓутоа ако не дај Боже умреше немаше да го запознае ни господинот Прчески како јавен обвинител, а уште помалку ќе знаеше дека во Република Македонија има и Антикорупциска комисија. Позитивно на негово салдо е тоа што нешто ќе научи. Но, морам да истакнам една работа.

Ме изненадува биографијата која ја читам за господинот Фатмир Бесими. Човек кој е релативно млад, роден 1975 година во Тетово, дипломирал на Економскиот факултет во Скопје итн, итн, кој зборува англиски јазик, германски јазик, за чудо и српски и по малку и хрватски итн, да не читам до крај, навистина ме изненадува една ваква биографија која прв пат имаме прилика почитувани колеги да прочитаме кога доаѓа прелдог од ДУИ. Само да ве прашам почитуван, да речам министер, дали имате возачка дозвола, затоа што обично во биографиите кои ДУИ ни ги доставуваше во опширната биографија стоеше возачка дозвола Б категорија, по можност Ц и Д. Кај вас нема несто да се напише тоа, затоа што е исполнет целиот лист.

Сакам да кажам оваа географија односно биографија ветува дека господинот Фатмир Бесими е квалификуван да одговори на она што му се доверува. И колку да сакам да се разубедам дека ова што тој го има како стручност ќе биде единствениот предуслов со кој што ќе го раководи ресорот верувајте дека имам далеку голем сомнеж, затоа што почитувани колеги од таа негова стручност многу малку фајде. Многу малку фајде затоа што сепак да потсетиме господинот Фатмир Бесими доаѓа од политичката партија ДУИ, а зошто го потенцирам ова?

Па, се изнаслушавме, се изначитавме дека најкорумпираната партија во Владата на Република Македонија е токму ДИУ. Ова не е моја измислица, немојте веднаш мене да ми припишувате, тоа имавме прилика да го слушнеме и во оставката на екс премиерот. Кога еден премиер така кажува тоа не може да се премолчи.

Потоа, почитувани колеги имавме прилика од еден министер, министер кој што беше најголемата сопка при составот на Владата да слушнеме нешто кое стана дефиниција или правило на игра, кој велеше “јас не одговарам пред премиерот, туку пред оној кој ме поставил во Владата”, мислејќи на лидерот на ДУИ Али Ахмети. Е сега господине Бесими мене ми е многу јасно, а и вас ви е јасно дека вие прво ќе одговарате на господинот Али Ахмети, а после пред премиерот.

Господине мандатар,

Со сета почит имав прилика да ја читам, а и да ја слушнам вашата изјава во која што ветивте дека со таа пракса се заврши. И би ме радувало да е така. Ветивте дека никогаш повеќе нема да се случи било кој министер да одговара пред својот лидер, туку ќе одговара пред премиерот. Така и треба. Со тоа што ветивте во експозето дека доколку некој не ги почитува одлуките на премиерот и на Владата во целина ќе го покренете прашањето пред Парламентот. Не сум премногу убеден и верувајте ми дека времето ќе покаже дека не е така. Не сум премногу убеден само да ве потсетам и зошто. Таа изјава ја дадовте во времето пред да почне да ве дрибла господинот Буџаку цели две недели. После таа изјава ви се случи Буџаку. После таа изјава почитуван мандатар вие Буџаку го ставивте на листа надвор од сите ветувања, а после Буџаку си даде оставка. Дали сте се договориле, дали тоа било план или стратегија тоа си е ваша работа, меѓутоа гледано од мој аспект веднаш на старт кажувате дека тоа што го кажувате е тешко. Дај Боже да не е.

Друга една работа која морам да ја потенцирам кога сме кај господинот Бесими. Сигурно нема да зборувам за него како поединец, меѓутоа една дилема која ми се отвора и која сакам да ја поделам со колегите.

Дали е почитуван мандатар случајно да се додели еден ресор, економија, транспорт и врски, барем така се вика ресорот транспорт и врски и земјоделие, шумарство и водостопанство, да не речам главните економски ресори, да се дадат на ДУИ, пак ќе повторам имајќи го во предвид сето она што во јавноста го слушам дека коалициониот партнер ДУИ е најкорумпираната политичка партија во рамките на Владата. После ќе зборувам и со конкретни показатели. Дали е тоа случајно, дали тука добро сте се испазариле вие си знаете, ама ние ќе трпиме. Се надевам дека времето ќе покаже.

Одиме понатаму.

Почитувани колеги, ова што сега ќе го кажам навистина ќе морам да се демантирам самиот себе си. Морам да кажам искрено, жал ми е и искрено жалам

што повеќе министер за земјоделие не е Славко Петров. Верувајте дека ми е жал иако сега ова се коси со се она што го зборував против Славко Петров. Зошто, ќе ви кажам и тоа.

Факт е дека човекот не само што не знаеше што е мотика, не само што не знаеше што е земјоделие, туку дури ништо не направи освен што се занимаваше со адвокатски работи и понатаму во тој ресор. Јас искрено велам жал ми. Зошто? Затоа што во споредба со овој што сега ни се нуди тој за него е доктор на науки, верувајте. Ако господинот Славко Петров беше промашена инвестиција, тогаш велев еден адвокат ќе води ресор за земјоделие, сега еве да тргнеме од искуството, сега ни се нуди машински инжинер за земјоделие. Е оваа биографија читајте ја почитувани колеги од ДУИ, има цели четири реченици. Тука сте си принципиелни за разлика од оној за Фатмир.

Освен што е роден во Липково, дипломирал во Приштина, бил заменик директор на Царинската управа, бил виш соработник и многу битно, наставник во Техничко училиште, веројатно по техничко цртање “Наци Буџони” - Куманово. Тоа е целата биографија која ни се нуди. Што има врска сега ова со земјоделие? Меѓутоа, има. Ако не со земјоделие, бидејќи називот на Министерството гласи во целина Министерство за земјоделство, водостопанство и шумарство. Елиминирајте го земјоделието, затоа што стварно тука и овој не знае мотика да држи, уверен сум, полесни и потешки орудија да, но мотика не. Ако се елиминира земјоделие останува водостопанство и шумарство. Тие две работи сигурно ги знае. Од вода разбира да отвора и да затвора вентили, а од шумарство да се крие како некогаш партизаните, но сега во други униформи.

Господине претседателе,

Нема да спомнувам тоа што потпретседателот опомена, ќе зборувам командант, терорист нема да кажувам. Меѓутоа, кога дискутираме и кога зборуваме за кандидати кои ни се предлагаат за министри, да не сум досаден, кажете ако сум досаден да прекинам, кога зборуваме за кандидати за министри мора да се кажат податоци кои треба и ние да ги знаеме, но и пошироката јавност за да знаеме почитувани колеги кого ставаме за министер.

Кај господинот Садула Дураку за кој што нема да речам дека бил командант, следните работи, кои во биографијата почитуван мандатар не ги ставивте, а требаше да ги ставите, но, јас ќе си земам за право да ги кажам.

Пред две години почитуваниот господин Садула Дураку беше притворен под сомнение дека извршил повеќе кривични дела и тоа против државата и воени злосторства против човештвото. Познат е како, да не кажам, од Липково. Приведен бил на 8.07.2002 година на излезот од Скопје при редовна полициска контрола на автомобилот Ровер кој го поседувал, а по информации дека по него трага Основниот суд Скопје ИИ. Трага да не ве буни, тоа значи дека имало пријава односно потерница. Нормално во таа трага се дошло, се нашло, судот постапил согласно законите и му се изрекува мерка притвор во траење од 30 дена. Па, некој ќе рече што е 30 дена. Нашите, да речам безбедносни, или припадници на безбедносните сили 30 дена најблага форма, луѓето на безбедносните сили лежат по седум, по девет месеци, можеби и по две години, 30 дена си ги одлежа човекот, здрав и жив тука е.

Одиме понатаму. Осомничен бил за тешки форми на велепредавство. Загрозување на интегритетот на државата и за злосторства против цивилното населени. Правниците, почитуваната идна министерка сигурно знае што значат овие кривични дела. Но, што се случува? Одиме со ред.

Неговото апсење почитувани колеги предизвикува таква голема вознемиреност кај челниците на ДУИ, која што сите вие добро ја знаете. Потпретседателката на ДУИ Теута Арифи трча на средба кај сега покојниот претседател Борис Трајковски, после која средба изјавува дека случајот не е за наш суд. Него треба да го суди Хаг. Тоа е изјава на потпретседател на ДУИ Теута Арифи. Сигурно дека во тој правец сакаше да го одбрани да не го судат наши судови нека го суди Хаг. Многу интересно што во тој правец правеше господинот Агрон Буџаку кој исто така е потпретседател на ДУИ. Тој се закани дека доколку Дураку да не биде ослободен може да дојде до реакција на албанското население во Кумановско-Липковскиот регион. Реакции се знаат какви можат да дојдат, затоа што оваа групација не реагира вербално. Таа се знае како, веќе има стара шема, проверена шема. Господин Дураку е член на Претседателството на ДУИ.

Е сега почитувани колеги, колку да знаете, бидејќи нема во биографијата кого вие денеска ќе гласате за министер за земјоделие.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Утре.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Утре нека биде претседателе. Значи, да знаете кого бирате за министер за земјоделство, водостопанство и шумарство.

Треба ли сега да ви спомнам дека почитуваниот господин кој утре ќе стане министер за земјоделство, водостопанство и шумарство е истиот тој кој учествувал во оние дејствија познати со затворањето на вентилите на водата во Куманово каде што сто илјади граѓани два месеци не знаеја што да прават во услови на една жега, во услови на едни летни високи температури. И тоа го правеше без око да му трепне, само за неговите права кои му биле узурпирани. Затоа сега, пак на голема врата ќе му ги дадеме плус.

Ете тоа почитувани колеги, еден таков кандидат ќе изберете за министер за земјоделие.

И што да се каже друго? Тешко на земјоделците, тешко и нас со вакви министри. Земјоделците одамна кренале раце. Верувајте, веќе не само што нема стратегија, туку кога ќе видат кој ги води или кога ќе ви речат ни мотика не знае да држи, ни пет врсти грозје знае да наброи ќе ми води ресор за земјоделие, па уште сега сите овие други биографски податоци, што да прават кутрите освен сами да се снаоѓаат, а како се снаоѓаат прашајте ги нив. Тие добро ќе ви кажат доколку имате такви средби.

Јас сум убеден дека токму во оваа стручност која сега ја зборувам, за која што сега кажувам, значи водата во најтесен состав била пресудна почитуваниот господин да стане министер за земјоделие, водостопанство и шумарство, затоа што ДУИ доколку нема ваква ужа специјалност би го ставила министер за одбрана, или министер за внатрешни работи, ама не ви ги даваат тие ресори сега за сега. Толку за Дураку. Ако има некој да ме дополни повелете, имаме фора, имаме време.

Некој спомена Радмила Шеќеринска дека ја пропуштив. Не ја пропуштив Радмила Шеќеринска освен што морам да кажам едно искрено. Дека таа ќе биде новиот лидер на СДСМ, но што да се прави и со суровата реалност треба да се живее. Исто така очекував дека госпоѓицата Радмила Шеќеринска нема да седи до Владо Бучковски денеска и очекував ...

(Реакција на некои пратеници во салата)

Јас само искрено кажувам што очекував, вие дебатирајте.

Исто така очекував дека заменик премиерот за Евроинтеграции во најмала рака ќе ја одбие понудата на г-динот Бучковски, затоа што слушнав дека еден од условите Радмила Шекеринска да прифати, не слушнав, после кажуваше, нели се

пишуваше во весниците, е она што господинот Бучковски ќе и го соопшти како персонален состав, да види со кои министри ќе располага ова Влада и доколку на списокот на г-динот Бучковски се старите кадри, но без Тито Петковски, тогаш би прифатила. Јас незнам под кои стари кадри подразбирате, меѓутоа овде многу нови кадри не гледам, а пак оние стари што останаа, со исклучок на вас се разбира, незнам и колку им е местото тука. Толку за Шекеринска.

Долго врем размислував, не го гледам тука г-динот Есад Рахиќ, дека ме слуша.

Почитуван мандатар, ресорен министер кој одамна заслужуваше да биде елиминиран, да не речам разрешен односно сменет, тоа беше министерот за здравство. Значи ресорот здравство навистина заслужуваше да има ротација. Го предлагате г-динот Владимир Димов. Мислам дека го гледам тука. Значи немам никаква забелешка. Сето тоа што тука се пишува кажува дека со неговата стручност ќе одговори, барем се надеваме дека ќе одговори на она што му се нуди. Меѓутоа, ме интересира и морам да ја загонетнам таа работа. До последен момент не знаевме дека д-р Владимир Димов ќе биде предложен за министер затоа што слушавме во опција беше Борче Петковски, тој со стентовите, со набавките, оној што имаше 85 братучеди, заправо привилегираните братучеди му беа снабдувачи. И уште едно име се вртеше, го заборавив.

Јас лично се прашував што ве натера да се одлучите токму за Владимир Димов. Верувајте, мислејќи, затоа што сите се стручни, ајде да го елиминираме Борче заради некои вакви заблешки што ние му ги стававме, што го повикувавме на прес заради стендовите и јавните набавки итн., оној другиот заборавив како се вика. Меѓутоа, после ми стана јасно. За господинот Владимир Димов единствената причина е тоа што почитуваниот мој колега Есад Рахиќ најмногу го фалеше. Јас тоа морам да го спомнам, познавајќи го и Есад Рахиќ, како колега, знаејќи дека зборот му се слуша. Не памтам една дискусија на господинот Есад Рахиќ, кога и да се јавил а да не го спомне Владимир Димов како негов најдобар другар, хуманист и што ти ја знам и тогаш сфатив дека благодарение на тоа вие се одлучивте. И тоа, е исправно. Треба да го слушате гласот на пратениците, особено на Есад Рахиќ. Тоа што другото го изјавил за некој друг, нема да го кажам. Негова работа. Значи, Еско очекувам господинот министер за здравство прво тебе да ти честитам.

Азис положани не го гледам тука, тој ме гледа мене. Овој министер е посебна прикасна и посебна сторија, човекот кој, верувајте има цврсти нозе, се живо

преживува, од интерпелации, од критики. Око не му трепнува си го тера она што го зацртал. Што зацртал?

Сите во образованието, прашајте ги тие што работат, многу добро знаат каков министер си имаат. Ние како опозиција се изназборувавме кога му поднесовме интерпелација која, за жал, еве и со оваа Влада ја преживува. Човекот кој е најзаслужен за Тетовскиот универзиет. Тоа е неспорно и тоа никој не треба да му го негира. Човекот кој не убедуваше овде дека Тетовскиот универзитет е обврска од Рамковниот договор. И тогашниот министер за внатрешни работи, идниот премиер, сегашниот екс премиер, кажуваше дека тоа е многу добро и тоа е исправно. Меѓутоа, тој ист премиер, сега екс премиер во својата оставка кажа, дека грешка била на Владата тоа што поднела предлог на закон за Тетовски универзитет односно грешка е што го легализирала и дека тој некореспондира со Рамковниот договор. Меѓу другото и Законот за државјанство. Тоа го пишува во оставката, а ние се отепавме од зборување овде 12 дена и сите викавте дека не знаеме да читаме Рамковен договор. Почитувани колеги од ДУИ, не знаеше тогаш ни Хари Костов да чита, ама сега дознал. Сега, изгледа подобро прочитал и имал храброст, нели, во оставката го кажа. Тука да бидеме на чисто, Рамковен договор, Рамковен договор.

Сега велите мандаторе има уште два закони. Здрави били, дали се два или уште 20, се зависи кој како го толкува Рамковниот договор. Како го толкува ДУИ, не сум многу убеден дека се само два закони. Да не ни се случи сега и некој друг универзитет или што ти јас знам, некој друг закон за државјанство.

Најавите што пак г-динот Положани ги најавува во образованието, основно, средно итн., не ми одат во правец дека се ќе оди според Рамковен договор.

Сега доаѓаме кај г-динот Стефче Јакимовски.

Почитувани колеги, а тоа го упатувам до средствата за јавно информирање. Значи, друг пат кога ќе ги соопштувате одлуките, се обраќам пред се до средствата за јавно информирање, дека Република Македонија е призната под уставното име и тоа не било од кого туку од САД, тоа, како што велат некои да го кажувате околу, околу, затоа што сега може да ни се случи и се надевам дека ќе се случи, дека тој пат ќе го следи ЕУ, сите членки на ЕУ, и пошироко.

Почитуваниот господин Стефче Јакимовски, од среќа не знаеше што да прави тој ден. Повторно ќе кажам негова изјава. Значи ако ни умреше, недај боже, тогаш, немаше да разбере дека Република Македонија била толку правна држава. Замислете, да каже министер во состав на Влада дека тој поима немал колку била

Република Македонија правна држава. Па што да мислат граѓаните на Република Македонија  Човек кој седи во кабинет на Владата на Република Македонија, министер што основно му е да знае што е устав, што е закон итн., тој кутриот поима немал. Што да чека народот. Изгледа почитуваниот г-дин не е правник тоа е сигурно. Од толкав радост, од толкава среќа човекот направи тоа што направи. Меѓутоа, пак ќе повторам, ако почитуваниот г-дин Стефче Јакимовски, не дај боже умреше пред САД да ја признае Македонија, немаше да дознае ни дека во Република Македонија постои антикорупциска комисија, уште помалку ќе дознаеше дека тој ги пречекорил овластувањата. човекот си ги отвори трговските и угостителските објекти, претходно затворени, со службени овластувања, по налог на Управа за приходи, се со цел, ајде да славиме, иако го промашивме и молкот, иако е во спротивност на законот, што значи молк, кога ре референдум во прашање и сега, благодарение на тоа, значи среќна околност, сега тоа има прилика а се запознае и со многу други работи, па сега оди на отчет кај јавниот обвинител, таму објаснува колку бил среќен и радосен, ама кажува не ме ставајте во ист кош со овој другиот што иде со мене, затоа јас и тој сме различни. Јас само не знаев што е право односно јас од премногу голема среќа само сум пречекорил овластувања, ама не сум правел корупција.

Господинот мандатар за овој министер изјавува, Стефче е добар човек само има долг јазик и многу зборува. Веројатно во овој нов состав тоа право ќе му биде ускратено. Господине мандатар заборавивте да кажете во изјавата дека и премногу се смее. И покрај тоа што има долг јазик и премногу се смее, исто така, за некои сериозни прашања. Се надевам дека ќе го дисциплинирате. Најинтересно, ако не ни беше Стефче Јакимовски, ние сигурно немаше да имаме 11 месеци пад на индустриско производство затоа што тоа е рекордот кој Република Македонија го достигна. Ако не ни беше Стефче Јакимовски, министер за економија, ние денес немаше вака убаво да живееме. И сега, благодарение за сите заслуги кои министерот за економија тогаш ги направи во економија, сега треба да ја среди социјалата. Ако ни ја средува социјалата како и економијата, тешко на социјалците. Богами нека му ја мислат.

Ризван Сулејмани и него не го гледам, добро тој ми е познат, си се знаеме од поодамна.

Почитувани колеги,

Најголемата жртва на политичките договарања според мене е господинот Александар Гештаковски. Тој од старт беше зафатен со децентрализацијата и сето

она што следеше по неа. Овој ресор сега се препушта на ДУИ и тоа на човек кој во оваа област е апсолутен новак, значи новајлија, или во превод што  нема поима од оваа работа. Истиот доаѓа во момент кога претходниот министер најтешко помина од сите, особнео кога референдумот не успеа. Неговата основна цел и задача, мислам на новиот министер, ќе биде да ја направи, почитувани колеги, линијата на разграничување помеѓу општините, согласно законот за територијална организација, или поделба, како сакате, нормално согласно апетитите и желбите на ДУИ и според нивната зацртана агенда. Се разбира, апсолутно не е случајно, зошто така лесно ДУИ се откажа од заменик министер за одбрана, значи око не му трепнува за одбраната, туку дај да го трансформираме во локална самоуправа и Ризван Сулејмани да ја понесе таа главна задача. Нели ви е јасно која е целта. Жртва ни беше потребна. Гештаковски си ја истера целата работа, си ги собра сите критики, си го собра целиот притисок и овде од нас пратениците и од јавноста и од референдумот и ги убедуваше граѓаните да не излегуваат на референдумот, во стилот, некои прашања не заслучуват одговор, засега да премине како жртва. Сега доаѓа ДУИ, во конкретната реализација на она што со закон е направено.

(реакции во салата)

Ако ви е досадно да прекинеме, ќе продолжиме утре. Гледам дека мандаторот многу се нервира.

Јас почитувани колеги мислам дека за овие работи треба да се зборува. Ни се се нуди состав на влада и го имаме тоа право.

ВЛАДО БУЧКОВСКИ:

Павите театар.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Не правам театар г-дине мандатар. Вие правите театар. Ако мојата дискусија наликува на театар, вашата незнам на што наликуваше. Бидете трпеливи. Имаме право да дискутираме. Деловникот тоа ни го овозможува и нине тоа ќе си го кажеме колку и да ви смета на вас тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Продолжете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

За Благоја Стефановски посебен мотив, човекот е од Битола, јас од Прилеп, традиционално непријателски градови.

Денот на знамето, како државен празник на Албанија, годинава кај нас Албанците го прославија со државни пари добиени од Министерството за култура. Манифестацијата наречена “Скопје слави”, беше најавена исклучиво како културно уметничка програма. Министерот за култура се кколнеше дека програмата е стсрого уметничка. Арно ама, од она што можеше сам да види, најмалку славеше Скопје. Се виореја само знамиња на Албанија. Немаше Македонско знаме, знаме на држава во која живеат и со чии пари ја слават манифестацијата.

За појаснување, министерот одобри 600.000 денари за воспевање на знаме на една соседна држава. Министерот потоа свати дека немал поима дека зад сето тоа стои одбележување на туѓ државен празник. Тоа е една работа, која сакам да ја потенцирам, бидејќи и понатаму го предлагате за министер.

Второ, случајот Пелинце, е посебна приказна која се врти за името на овој министер, а за која веќе и тој заедно со останатиот колега кој седи до него е повикан на разговор кај јавниот обвинител. Да го образложам малку тоа.

Значи, според извештаите на Антикорупциската комисија прекршен бил и законот за јавни набавки при изгрдба на меморијалниот центар АСНОМ. Според Комисијата која побарала одговорност од министерот, набавките биле извршени без тендер, односно со непосредна спогодба, а биле потрошени 2.145.498 денари за изработка на главен проект, 262.400 денари за ревизија на главниот проект и 17.165.000 денари за изработка на мозаик.

За изградбата на Меморијалнот центар на градечното претпријатие Бетон треба да му се исплатат уште 120 милиони денари од кои 9 милиони веќе се исплатени и сето тоа е направено без тендер, спротивно на Законто за јавни набавки. На овој начин, јасно е дека е прекршен законот за јавни набавки, а да ве потсетам дека ние носевме еден таков закон, дури го и менувавме и донесовме нов, каде кажувавме и каде пишува дека тој закон мора да се применува до секоја реченица. Не навлегувам во тоа како г-динот Благоја Стефановски ќе заврши на суд, затоа што сум свесен дека презумцијата на невиност важи и за него како и за сите. Меѓутоа, зборувам од морален аспект. Кога едно име постојано се врти во јавноста во сомнежи на корупција, во сомнежи на разни други дејности, ние имаме право од морален аспект да дискутираме. И вие со тоа ќе се согласите, сакале или не.

Сега, ако пак го отвориме прашањето колку министерот за култура се ангажирал за изградба и реставрација на македонските споменици, тоа е посебна приказна. Јас само ќе спомнам дека откако е дојден, а пред неговото доаѓање само

да ве потсетам дека имавме грандиозни проекти во културата, да не ги спомнувам Плаошник, Широк сокак, Самоиловата тврдина и тн., значи со доаѓањето на Благој Стефановски буквално ништо не се случи во културата. Знаете и знаеме сите како ја прославивме 60-годишнината од АСНОМ, знаеме многу други работи и за да не ви биде досадно кога станува збор за  Благој Стефановски тука би престанал, инаку има уште многу, многу што да се каже. Но тоа вие најдобро го знаете и нема да должам.

Агрон Буџаку не е предложен.

Кај Зоран Шапуриќ само не ми е јасно зошто Љубомир Јанев е сменет, затоа што мислам дека Љубомир Јанев имаше висок рејтинг во јавноста и е еден од најмалку корумпираните министри во Владата. Тоа е факт. Но јасно е дека тој требаше да си оди за да седне Зоран Шапуриќ. Колку пак тој во екологијата направи, тоа е друга приказна.

И треба ли уште? Еве доста. Зборувам во делот на персоналниот состав.

Почитуван претседателе, дозволете ми сега да се осврнам на она што овде ни се понуди како програма, што се кажа во експозето и тоа да го прокоментирам. Некои работи ќе прескокнам, затоа што за состав на министрите веќе кажав. Да речеме, се спомнува реформа на правосудниот систем, но нема што да зборувам за тоа веќе кажав. Потоа за остварување и целосно спроведување на Рамковниот договор веќе кажав, ајде да веруваме дека е така како што ни се кажува во Програмата. За децентрализацијата Ќе видиме.

Сега интересна е безбедносната состојба, за која во експозето и во Програмата се нудат некои најави. Јас би сакал да дадам свои коментари и ќе го кажам следното.

Почитувани колеги, додека македонскиот народ сеуште не знае што точно се случи во конфликтот во 2001 година, сега се соочува со нов судир од меѓуетнички карактер. Сите ќе си го поставите прашањето зошто. Да се вратиме на референдумот, кој значеше подобрување или не на договорот кој произлезе со читање на некоја верзија на Рамковниот договор. Во сите говори - јас ќе ве потсетам - на власта кои сега слободно можеме да ги наречеме победници на референдумот, како лајт мотив се појавуваше загрозена безбедност, доколку граѓаните спречат новиот Закон за децентрализација да стапи во сила. Сите добро знаеме што се зборуваше, дека доколку референдумот успее, безбедноста на Република Македонија ќе биде загрозена. Но што се случи? Референдумот не успеа и сега се

поставува логично прашање: зошто сега Кондово, кој е таму? Криминалци ли се, терористи ли се, што ли се, треба да одговори Владата.

Но почитувани колеги, ова не е единственото прашање за случување во Македонија после референдумот. Граѓаните се прашуваат за уште една контрадикторна работа што се случи наспроти насоките дадени пред референдумот. Почитуваниот екс премиер, господинот Хари Костов, неколку пати се закануваше дека ќе поднесе оставка ако успее референдумот и граѓаните треба да останат дома. Неговата желба се исполни, но сепак Владата падна. Господинот Костов го одработи она што не смееше да му остане на товар сега на новиот лидер, ја напушти функцијата со сериозни обвинувања за Владата, оставајќи го сега СДСМ неспремен за брзо реагирање. Сега се поставува прашањето дали тој вакум простор го искористија одредени терористички организации да го заземат Кондово и да ни поставуваат услови. Јас би рекол не е тоа главна причина затоа што повеќе месеци се зборува, ако не два - три,  уште во составот кога тој беше премиер дека во Кондово нешто се случува. Но, еве сега се избира нова влада, која не слушнавме дека најавува некаква остра борба со тероризмот, како што се залага да речеме Република Македонија за борба против тероризмот во светот, таму каде што испраќаме единици. Секако дека Кондово не е Ирак, стравот од решителна и брза акција е страв за прелевање на кризата на цела Западна Македонија. Па нели, почитувани колеги, владеачката СДСМ  целосно ја разоружала?! Сите сме сведоци, тука го донесувавме законот, учествувавме во таа кампања, се фалевме (значи имавме два пати разоружување) дека  ОНА е комплетно разоружана. Сега ако е ОНА целосно разоружана, ако повеќе не постојат такви единици кои со свое оружје ќе прават дестабилизација, се поставува логички прашањето кој ја прави таа дестабилизација во Кондово. Два пати се обидувавме тоа прашање да го дискутираме овде во вид на точка на дневен ред за случувањата во Кондово, немаше спремност, не слушнав новини од Програмата, па ниту од експозето на мандатарот што со Кондово. Сега како главен предуслов е дајте да се избере владата за да се реши проблемот, иако според мене Владата можеше да го направи и сега затоа што оваа држава има институции, тие институции работат така како што треба да работат. Тоа дека не само Кондово, туку и многу други работи во делот на безбедносната состојба јасно покажува дека Владата е комплетно заложник на ДУИ, е повеќе од очигледно. Не би сакал да елаборирам премногу дека Владата е заложник на ДУИ, тоа го потврди и самиот претседател на Република Македонија  во

моментот кога призна дека сме губеле 3:0 во преговорите, тоа се потврдува и сега, ќе се потврдува и понатаму затоа што навистина ДУИ она што го сака тоа и го прави.

Втора работа која заслужува внимание од Програмата е она што се вика борба против организираниот криминал и корупција, најавена во Програмата. Почитуван мандатар, многу храбро звучат вашите зборови и во Програмата и во експозето како заложбите на оваа влада ќе бидат толку силни да се расчисти со корупцијата во сите сегменти. Сега ќе ве потсетам, односно ќе ви укажам зошто кога зборував за составот на министрите ги потенцирав одредени случаи. Ќе ве потсетам и на тоа дека и екс премиерот, господинот Костов во својата оставка кажа дека корупцијата прво е присутна во Владата. Ќе ве потсетам и на тоа  дека вие не случајно отидовте на разговори со господинот Костов, за да ви укаже за каква корупција станува збор и дека нормално во старт кога ја бирате владата, ќе ги земете тие работи предвид. Не случајно почитуван мандатар, траеше натегањето за Буџаку затоа што и вие сте свесни и она што сега и јас го кажав и вие го потврдувате дека ако ги чекаме судските одлуки и судските расправи да завршат тие ќе ни одземат многу време,  но моралната одговорност стои. За господинот Буџаку се врзуваат, односно за тој ресор се врзуваат многу корупциски скандали, кои верувам со судска одлука ќе излезат на видело,  но кои јасно покажуваат и укажуваат дека во Владата постоеле и постојат корумпирани елементи. Ви го посочив примерот со министерот за култура, примерот со Стевчо Јакимовски, беше Агрон Буџаку сега не е, меѓутоа, тоа звучи, тоа удира и народот со право ќе се праша: ако вакви корупциски фактори, работи, стојат директно во министерскиот состав, што се случува на друго поле, што се случува во целата таа работа која се вика држава. Значи и последниве денови имаме прилика да слушаме за разни продажби на државно земјиште по разни багателни цени, потоа нивна препродажба по повисоки цени,  да не повторувам што се се зборуваше за господинот Буџаку, знаете вие сам. Имаше изјави од господинот Хари Костов, кој да не заборавиме дека беше прв полицаец, кој многу аргументирано овде и ЦД ни вадеше кога зборуваше за опозицијата и кога ја обвинуваше опозицијата дека е корумпирана и дека целата корупција завршила со паѓањето на ВМРО-ДПМНЕ од власта. Овде некој ни читаше колку сладоледи некој изел и ни кажува што се се случува 2002 година. Значи тоа е многу дискутабилно. Никогаш почитуван мандатар немало признание од премиер во Република Македонија, кој имаше доблест да излезе и да каже. Убеден сум дека тоа е само мала ситница која излезе и ја кажа јавно, а сигурно повеќе  ќе каже на јавните

институции. Исто така, тоа беше главниот мотив за неговата оставка и се надевам дека вие ќе земете поука од тоа за да не ви се случи истото. Дали е тоа бегање од обврските или од одговорноста, како што некој сакаше да каже, или човекот толку работи знае, толку работи насетува што единствен излез беше што побрзо да избега и да ја напушти функцијата премиер. Не би сакал да ги читам сите овие податоци овде кои стојат за корумпирани скандали, ајде да не тргнуваме од тоа дека зборувам нешто што не е кажано, затоа што сметам дека јавноста навистина доста работи знае од ова и убеден сум дека тоа еден ден ќе излезе на виделина.

Одиме понатаму. Мислев дека во вашето експозе и во вашата Програма, поведени од претходните искуства, нема ништо да спомнете за економијата. Меѓутоа, спомнавте и навистина кога го слушавме експозето, па и кога ја читавме Програмата дојдовме до констатација дека премногу добро звучи, само малку реални показатели и малку реални факти во тоа што го зборувате и го предвидувате во Програмата може да се остварат. Јас ќе ви кажам само неколку работи. Земете го почитуван мандатар буџетот кој сега Владата го усвои за 2005 година, прочитајте го внимателно, бидејќи вие сега како премиер ќе го застапувате и видете буџетот што кажува за тоа што вие го кажавте овде во вашата Програма. Читајќи ја програмата, читајќи го буџетот во образложението, главниот удар, главната надеж за економскиот раст на Република Македонија го сведувате во делот на порастот на индустриското производство, рестартирањето на претпријатијата во Република Македонија и странските инвестиции кои сега треба да дојдат што повеќе и повеќе. Да се зборува и да се става акцент на пораст на индустријата, а да се заборави фактот дека токму 2004 година имавме индустриски пад во континуитет 11 месеци, кој пад варираше од 40%, 20%, во просек не знам колку е, нека е 17%, меѓутоа, имавме континуиран пад на индустриското производство. Сега од каде одеднаш таа надеж, за да се проектира раст на бруто домашниот производ од 3,77% како главна поента токму порастот во индустријата, индустриското производство, навистина не знам од каде го црпи. Ако се земе предвид порастот на трговскиот дефицит, кој оваа година надминува над милијарда долари, од друга страна не знам како мислите да го стимулирате и тоа.

Се повикувате, како главни адути останува рестартирањето на рудницирте Злетово - САСА, Тораница, потоа успешното работење на Балкан Стил, како и активирањето на Бунарџик. Она за кое овде некој спомнуваше лопати сега е главна стратешка цел на оваа влада во делот на економијата. Но нема никакви најави за

нови инвестици, нема конкретни показатели за влез на позначајни компании во наши фирми, а уште помалку активирање на капиталните буџетски пари во конкретни инфраструктурни проекти. Останува нејасно зошто повторно во зенит се става индустријата кога претходно се велеше дека освен оваа дејност - зборувам за 2004 година - на сите други им оди прилично добро, па затоа во иднина вниманието повеќе треба да се насочи во нивниот развој. Така, според владината математика порастот на индустриското производство би се движел во 2005 година од 6 до 7%. Сега каде тоа го гледате како Влада? Ова што сега го зборуваме е конкретно понудено во буџетот, кое јасно укажува дека она што го ветувате во Програмата и во експозето е далеку од реалноста. Значи позитивен придонес за овој пораст од 6 - 7% би бил токму во гранките кои годинава или воопшто не работеле или работеле, ама многу слабо. Надежта што овие или дел од овие капацитети се продадени или ќе се продадат е многу слаба надеж, барем за 2005 година, затоа што тој процес нема да оди така брзо. Од друга страна, ако се земе предвид високиот трговски дефицит за кој кажав, потоа состојбите во прехранбената, текстилната, челичната индустрија, градежништвото и особено земјоделството, јасно е дека и оваа влада нема визија ниту решение за овој проблем, кој се вика економски раст, како што нема и за друго.

Значи ништо ново нема да се случи, освен да се приспособиме да живееме во сиромаштија или да очекуваме дека можеби советниците на владата, кои сега пак доаѓаат од кругот на бизнисмените, ќе извлечат некој кец в ракав одпосле. Ако пак на сето тоа го додадеме и она што претходно го кажав дека главните ресори - економија, транспорт и врски и земјоделство му ги даваме на ДУИ, не знам што да очекуваме во делот на економски развој.

Да ве потсетам кога зборувам цело време дека овие ресори се даваат на ДУИ, сакам само да спомнам дека ова не се мои обвинувања, туку од претходниот премиер кој ја нарекуваше корумпиран коалиционен партнер, партнер кој ништо друго не го интересира освен националните интереси, непотизмот и корумпираното однесување. Тоа јасно зборува дека економија нив не ги интерсира.

Одиме понатаму во делот што се вика програма на Влада. Најавувате ублажување и решавање на проблемот на вработувањето. За ова навистина при секој избор на Влада се изнаслушуваме, да не зборуваме сега што се ветуваше, да не зборуваме колку на тоа поле сработивме и колку допрва ќе сработиме. Неколку работи се јасни, да ги расчистиме. Прво во овој проблем во овој дел едно е сигурно јасно дека нема ништо од она што се вети, поточно нема да има вработување на по

еден член од семејство. Со тоа расчистивме, не го слушнав мандатарот и новиот лидер на СДСМ. Значи, граѓани на Република Македонија не очекувајте, иако го дадовте гласот на 15 септември дека еден член од семејството ќе ви биде вработен. Но, да не критикуваме се и да не велиме дека нема да има вработување. Точно, ќе има вработување така најави и во програмата, но вработувањето ќе се одвива исклучиво во делот на албанската заедница за која што еден основен приоритет е токм тоа, за која што коалициониот партнер ДУИ во Владата дури и неспорните закони во Владата не ги гласаше заради тоа што наметнуваше проблем со непотизам, да се вработат волку или онолку за да гласаме, или не гласаме. И сега сум сигурен дека ДУИ ќе ги искористи сите средства кои се на располагање и дека во тој дел апсолутно нема да попуштат и дека ќе настојуваат да се вработат ама баш сите албанци во Република Македонија таму каде што тие сметаат дека треба. Нормално, албанците ќе ги вработуваме, македонците ќе ги отпуштаме од работа. Секогаш ни се случуваат разни изненадувања, или некои податоци кои ни се сервираат од време на време. Еве деновиве слушнавме и од меѓународни институции, како да свртите секаде албанци има малку, иако се кажуваат дека ги има многу, меѓутоа, кога се зборува за вработување, секогаш се малку. Свртете ги како сакате бројките, во правосудството немало 25,17%, или 60, незнам колку. Сега пак дури и во адвокатурата немало. Навистина нелогична работа. Барем во адвокатурата незнам кој ги спречуваше албанците да не бидат адвокати, тоа е приватна дејност, кој може да им брани. А никој не го поставува прашањето дали има толку кадри. Но, и тоа не е проблем, сигурен сум, затоа што ако трговскиот дефицит ни расте и увозот на кадри од пошироката околина ни расте. И затоа, овде читаме буквално секој што ни се предлага од ДУИ, дали е тоа министер, дали е тоа заменик, или можеби директор, со диплома од Приштина. Па нели, 15 години живеел таму, ама бил роден овде и тој си е наш кадар, нели? Значи, да не контрираме, да, вработување ќе има во делот на албанската заедница.

Кога сме кај вработувањето, едно со друго мора да го поврземе. Зборуваме за реформи во јавна администрација, мандатарот кажа дека на потег е решавање, во таа реформа најавен е законот за јавни установи итн. Меѓу другото ќе се продолжи во правец на реформа во администрација, со намалување на администрацијата. Господине мандатар, незнам колку вие знаете и незнам колку сте запознат, можеби не сте, колку ја намаливте администрацијата оваа година и дали воопшто ја намаливте? Затоа што показателите зборуваат спротивно. Наместо да е намалена

иако имаше отпуштања, факт е дека имаше отпуштање, проверете, ќе видите дека јавната администрација повторно е зголемена, ако не, е на исто ниво како што и била. Колку што се испуштаат, толку се вработиле, што со решение, што со договор на дело, што заради пропорционална застапеност, што заради примената на уставното начело итн. И јас незнам како ќе се справиме со овој проблем.

За земјоделскиот сектор многу добро звучи дека оваа година во Буџетот се предвидени 100 милиони денари повеќе од ланскиот, значи, убаво звучи. Но, каде ќе ги искористиме и како ќе ги искористиме ќе видиме. Јас го кажав мојот сомнеж, стојам на тоа, а времето би сакал да ме демантира, затоа што аир ќе видат земјоделците. Секогаш најмалку се посветува внимание кога се прави програма, или кога се зборува за експозе за екологијата и затоа навистина незнам што да кажам и затоа не гледам ни господинот Зоран Шапуриќ што мораше да напушти од пратеник, затоа што тоа министерство во Република Македонија верувајте исто како да не постои.

Странските инвестиции една од омилените теми на СДСМ, овде ви е, да ве потсетам програмата, не би сакал да ја отворам. Само секоја година се најавува, или експозеа од господинот Црвенковски толку пари ќе дојдат, помалку ќе дојдат, па потоа разни математики. Меѓутоа, факт е дека странски инвестиции нема. Значи, да не се лажеме, “повелете во Република Македонија” убаво звучи. Господине Бучковски еве сега дозволете да си земам за право во експозето најчести зборови беа повторувани “повелете во Македонија, оваа Влада, оваа Влада”. Мене тоа ме потсети на Вапцаров. “Оваа земја по која чекорам, незнам колку е моја итн.” На тоа ме потсети. А “повелете во Македонија”, ме потсети на една песна од Игор Џамбазов која вели: “повелете во Хотел Македонија”и имаше една “Хотел Калифорнија”. Јас господине мандатар знам дека не ви е ова прв пат вака да се нервирате, па после ми реплицирате дека не ме бива за премиер. Мислам дека можете да се стрпите, ќе завршам.

Имам уште за здравство, за социјална заштита, за одбрана, за внатрешни работи, безбедност. Значи, не одам повеќе по програмата и експозето.

Ќе завршам почитуван мандатар со вашите зборови. Застанав кај странските инвестиции. Повелете во Македонија и јас ќе кажам, повелете во Македонија сите странски инвеститори. Ама нема да речам: “ повелете во Македонија” на сите учки и нема да речам на сите оние од Косово кои не посетуваат илегално, нив нема да им речам: “повелете во Македонија”, туку нив би им рекол нешто подруго. На нив ќе им

кажам дека не сте добредојдени во Македонија, затоа што местото не ви е тука. На странските инвеститори не треба да им се каже: “повелете”, затоа што тие многу добро знаат која е Република Македонија и многу добро знаат каква ни е и безбедносната состојба и каква ни е правната сигурност, тие многу добро ги знаат тие работи, така што и колку да велиме, повелете, тие многу добро знаат дали треба да дојдат и кога да дојдат.

Почитуван мандатар, кога во континуитет во Република Македонија нема да ни се случува принципот кој се воведе, не со вашата, туку претходните влади од 2002 година наваму, да со сила на средства, на присилба и закана доаѓа до највисоките институции на власта и да ни се повторуваат во континуитет и покрај Рамковниот договор, значи Кондово и уште незнам што, така не можеме да гарантираме пред странските инвеститори дека ние сме сигурна држава за инвестирање.Мислите ли вие дека странските инвеститори ќе дојдат откако ќе го пополниме прашалникот? Не. Затоа што само пополнување на прашалник не значи ништо. Сето тоа треба да го реализираме во прашалникот. Вас да ве прашаме дали оваа Влада ќе опстои после 2006 година, вие ќе речете да, но тоа неможе да значи, затоа што конкретните показатели ќе кажат и она што ќе го сработите овие две години. Значи се на се кога ќе се сублимира јасно е дека оваа Влада како и сите пред вас од 2002 година наваму нема никаква визија. Нема никаква визија во ниту еден сегмент за кој што се зборува. И не случајно почитуван мандатар говорот ви наликуваше како некој говор, односно експозето во она време некогашно кога имавме прилика во едноумието да слушаме такви идилични говори кои не знаевме дали ги кажува поет. Да, можеби е носталгија, ве влече минатото. Но, факт е дека така звучеше. Но, да ви кажам една работа, народот ги заборави тие песни, повеќе не гледа ни партизански филмови, уште помалку кумровачка школа. Народот сака конкретна реализација, народот сака да види дека од утре ќе живее подобро. Народот сака да верува во секој избор на Влада дека овде е решението и сега ќе ни биде подобро. Ама знаете ли што се случува? Пред секои избори, пред избори за претседател, пред референдум, пред незнам кои други избори, секогаш народот вели: “гласам за да ми биде подобро”. Колку му е подобро фактите покажуваат, владите ни паѓаат како онаа песна што вели: “паѓа влада секоја година”. И оваа Влада и во програмата, но и персонално и колку да сакам да верувам дека вие сакате и сте реформатор, да направите, тешко ќе можете да направите, затоа што сум убеден дека 2005 од она што го имаме како фракција ќе биде иста како 2004, ако

не и полоша. И затоа почитуван мандатар во програмата завршувате, знаете дека не рековте: “да живее Македонија”. Во програмата завршувате, знаете ли како? Еве ќе ве потсетам јас. “Владата оценува дека социјалните трошоци во земјата ќе бидат големи, напорот и промените за граѓаните ќе бидат значителни. Разочарувањата во одредени периоди веројатни. А помош од страна сепак недоволна. Меѓутоа, проценка е дека успешно завршената транзиција, пазарната трансформација и структурните реформи ќе донесат коренити промени”. Ова е приказна за мали деца. Затоа ќе одговорите во разговор со опозиција и со сите така. Меѓутоа ова, првите реченици  се вистина, тоа ќе се случува во 2005 година. Се надевам дека нема да продолжи во 2006 година ова што го гледам и ова што го читам и ова што го слушам и овој состав кој го имате не гарантира ништо подобро од она што го имаме. И затоа јасно е како ќе гласам, па вие заклучете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави господинот Хусеинџевад Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Со внимание го следев господинот Караџоски и на крај заклучив дека навистина тој се покажа како врвен мајстор за денигрирање и на сосема белото. За да бидам разбран, тоа значи, се покажавте мајстор молер кој фарба само на црна боја. Занаетот не ви е од многу корист и популарен, бидејќи црното асоцира на лоши нешта, од црните личности, иницијативи, проекти, се што големата ваша четка зафати. Вие на овој начин зборувавте и за господинот Иџет Мемети, па сега го фалите. Вие дали му поверувавте, а не му поверувавте на господинот Хари Костов кој спомна нешто на оваа говорница за една ташна наполнета со милиони марки, на една канцеларија во Владата и тн. Вие најверојатно тоа и не го паметите. Господинот Хари Костов јас како го сваќам, а вие сосема му верувате, дозволете јас да не му верувам. Зошто да не верувам дека господинот Хари Костов бидејќи не изврши некои работи за некои бизнис групи, се повлече и најлесниот начин најде да се покаже како херој и долго да се памти, да удира по еден албанец и тоа беше овој пат Буџаку.

Господине, вие не барајте корупција во ДУИ. Ние од ДУИ неможеме дури ни шегрти да ви бидеме за корупција. Сите финансиски вентили и канали се во рацете на Македонците. Албанецот да ги има и способностите на еден Дон Корлеоне, не ќе може ништо да стори.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Само да е Дон Корлеоне жив ќе му позавиди на Буџаку.

Господине Хусеинџевад Хусеини, јас молер не сум, за четки, незнам, ова не го разбирам што сакате да кажете. Ташната која ја спомнуваше господинот Хари Костов верувајте дека уште ја бара, ама таа ташна ја бараше и кај вас. Во ташната наша најде само две диви свињи кои ги отепа сега скоро, а за вашите допрва ќе каже во Јавно обвинителство и се надевам ќе излезат на видело.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да ја чуеме вашата корекција г-дине Трендафилов, само немојте да го налутите г-динот Караџоски.

ЃОРЃИ ТРЕНДАФИЛОВ:

Благодарам г-дине Јордановски.

Освен со еден наод во целост се согласувам со почитуваниот колега што кажа, а мојата корекција е во делот кога зборуваше дека оваа Влада е заложник на ДУИ и тука би сакал да интервенирами тоа ќе го направам. Имено, СДСМ како носечки дел на извршната власт во Република Македонија е во политичко и во секакво друштво затоа што СДСМ така одбрал. За жал изборот на СДСМ не прави мене и македонските граѓани и оваа земја да се чувствуваме и буквално да бидеме заложници. Не Владата, не извршната власт. Тоа беше мојата интервенција.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас ќе интервенирам, ова не беше корекција, ова е ваше мислење. Се извинувам корекцијата значи нешто погрешно. Тоа е ваше мислење, не е корекција, и не злоупотребувајте реплики за тоа. Корекција е ако каже невистина. Ова што вие го рековте тоа е ваше мислење, тоа не е корекција, тоа е ваше мислење.

Господине Караџоски, сакате вие да одговорите. Или се сложувате, за корекција. Добро.

Повелете г-дине Рафис Алити имате три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам г-дине претседателе,

Навистина г-динот Караџоски неколкупати во текот на неговата расправа искажа еден сенс дека има сенс за хумор и тој по се изгледа дека Собранието го разбира како еден театар и како уметник сигурно би бил добар артист бидејќи се гледа дека добро глуми од говорницата. Тој ја спомна ДУИ и претседателот на оваа партија и тоа неколкупати, исто така го спомна и господинот Агрон Буџаку и т.н. Покрај другото спомна кој ги именува министрите во ДУИ и кој донесува одлуки за

нивно разрешување. Вистина е дека ДУИ и двата други партнери имаат свои политички платформи и се разбира ние како политичка партија именуваме и разрешуваме министри независно дали сме задоволни од нивното работење. Кога сме задоволни мислиме дека треба да не биде и понатаму да врши таква должност бидејќи ќе оди на друга должност и тука нема ништо лошо.

Во текот на вашето владеење со вашиот коалиционен партнер дали вие ги избиравте министрите на вашиот коалиционен партнер, мислам на албанците што ги имавте во вашата коалиција. До колку е така тогаш народот ќе ви каже аферим бидејќи ќе излезете и ќе барате гласови од вашите гласачи.

Во однос на корупцијата г-дине Караџоски вашите функционери и денеска се шетаат по светот со полни ташни, од премиерот, од министерот за одбрана, ако се сеќавате, еднаш рековте 3 милиони евра или марки незнам, потоа отидовте на 13 милиони марки, додека вашиот премиер незнае каде да ги однесе парите во светот, на кои жиро сметки и е принуден да се шета во Мексико, Америка, Турција и т.н. Еве за жал сега се наоѓа на црната листа и сигурно дека не може да ги изврши тие посети на светските банки.

За Далаверски е работа засебе, посебна работа. Вие г-дине Караџоски спомнавте покрај другото и за случајот на Липково и се гледа дека тој случај вие јасно не го знаете, како функционира тој механизам. Покрај другото, ги спомнавте деновите Скопје слави. Вие заборавате дека албанците се граѓани на Република Македонија и тие партиципираат во Буџетот и е нормално дека еден дел од парите треба да им се врати на тие граѓани.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Ви благодарам што ме потсетивте дека албанците биле граѓани на Република Македонија и тоа јас го разбирам иако вие мислите дека не го разбирам, меѓутоа да се слави знаме на друга држава тоа никако не го разбирам особено не со државни пари на Република Македонија, а министерот да нема поим зошто ги дава.

Тоа дека мојот премиер се шетал незнам каде, јас незнам на кого мислите. Мој премиер и ваш премиер од сега па натаму ќе биде Бучковски.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Збор има г-динот Абдулаќим Адеми, а потоа нека се подготви г-динот Џевдет Насуфи.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Ви благодарам г-дине претседател, вистина да кажам дека размислувам дали да се јавам по долгиот говор на г-динот Караџоски кој што направи една извонредна пропаганда на ДУИ, но бидејќи бев пријавен ќе говорам.

Почитуван мандатар, почитувани кандидати за министри, по оставката на бившиот мандатар Хари Костов ние денеска дискутираме за избор на нова влада предложена од мандаторот г-дин Владо Бучковски. Оваа Влада за која ќе гласаме на оваа сеанса е четврта од изборите на 15 септември 2002 година. Иако на дневен ред не е оставката на бившиот премиер, но сепак како последица од неговата оставка ние денес дебатираме за новата Влада и сигурно дека ќе гласаме за оваа Влада.

Во неговата оставка или во образложението за оставка бившиот премиер рече дека не може да биде премиер на една влада каде што се разговара или пак се договара врз основа на некој притисок од некој член од коалицијата кој што постојано инсистира на имплементација на Охридскиот договор и правичната застапеност, се разбира алудирајќи на ДУИ.

Доколку со внимание се анализира оваа изјава на бившиот премиер, може да се констатира дека овие не се вистинските образложенија за оставката. Зошто велам вака? Затоа што целосната имплементација на Охридскиот договор и правичната застапеност се обврски прифатени со потпишувањето на Охридскиот договор и на крајот на краиштата овие се веќе и уставни норми. Јас како пратеник на ДУИ ќе повторам уште еднаш, ќе го повторам уште еднаш ставот на мојата партија дека се ангажираме  за целосна имплементација на Оридскиот договор, бидејќи ова е еден од условите што Република Македонија треба да ги исполни за интеграцијата на државата во евроатланските интеграции. Затоа неслучајно во Програмата што мандатарот ја достави до пратениците, во првата точка се спомнува за имплементацијата на Оридскиот договор.  Во неговото експозе вчера мандатарот ја спомна  имплементацијата на Оридскиот договор. Јас во секој случај ќе застанам на некои приоритети за кои што новата Влада треба да се ангажира и да ги реализира.

Од почетокот на 90-тите години овде во Република Македонија се спомнува зборот реформа. И, кога овој збор ќе се слушне каи граѓаните тие подразбираат загуба на работните места и на социјалната помош, во образованието и т.н. Мислам дека недостасуваше, а можеби недостасува и натаму концептот односно стратегијата за реформа. Секоја власт до сега или сите политички партии во своит предизборни кампањи ветуваат дека со нивното доаѓање на власт ќе започнат

реформи. Кога ќе ја добијат власта на некој начин ја ставаат на страна оваа реформа илипак се плашат да почнат со реформи.

Владите кои што произлегоа по 15 септември 2002 година започаа со реформи  во администрацијата, во судството, во здравството и т.н. Само за потсетување дека во овој парламентарен состав ние донесовме многу закони кои што за цел ја имаат реформата во образованието, во здравството, урбанизмот, локалната самоуправа, финансиите, судството и т.н. и т.н.  Но, реформите не завршуваат со донесување на законите во Парламентот, туку во тој момент реформите започнуваат.

Во неговото експозе вчера мандатарот започна со една многу чувствителна и комплексна тема, започна со сиромаштијата и невработеноста. Сите се согласуваме дека ситуацијата е таква каква што ја спомна тој. Затоа во оваа област треба максимална обврска работа и координација на министерствата.

Првата работа што треба да се направи е усвојување, донесување на еден документ, проект наречен стратегија за намалување на невработеноста и ублажување на сиромаштијата што сите земји во транзиција го имаат. И, овој документ ќе ги опфати сите аспекти за решавање на невработеноста и намалување на сиромаштијата и ќе се донесат обврски за секој сектор. Во многу земји овој документ се усвојува од страна на Парламентот со цел да биде облигативен за Владата.

Мислам дека ова искуство треба да го оствариме овде кај нас, во Република Македонија.  Сигурно дека еден придонес во намалувањето на невработеноста и сиромаштијата треба да дадат и странските инвестиции, но за да се добијат овие инвестиции во прв ред треба да се исполнат некои критериуми и услови во Република Македонија тргнувајќи од создавање на клима за бизнис, гарантирајќи го капиталот на инвеститорите и она што е најзначајно за намалување на процедурата за давање инвестиции. Значи, што побрзо треба да се донесе систем на услуги во оваа област. Посебна улога во оваа област во создавањето на добра клима за бизнис имаат и медиумите.

Не може да се инвестира или пак не можат да се донесат инвестиции од странство во една земја кога прва вест во медиумите е црната хроника, каде што на многу остар начин се напаѓа еден носител на функција затоа што не се почитуваат услови на олигархиите или што не му оди во прилог на издавачот на весникот. Еден по конструктивен пристап на медиумите може да се даде во оваа област, во оваа

насока. Јас сум против цензура, јас сум за слободно мислење, но исто така сум и за етика во новинарството.

Околу интегративните процеси на Република Македонија во структурите на НАТО и на ЕУ мислам дека имаме консензус како на политичките партии така и од страна на граѓаните и затоа во овој правец не треба да се размислува многу како Влада и она што треба да се направи е извршувањето и реализацијата на домашните задачи и исполнувањето на стандардите и критериумите.

Во овој состав на идната Влада предложена од мандатарот ние како демократска унија за интеграција сме претставени со еден вицепремиер и петтмина министри. За нас нема значење бројката со колку министерства ќе раководиме, туку од значење е квалитетот на кадарот што ќе биде на чело на овие минситерства. Јас со одговорност можам да речам дека кадрите кои што се предложени од ДУИ се компетентни луѓе кои што се докажале во минатото. Од бившиот премиер сме обвинети дека ние како партија не сме многу заинтересирани за економијата и економскиот развој и нашето ангажирање во власта е само заради реализација на правичната застапеност на албанците во институциите. Јас на почетокот реков и повторно ќе го повторам тоа дека ние ангажирањето за имплементацијата на Оридскиот договор ќе го имаме како перманентна задача, но исто така ќе се ангажираме и за реформи, борба против корупцијата и економскиот развој на земјата. Дека е тоа така го докажува и фактот дека в оиднина со Министерството за економија, Министерството за земјоделие, за транспорт и врски кои на директен начин се поврзани со развојот на државата, ќе раководат кадри од ДУИ. За докажување дека ние иаме и капацитет за раководење со најтешкиот процес во една земја, центраизирана земја и во транзиција како што е процесот на децентрализација, ние како ДУИ ќе имаме и една многу позначајна задача во оваа Влада, ќе бидеме на чело на Министерството за локална самоуправа. Најзначајната фаза од децентрализацијата на власта е тоа што следи, а особено по локалните избори кои ќе бидат идната година. Мислам дека имаме добра законска основа овој процес да се развива без поголеми проблеми.

И во областа на образованието актуелниот министер во минатата Влада реаизираше реформи и реализираше голем број проекти. Реформи во оснвоното и средното образование се евидентни, а со тоа се обезбедува повисок квалитет на образованието. Сега Република Македонија ја потпиша и Болоњската конвенција и на пат е за нејзина имплементација. Сигурно во областа на образованието она што

треба да се подобри е училишната инфраструктура и создавање на услови за развој на образованието.

Воопшто оваа Влада ја очекуваат многу мачни работи, но убеден сум дека има капацитет да се соочи и да ги реши сите проблеми. Освен секојдневните обврскиоваа Влада треба да организира и слободни избори идната година, локални се разбира. Ова ќе биде и првиот тест и главниот тест, не само за Владата тукуи за целата држава. Доколку успееме да организираме слободни и демократски избори без инциденти, тогаш можеме да речеме дека сме поблиску до исполнување на условите за статусот на земајта за кандидат за Европската унија и за интегрирањето на државата во структурите на НАТО.

Повеќе нема да продолжам, на крајот ќе заклучам со тоа , посакувајки и успех на идната Влада и мислам дека оваа Влада има капацитет за успех.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Матоши, барате реплика.

Повелте три минути.

РУЖДИ МАТОШИ:

Би сакал да му поставам едно кусо прашање на г-динот пратеник. Зошто до сега во неговото село нема изградено спортска сала, еве три години што е на власт и кој е виновен за ова. Зоштоне е изградена таа сала зошто не го изградат училиштето во Дебарце. Тоа е од зоната од каде што доаѓа овој пратеник.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

И во моето село нема спорстка сала г-дине Матоши.

Повелете.

АБДУЛАЌИМ АДЕМИ:

Незнам дали ќе имам време.Спортската сала во Шемшево е во фаза на изградба, немојте да се грижите многу за тоа. И зошто школото во Дебарца се спомнува дека не е изграедено, одговорот треба да го добиете од човекот што седи пред вас, бившиот заменик на Агенцијата за зони кои што не се развиени. Мислам дека се дадени доволно средства, а кој ги злоупотребил тие средства, незнам каде се, тие средства не се искористени, или пак се искористени само 30%, а другите не знаеме каде се. Одговорот ќе го добиете од Зуди Џелили кој што седи пред вас и мислам дека за ова треба да се размислува поинаку.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Насуфи, стигнавте конечно, со едно мало доцнење, тоа се случува, а потоа е г-динот Фатмир Асани.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Благодарам г-дине претседателе, сигурно дека вашата забелшка е на место, за разлика од г-динот Караџоски, кој за жал, етикетира се што значи  алабанско, критикуваше се што е многу благо, се што е македонско. Јас за разлика од него ќе се потрудам да бидам принципиелен, како што во суштина и ДУИ, конструктивна, уште на почетокот на нашето дејствување до денешен ден, било тоа во случајот со Кондово, или во било кои други слични случаи.

Г-дине мандатар, можни наредни министри, да се корегирам што вчера претседателот на место ми укажа дека ги кажав како министри, но тие, сеуште не се изгласани. Ова е во суштина трета Влада на оваа коалиција. Во продолжение од самостојувањето на Македонија, во суштина, можеме да кажеме дека е албанско-македонска коалиција, широка коалиција. Зошто го нагласувам ова албанско-македонска коалиција? Го нагласувам поради причината дека обично ваквите коалиции широки се повеќе од потребни и се императив за да се решат во прв ред конфликтните проблеми, меѓуетнички конфликтни проблеми. Сите минати влади од осамостојувањето имале главни цели, а тоа е економскиот развој, решавањето на меѓуетничките односи, албанско-македонски. Главна цел била интеграцијата на Македонија во евроатланските структури. Но со самиот факт дека денеска избираме трета влада на оваа коалиција, треба да признаеме една објективна реалност дека сето ова две годишно владеење во суштина, било едно кризно владеење, затоа и оваа Влада е како последица на една утврдена криза. Нестабилноста во многу сегменти од секојдневниот живот, политички, екоонмски, меѓуетнички, донесе до тоа денеска ние да говориме за нова Влада. Вие знаете дека Владата на г-динот Бранко Црвенковски падна , бидејќи г-динот Бранко Црвенковски ја напушти Владата, бидејќи се убеди дека нема да има успех да менаџира со Владата и да нема успех со истата. Ова е еден неоспорен факт, бидејќи имаше и други кандидати за претседател на државата. Г-динот Костов даде оставка. Дискутабилни мотивации, мотивации за една анализа, но уште еден друг политичко нон сенс, значи премиерот да обвинува свои министри и потоа да отиде да ги напушти, а мнозинство од тие министри, повторно да се предложат за идни министри. Имаше и едно опасно настојување во декларацијата на г-динот Костов. Настојуваше да ги криминализира

Албанците, иако ние не ги амнестираме. Доколку има корупција и кај Буџаку, тука се органите. Но се сомневам дека нема корупција и кај другите министри. Затоа, селективниот ваков пристап историски, на Македонија ја чинеше доста и може да продолжи да не чини и понатаму. Значи треба да направиме една јасна разлика од бегањето на г-динот Црвенковски од функцијата премиер и оставката на г-динот Хари Костов. Разликата е многу голема. Но што е заедничко за двете минати влади. Трите клучни сегменти кои што ги нагласив на почетокот, не постигна да ги оствари ниту една Влада. Ниту на Бранко Црвенковски ниту таа на Хари Костов. Затоа и денеска избираме нова влада. Овие се основни и клучни причини. Сега по ова се поставува едно прашање и една суштествена голема дилема. Јас ја поставувам и како пратеник на ДПА и како Албанец и како бивш претставник на Владата и како учесник на Охридскиот Рамковен договор. Што добија Албанците до сега. Можеби ќе изгледа банално дека ги повторуваме работите, но залужуваат да ги повториме, бидејќи не се освестуваме, затоа и треба да ги повториме. Да појдеме од квалитетната застапеност и количинската застапеност. Видете, г-динот Муса Џафери во едно интервју, сите знаете во текот на 2004 рече дека ќе се вработат 2.600 Албанци. Мислам дека не се вработија ниту 26 Албанци. Еден пасус во Охридскиот договор каде што вели дека на крајот на 2004 година, вработените во јавната администрација, ќе ја изразат националната структура на граѓаните во Македонија. Дали сме тука. Значи ова не сме го оствариле. Ова е еден неуспех.

Во однос на квалитетната застапеност никој да не мисли дека со пет министерства Албанците добија нешто големо. Основните сегменти што ја карактеризираат државата во администрацијата, во установите, повторно не им се дадени на Албанците. Да говориме за главните министерства. По редоследот од 6 и 7 место доаѓаат Албанците. Но еве, да му посветиме големо внимание на ова прашање. Но во овој контекст има една поединечност на овој мандатар кај г-динот Бучковски. Жалам што не е присутен да ме подобри дека ќе го цитирам. На првата средба, или втората средба со г-динот Али Ахмети рече дека г-динот Ахмети се откажал од Министерството за одбрана. Во суштина, едно од значајните места за прв пат им се понудува на Албанците, но еве г-динот Ахмети ја одбил оваа понуда. Ова е нон сенс.

Во однос на информацијата и третиот телевизиски канал г-динот пратеник Абдулаќим често пати препорачува да каже дека сте ги украле парите вие , како што му се обраќа сега на заменикот директор на Агенцијата. Видете, оваа Влада ги има

институциите во свои раце. Ја има полицијата, обвинителството, го има и судството. Секој моеже да се фати и нека се направат истраги. Јас ќе ви кажам, третиот канал на албански јазик, 4 милиони марки не се искористени за овој канал. И ова е еден дефект и ова е една загуба и не остварување на договорот склучен многу порано, некаде во конституирањето на Владата ВМРО-ДПМНЕ и ДПА. Денеска во суштина тој канал функционра, како и пред 10 години. Ова исто е еден неуспех. Затоа мислам дека денеска има повеќе часови на емитување на таа програма. Но нема конституирана редакција. Ова е нешто плус, но да ви докажам за оставката на заменик директорот. На експлицитен начин би го докажал ова. Високото школување или Тетовскиот Универзитет, ве молам, премиерот е правник и професор на Универзитетот, овде имаме и други правници и јавно ги прашувам. Доколку е легализиран Тетовскиот универзитет да ги исправам некои пратеници од ВМРО дека прават лапсузи, можеби и намерни. Доколку беше легализиран навистина, зошто денеска би имале протести за легализирање на тамошните студенти еве повеќе од месец дена.

На крајот на краиштата , дали ова не е потценување на Македонија за нашите структури, денес ние да бараме решението да ни го направат за овие студенти земјите во потешки услови како што се Приштина, или Тирана, да ни ги прифатат овие студенти, а овде да се однесуваме како ништо да не се случува со овие студенти. Значи се докажува тезата дека не е легализиран, туку е основан нов универзитет и ние знаеме што значи ова. Ова го знаат и министрите.

Во однос на јазикот не сакам да зборувам многу, бидејќи тоа во своја првична смисла се употребува целосно на оваа говорница пред Парламентот, но за жал, во другите сегменти е многу релативизирано прашање.

Ќе се навратам на обвиненијата на г-динот Костов, бидејќи реков дека е не примерно еден премиер да ја обвинува Владата што сам ја предложил и тоа само за пет месеци. Јас не можам да кажам дека Агрон Буџаку е корумпиран, или не е корумпиран. Тоа треба да го кажат соодветните органи. Но, се озборувани и многу други министри и во многу случаи аршинот треба да биде ист, а не со двојни аршини да се постапува, бидејќи ваквите разлики можат да имаат последици.

Во однос на персоналниот состав на министрите, денеска се говореше доста за разлика од вчерашните дискутанти. Јас само ќе спомнам малку што знам во однос на овие министри. Г-динот Јакимовски и г-динот Поповски, повторно се членови на новата Влада и беа два столба во однос на ресорите кои го извршуваа

економскиот развој на нашата земја. Македонија забележува најнизок развој на бруто општествен производ во овој регион. Ова го знаете сите, бидејќи статистиките ова ни го кажуваат. Македонија во однос на економскиот развој можеби треба да прогласи јавна рецесија. Токму овие двајца министри се познати за тоа, што во вакви услови на развој ги затвораат дуќаните, продавниците и тоа на чуден начин: 30 дена, 60 дена, 90 дена или 120 дена. Нешто за што мислам дека нема логика со резонот на економскиот развој. Наместо да го стимулираме развојот, ние го дестимулираме истиот, а имаме двајца главни министри на одредени ресори. Зошто имам друго убедување дека за жал, искуството е горко со имнистрите за финансии, затоа што како г-дин Гошев што беше претходно, така и г-динот Поповски сега со репресивни средства, или со штедење се обидуваат да јаразвиваат економијата. Ова е нон сенс. Мислам дека никаде во светот не се случува ова. Ние во Велешта го познаваме г-динот Михаловски како Џанго. Токму кога сакаше да замине, јас го спомнав г-динот Џанго и тој се врати, затоа што го познаваат за рациите што ги направи во Велешта, каде со причина, каде без причина нема да навлегувам во тоа, но јас ќе повторам една принципиелна забелешка од претходната Влада, Владата на Костов. Во земјите со либерална демократија е пракса полицијата и војската ги контролираат цивилни лица. За жал, г-динот Михаловски доаѓа од полицијата, иако беше претходно директор на царината. Но во неговата биографија ќе прочитате што бил. Да се надеваме дека ќе ја контролира полицијата како цивилно лице, а не како член на полицијата.

Министерот Положани го имаме поблиску. Тој е од мојот регион и мојата избирачка зона. Министерот Положани освен тоа што не одговори на неколку прашања од моја страна како пратеик поставени од мене на кои што имаше обврска да одговори, поради коенциденцијата училиштето, паралелката во Битола и Универзитетот во Тетово не одговори на прашањето дека за многу училишта кои што започна да ги гради, дали има техничко покривање, тендери итн. и дали има финансиско покритие бидејќи ние не гледаме никакви финансиски средства. Не можеме да поставуваме само камен темелници и да го залажуваме населението. Ова не се толерира.

Се зборува дека г-динот Положани околу 15 лица од своето потесно и пошироко семејство има вработено. Тоа навистина, е безпримерен непотизам, а ниту еден од Лабуништа од Октисе, од Погорци од Црнилишта, од Дебреште и од

Битола, не се врабортени, за жал, каде што луѓето се отстранети од работа, каде што веќе работеле, а тие луѓе му го дале својот глас.

Има уште една дилема во однос на г-дин Положани, а тоа треба да го објасни како политички функционер.

Гурбетчиите од Велешта и од Струга ја изградија Болницата во Велешта. Значи, се збогати со средства кои ги донесоа тие луѓе и на крајот еден дел од лабораторијата беше земена, а воопшто јавно не се изјасни за овие работи господинот Положани, а Медицинскиот центар го остави во голем долг. Треба да одговори на овие прашања, бидејќи во демократските држави беграундот на секој министер и јавна личност треба добро да се објасни. Ова треба да биде оптоварување и заложба и за оваа Влада и за другите влади за овие забелешки што ги реков околу корупцијата, што е непобитен факт.

Господине мандатар вие и од формално - правен аспект го нагласувате дека уште два основни закони остануваат за заокружување на Охридскиот рамковен договор. Историјата на конфликтуозни општества врз етнички основи е еден од позначајните услови за елиминирање на конфликтноста бара и пропорционална поделба на јавните фондови, за жал. Трите буџети кои се предложени во нив ја немаме оваа пропорционалност. Ова е причина за деформации во меѓуетничките односи доколку денес не утре да. Затоа треба да бидете внимателни, начинот на употребата на јавните фондови да биде во духот на оваа теза верификувана во историјата на менаџирање на влади во кои има етнички проблеми или врз други основи.

Во овој контекст имам уште едно надополнување, вие тоа најдобро го знаете дека животот е многу побогат од било која пишана норма од било кој закон. Затоа не можеме да кажеме дека се заокружи процесот. Ние треба да имаме политичка волја, јас не се сомневам во вашата политичка волја лично, навистина да го направиме нормативниот дел многу побогат отколку што е, но за жал, да бидеме исполнети, прагматични во исполнувањето на она што го посакуваме и она што го усвојуваме.

Лично вчера не ми се допадна изјавата на претседателот на државата по однос на ситуацијата во Кондово. Имаме еден принцип што заедно и претседателот на државата што го имаме потпишано Охридскиот договор дека никој не смее да бара решавање на етничките проблеми со сила, а кон оваа норма треба да се придржуваат сите дури и претседателот на државата.

Да не должам повеќе, знам дека има и други дискутанти, а утре времето е ограничено искрено велам дека ниту на непријателот не би му посакал да му оставам една влада со волку големи проблеми во областа на развојот, во реформите што ги бара транзицијата, во областа на меѓуетничките односи, а најмалку на господинот Бучковски со кого кога бев министер за правда како соработник соработував многу добро со него, но Господ нека ни е на помош.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Насуфи.

За време на дискусијата на господинот Насуфи се пријавија господинот Назми Беќири и Рафис Алити за реплика. Но, господинот Беќири не е тука.

Повелете господине Алити три минути реплика.

РАФИС АЛИТИ:

Ви благодарам потпретседателе.

Добро е што господинот Џевдет Насуфи се обиде да го земе во заштита господинот Агрон Буџаку, но нема потреба никој да го брани ниту од опозицијата ниту од позицијата. Тој, иако беше на листата за министер самиот се повлече од истата листа за да даде до знаење на јавноста дека е подготвен да одговара пред органите знаејќи се себе си како чист. Јас не гледам за оправдано и понатаму да коментираме или говориме за господинот Агрон Буџаку кој не е присутен тука.

Што се однесува до тоа дека ни е понудено Министерството за одбрана, а лидерот на ДУИ го нема земено тоа Министерство, лидерот на ДУИ ги има сите компетенции и надлежности на партијата да ги води разговорите и да врши проценки за тоа кои министерства треба да ги преземе ДУИ и во оваа насока немаме потреба од сугестии колку сме погрешиле што сме ги зеле овие министерства или требало да земеме други.

Исто така господинот Џевдет Насуфи го спомна случајот со училиштата кои се во тек на градба во Македонија, дали се опремени со документи како дозвола за градење, јас би го потсетил господинот дека тој и највисокиот врв на ДПА ги ставија темелите на Гимназијата “Зеф Љуш Марку” во Скопје додека оваа Влада до пред неколку месеци требаше да ги расчистува имотно-правните односи од причина што камен темелникот е ставен на туѓа нива.

Се спомнува и употребата на јазикот. Јас не би му поставил прашање, туку за јавноста која ја следи оваа седница, зошто ДПА прифати во Деловникот на

Собранието лошо да се интерпретира и толкува Охридскиот договор од причина што се знае дека во Охридскиот договор убаво пишува дека пратеникот се обраќа на Собранието, додека вие господине Џевдет Насуфи прифативте во Деловникот да стои пратеникот кој припаѓа на етничката заедница која е над 20% има право да говори на неговиот мајчин јазик.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Алити.

Повелете господине Насуфи една минута контра реплика.

ЏЕВДЕТ НАСУФИ:

Немав намера да го бранам господинот Агрон Буџаку доколку тој направил корупција, тоа да ни биде јасно. Не можете да го одбраните ни вие доколку направил, а ни господинот Ахмети. Овде станува збор за национално прашање, тоа не се партиски прашања, одговорноста е на национално ниво. Затоа инсистирањето е со поголема тежина.

Што се однесува до училиштата прашањето го поставив дирекно за одредени училишта, но не ми бил даден одговор. Затоа ќе инсистирам на тој одговор. Ние зборуваме за корупција, а корупцијата има и место и име и други елементи.

Што се однесува до јазикот во основа го имаме Уставот и Охридскиот договор, а Деловникот е само мал сегмент (опомена од потпретседателот бидејќи е надмината една минута).

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Следен за дискусија е Фатмир Асани, а потоа госпоѓа Ристана Лалчевска.

ФАТМИР АСАНИ:

Почитувани колеги пратеници,

Уште еднаш имаме прилика да слушнеме едно експозе трето по ред на членовите на оваа владина коалиција. Ова не се разликува воопшто од другите две поранешни експозеа. Ова сегашното се разликува од причина што има претерано голем романтизам. Ветувањето на ова парламентарно мнозинство дека со добивањето на власта граѓаните на Република Македонија ќе имаат по еден вработен од секое семејство, дека ќе имаат можност да купат по едно “Југо”, додека сега наместо ова имаме по еден отпуштен од секое семејство и наместо “Југо” сега нема пари ниту за автобуски карти.

Бројот на невработените порасна над 400 илјади невработени што е половина од работната сила во Македонија. Од тие што имаат таква судбина да бидат на работа половина од нив со доцнење од 4-5 месеци ги добиваат половичните плати додека другиот дел не ги добива воопшто.

Апелот на мандатарот “Дојдете во Македонија”, бидејќи во Македонија има место за инвестирање, има безбедност и меѓуетничка толеранција не одговара на овдешната реалност. Доколку се случи да дојдат и да видат дека во Македонија има немаштија, нема безбедност и нема одржлива економска политика. Има услови за развој на земјоделието што е значителна економска гранка на државата, но нема поддршка од страна на оваа Влада.

Знаеме дека во Македонија има многу плодно земјиште и многу земјоделци кои исклучително добро ја обработуваат земјата, произведуваат земјоделски производи, но судбината на тие производи не се знае каква е, скапуваат во земјата и не можат да се пласираат во странските земји. Овие земјоделци се во една немотивираност за садење на производите.

Кога го велам ова го имам предвид фактот дека собирањето на тутунската реколта од 2002 година во општината Липково од каде доаѓам иако заменик министер во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и еден пратеник од ДУИ дадоа збор дека ќе се собере тутунот од реколтата 2002 година, ќе се откупи и ќе се изврши наплаќањето, но до ден денес не е извршено плаќањето иако тутунот се наоѓа во хангарите на Кумановскиот монопол. Се говори за 140 тони или кажано во пари  180 илјади евра. Јасно се гледа дека оваа Влада во областа на земјоделието нема интерес за земјоделците во Република Македонија.

Бидејќи доаѓам од областа на здравството во Македонија има развиено здравство, има добри лекари, многу стручњаци, но нема услови за развој на здравството. Недостигаат апарати и препарати кои се користат во европските држави.

Недостатокот од институционалната поддршка ја зголемува корупцијата и неефикасност во работата. Во недостиг на контролниот систем кој ќе биде ефикасен, се знае дека лековите кои влегуваат во Македонија не се прави, значи нема никаква контрола од страна на Бирото за лекови и се сомневам дека во Република Македонија се служиме со антибиотици со сомнителен квалитет и потекло.

Во Република Македонија нема судски реформи и ова ги прави судовите да бидат политички и еднострани. Пред неколку дена Македонија се стави во ред

како прва со корупција во судството. Судовите ги кријат криминалните предмети. Оваа старо - нова Влада во зоната на конфликтот во 2001 година од каде доаѓам јас не направи ресоцијализација на поранешните припадници на УЧК и на семејствата на жртвите кои се на милост на Господ и на некој доброчинител врз доброволни основи.

Кога се знае дека ресорот од каде доаѓам ја донесе оваа коалиција на власт. Нема амнестија за поранешните членови на УЧК кои поради постојаната пресија бегаат надвор од државата, поради прогонителните експедиции на оваа држава. Не е направена реконструкција на изгорените куќи и не е ставен ниту метар асфалт. Нема инвестиции во тој регион наспроти многуте проекти.

Кога се говори за тој регион мислам дека и таму се почна една спортска сала со моја иницијатива побарав да се прави ресоцијализација на тој дел на младите момчиња, но до ден денес сеуште е градежниот материјал, но пратениците од Куманово и поранешниот министер не направија ништо да се изгради спортска сала иако се прави општина која има над  30 илјади жители. Таму не се направи ниту една обнова на училиште. Образованието во основните училишта се развива во тешки услови со едноставна опрема која била 1945 година. Сеуште се грејат со стари печки што ги користеле во 1945 година.

Секој ден Македонската полиција ги гази правата и основните слободи на човекот. Има политички затворања итн. Во текот на владеењето на оваа коалиција Македонија стагнираше во секој аспект. Затоа треба да кажеме стоп на политиката што имаше неуспех. Денес е моментот да отпочне епохата на реформа и да се оди во барање на алтернатива која ќе понуди излез од оваа состојба во која се наоѓа Македонија.

Ви благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Ви благодарам господине Асани.

Следна за дискусија е госпоѓа Ристана Лалчевска, а потоа Абдулади Вејсели.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине потпретседателе, колеги пратеници, господине мандатар,

Иако е веќе доцна ќе се потрудам да бидам пократка во своето излагање и видување за изборот на Влада.

Во вчерашниот ваш настап господине мандатаре кој беше доста еуфоричен тврдите дека Владата што ја предлагате персонално и програмата што ја нудите нудат јасен концепт за иднината на земјата и за нејзиниот развој. Јас навистина би сакала да верувам дека ќе биде така, но ако ги изанализираме и видиме како стојат работите, нема да бидеме ниту еуфорични и ќе откриеме можеби поинаква слика.

За волја на вистината сосема реално ги препознавате сите проблеми со кои се соочува македонскиот граѓанин и кој го тиштат подолго време. Како вие така и сите ние и самите граѓани добро лоцираме дека безработицата, ниските плати, нискиот стандард, сиромаштија, беда, нестабилност, нерешени многу работи до крај се секојдневие кое го тишти македонскиот граѓанин.

Тоа е добро за почеток, но треба да се понудат конкретни активности и мерки како ќе се оди со нивното разрешување. Такви мерки и активности не препознав во вашата програма ниту во вашето вчерашно обраќање.

Нам ни се потребни навистина домашни и странски инвеститори пред се и над се затоа што на сите ни е добро позната каква е економската состојба во Република Македонија, ни требаат големи компании, моќни, кои ќе дојдат во Република Македонија. Се согласувам со вас, но тоа нема да се случи ако ние имаме само поголема верба во себе и во сопствените способности и само да ги повикаме “Дојдете во Македонија” и тие ќе дојдат.

Не, господине мандаторе нас ни треба многу повеќе за странските инвеститори, поготово оние моќните и силните компании да дојдат во Македонија. Ние треба да создадеме погодна бизнис клима во Македонија за инвеститорите да дојдат и да го вложат својот капитал овдека. За да создадеме таква погодна бизнис клима нас ни се потребни мерки и активности сега и веднаш, затоа што и досега изгубивме и тоа како драгоцено време, а економската моќ на Македонија од ден на ден опаѓа.

Јас сум убедена, колку и да веруваме во себе, колку и да сме полни со себе, ние сепак сами тешко дека ќе излеземе од оваа програма. Потребно е таквиот факт да го прифатиме и сега и веднаш да побараме помош од оние кои можат да ни помогнат, за да излеземе од дното што веќе сме го економски допреле.

Таквите мерки, ако веќе ги имаме, треба да бидат многу реални и многу оперативни. Бидејќи досега и сами рековте, ниту една од Владите не успеа да понуди такви мерки, да ја разреши пред се економската сфера, каде што имаме

највисок пад на целокупната економија во државата, не можам да верувам дека и оваа Влада, како и претходната, како и онаа пред неа во која и вие бевте нејзин министер, така брзо и така едноставо ќе ги разреши работите во економската сфера.

Потребно беше вие господине мандаторе да понудите  сосема поинаков концепт за разрешување на овие проблеми кој концепт, пред се, ќе го понудевте на вашите идни министри од кои очекувате соработка и кои ќе потврдеа и ќе прифатеа дека ќе работат на таквиот концепт, за да потоа добиете поддршка од сите политички фактори во државата, затоа што разрешувањето на економските проблеми ниту се брзи, ниту се така лесни, а не особено со програма што ја нудите, без нешто конкретно во неа да се каже.

Понатаму, ветувате дека ќе работите многу сериозно, многу одговорно и чесно. И, доколку било кој од министрите се огреши во законски или морални норми, вие итно ќе интервенирате. Меѓутоа, г-дине мандатаре, вие уште во времето на составувањето на персоналниот состав на Владата покажавте несериознос со вашите изјави, особено околу персоналното решение за Министерството за транспорт и врски. Дневно ги менувавте изјавите, дневно поставувавте може и не може, за на крајот, сепак да го прифатите таквото персонално решение што ви беше понудено или наложено и после тоа да ви откаже вам доверба. Тоа покажува дека во самите прговори вие не сте биле многу сериозен. Можеби сте биле чесен во намерите, меѓутоа другите биле нечесни кон вас. И, ако така стартуваме, тешко дека далеку ќе отидеме. Камо среќа да грешам.

Исто така, истакнавте дека меѓу оние важни приоритети што ги имате се НАТО структурите и ЕУ. Се согласувам, сите тука имаме консензус дека приоритет на Македонија се НАТО, евроинтеграциите. Вие, точно вака рековте: “Ветувам дека во 2006 година Република Македонија ќе добие покана за членство во НАТО”. Меѓутоа, дојдов во една забуна кога ја слушнав изјавата на г-динот Дениз Бликс кој вели “Нема покана за НАТО без реформи во правосудството”. Само реформите во одбраната не се доволни ни за покана за членство во НАТО.

Господине мандаторе, каде е вистината? Дали навистина верувате дека 2006 ќе добиеме покана за НАТО, а притоа го заборавате фактот дека реформите во правосудството што, за волја на вистината ние ги отпочнавме со неколку законски решенија, но само ги отпочнавме, а тие се многу долготрајни и поприлично тешки, а 2006 година и не е така далеку, јас се сомневам дека ќе покажеме сила и моќ да до 2006 година го затвориме овој процес за да добиеме покана онака како што стои во

изјавата на г-динот Бликс. Бидејќи тие реформи во судството, што ние само сме ги отвориле, сами по себе не се доволни, треба да се реформира целиот правосуден систем, треба да се реформираат судовите, треба да се реформира извршната власт, јавната администрација, локалната самоуправа итн., следат повеќе реформи што се во тој контекст на реформирање на правосудниот систем. А ние, само ги започнавме. Згора на тоа, за ваквите реформи, да се потсетиме ни се потребни, поготово за во судството ни е потребен политички консензус. Дали ние го имаме политичкиот консензус за да така брзо, до 2006 го затвориме овој процес на реформи што нам ни го бараат како услов за кандидатура за членство во НАТО.

Друг сегмент што би сакала да го зачнам е Охридскиот договор. Толку силно експлоатиран, толку често споменуван, според мене Охридскиот договор е преточен во уставни и законски одредби и таму сега треба да реализираме.

Сега велите дека од реализацијата на Охридскиот договор останале само два закони, за употреба на јазици, и Законот за употреба на симболите. Меѓутоа, дали при тоа заборавме или така ни одговара да потсетиме дека Охридскиот договор не беше еднострaн договор што продуцира обврски само на едната страна, туку сепак има двостран карактер во кој што се определени обврски и за другата страна, што треба да потпомогне во стабилизирање на работите, во стабилизирање на состојбата на државата, а Кондово е на два километри, ниту е стабилно, ниту е безбедно.

И, уште, згора на тоа, сеуште ги имаме раселените лица кои не се вратија во своите домови и кои се чувствуваат мизерно. Вие многу добро тоа го знаете. Некако, сите изгегнуваме да го споменеме ова, да ја спомнеме и зачнеме и оваа обврска од Рамковниот договор. И тоа е обврска од Рамковниот договор. Значи, не ни останаа само Законот за симболи и Законот за употреба на знамиња, туку ова и те како суптилно и тешко прашање. Затоа што ниту во Матејче ги вративме, ниту во Арачиново ги вративме, ниту пак дел во тетовско ги вративме. Тие сеуште се во колективните центри и живеат во исклучително тешки и неподносливи услови. А, исто така тоа е обврска што ја презедовме со Рамковниот договор.

Понатаму, жешка тема секако е Кондово. И вие, кога го добивте мандатот, колку што се сеќавам, рековте дека прва работа што ќе ја завршите ќе биде Кондово, кога ќе ја решите, еве, да кажам. И сега, во меѓувреме, после неколку дена некако ретерираате во ставот. Во последното ваше вчерашно искажување рековте дека треба да бидеме многу поподготвени политички да дејствуваме.

Е сега, тоа мене малку ме доведува во забуна. А, за понатаму, мора да функционираат сите механизми на правната држава. Политичко делување во Кондово не ни е потребно. Нам ни е потребно брзо решавање на состојбата во Кондово. Нашата држава точно дека има механизми на првна држава и треба само да бидат ослободени од политичкото влијание да ја решат состојбата во Кондово. Затоа што, ако дадеме политичка димензија, проблемот и те како ќе го прошириме.

Е сега, од онаа ваша првична изјава, после првиот ден на добивањето на мандатот и ова сега што го кажавте, навистина ретерирате во ставот па ако и понатаму ретерирате во се она што сте кажале, имам основано право да се сомневам дека оваа програма тешко дека ќе можете да ја исполните. А особено, уште потешко што она што го нудите како персонален состав на Владата и не дава надеж, јас нема поединечно да зборувам за персоналните решенија, беше доста кажано и многу исцрпно околу тоа, со исклучок на неколку личности, другите и не даваат некоја надеж дека така брзо и така лесно ќе ги исполните дадените ветувања.

Ви благодарам.

(со седницата продолжи да раководи г-дин Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија).

Благодарам.

Реплика има? Ајде.

Имаме уште сили за реплика.

Повелете госпоѓо Топузова, три минути.

РОЗА ТОПУЗОВА - КАРЕВСКА:

Претседателе,

Не ми требаат толку минути. Нема многу да ви одземам време.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Мене не ми одземате време, јас можам и до полноќ, не се секирајте.

РОЗА ТОПУЗОВА - КАРЕВСКА:

Госпоѓо Лалчевска, самите рековте дека оваа Влада сосема реално ги препознава проблемите што ги тиштат македонските граѓани. Е, токму тоа е разликата, суштинската разлика помеѓу оваа Влада и Владата во која што вие партиципиравте. Не успеавте ниту да ги согледате, ниту да ги препознаете проблемите што тогаш ги тиштеа граѓаните.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Госпоѓо Лалчевска, вашата минута.

РИСТАНА ЛАЛЧЕВСКА:

Благодарам господине претседателе.

Знаете ли госпоѓо Топузова Каревска зошто оваа Влада толку брзо ги препозна проблемите? Затоа што поголем дел од проблемите се создадени од политичката опција што вие ја поддржувате.

Значи, бројот на невработени толку е зголемен во овие две Влади на назад што ги имавме. Падот на индустриското производство е предизвикан во овие Влади и ред други проблеми што се предизвикани од оваа Влада. Не оваа сега што ја избираме, туку од досегашните Влади од вашата политичка провинијенција. Затоа и толку брзо ги лоцираа проблемите. Јас не создадов толкав висок процент на невработеност.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Бидејќи господинот Вејсели не е тука, повелете г-дине Матоши баравте збор.

Ќе одиме по ред, до 22,00 часот имаме време.

Повелете.

РУЖДИ МАТОШИ:

Ви благодарам г-дине претседателе.

Почитувани пратеници, почитувани колеги,

Како што знаете, во вистинските демократски држави во цивилизираните општества работите се вршат со договор. Значи, таму каде што немаме договор секогаш имаме кризи и немаме интензитет на промени. Во политиката, договорите се именуваат, како што знаете сите, коалиции, но коалициите треба да се поткрепуваат во платформите. Конкретни платформи на тие кои ги создаваат тие коалиции, со транспарентност итн. Платформите, обично треба да ги отсликуваат идеите, треба да ги отсликуваат визиите и определбите на взаемните разлики што ги имаат. Коалиции можат да имаат идентични ставови за мнозинството феномени, социјални феномени итн. Но, овие коалиции можат да бидат и спротивставени за неколку прашања.

Конкретно, доколку говориме за коалицијата што сега е на оваа трета Влада, можам да констатирам дека нема ниту транспарентност, ниту јавност, дека нема ниту сериозност и нема јасна платформа. Ова ќе го коментирам со аргументи.

Пред извесно време, во пишаните медиуми се произнесе шефот на албанската позиција дека тој се договара со коалиционоит партнер само со очи. Значи, Али Ахмети и Бранко Црвенковски не требаат многу дебати за програмски прашања но тие можат да се разберат само со погледи, што значи дека за ваков вид на договори, ние немаме ништо против или за ваков вид на платонски коалиции ние немаме ништо против. Можеме да ги именуваме симпатични или како сакате да ги именуваме, но во суштина, во практика досега го имаат докажано спротивното. Значи, докажаа една несериозност, што е потврдено со тоа дека секогаш во овие договори има разни проблеми, што не се решени и само се наталожуваат истите. Последиците ќе бидат врз народот, како Албанскиот така и Македонскиот народ.

Кога велам дека коалицијата треба да биде принципиелна и прифатлива за партнерите што ја создаваат таа коалиција, таа коалиција не смее да подпадне под разни тези, како на пример лидерот на Социјалдемократскиот сојуз, минатиот, а сега претседател на држава, кој секогаш се раководеше од слогани именувани дека тој може, дека тој знае. Слогани што, со кои што живеел како политичар и ја има излажано јавноста дека тој знае и може да ги лаже и Албанците. Значи, со ова тој живееше од 1990 година како политичар и досега како петседател на држава и сеуште ги храни капацитетите на неговата партија. . .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Ве молам, денеска е избор на Влада.

РУЖДИ МАТОШИ:

Зборувам за принципот на досегашната Влада.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Зборувајте за принципот на идната Влада. Ние имаме нова Влада сега, имаме нов лидер на партија.

РУЖДИ МАТОШИ:

Додека во другиот дел на коалицијата имаме една низа на декларации, службени, на албанскиот партиципиент на владата, каде што вели дека говори за неколку политички нации, додека една друга службена личност, исто така на партиципиентот на власта им ветува на албанците планини на еден собир во Радуша. Дефинитивно се констатира дека коалицијата што беше досега во Влада не

е во димензијата што треба да постапува. Туку, еден оди кон лево, еден оди кон десно и обично е проследено со кризи. Значи, како понуди, токму имаат понудено магла, без ништо конретно.

Сега ќе направам еден осврт, со конкретни факти што требале да ги реализираат досегашните влади што треба да биде пример за наредните влади и не треба да ги повторат истите грешки. А, кои се тие?

Лошото толкување на Охридскиот договор е реализирано на разни начини и разни облици. Имаме многу состојби кога е дојдено до политички договори, партиски договори на коалиционите партнери и не е работено токму во однос на принципите на Охридскиот рамковен договор. Имаме многу конкретни случаи што треба да ги знае и идниот премиер.

Независно што општина Тетово е провоцирана од една влада со едно барање кое беше на албански јазик. Една информација која требаше да ја добијат, Владата на општина Тетово добива еден одговор од натоварниот менталет што ја имаше Владата дека службен јазик во Македонија е само македонскиот. Погрешно сте го поднеле барањето за да добиете информација од Владата за икс прашања. Значи, имаме еден организам на Владата кој го нарушува Уставот на Република Македонија. Значи, секретарот на Владата дава одговор во кој што се вели дека во Република Македонија службен јазик е само македонскиот јазик. Ова е документирано и аргументирано токму од оваа говорница. Значи, јас ви кажав што наредната влада не треба да повтори, да ги повтори овие грешки, туку Уставот треба да се толкува на правилен начин, така како што е изготвен и составен.

Во сегментот на употребата на албанскиот јазик имаме доста други аргументи. Значи, државата функционира сеуште еднојазично, на еден јазик и образложението е едно - сеуште не е дојден законот за употреба на јазиците. Значи, од 2002 година до сега во ова Собрание, во овој Парламент се донесени многу закони, а во ниту еден закон не е опфатена уставната обврска, уставната обврска според која законите треба да ги имаат во себе одредбите за употребата на албанскиот јазик.

Еден многу позначаен сегмент, на сличен начин, двете минати влади го одложија методот на консензус за одлучување за прашања поврзани непосредно со Охридскиот рамковен договор. Зборот ми е за два закони - во однос на децентрализацијата и територијалната организација. Значи консензусот како нова метода која е вградена со Охридскиот договор во овој Парламент се заобиколува на

многу чуден начин. Албанскиот партиципиент во Владата ова го прифаќа на перманентен начин и во континуитет.

Значајно прашање е конфузијата во врска со застапеноста на албанците. Соодветната застапеност во институциите на системот. И овде имаме многу примери каде на најсуров начин се нарушува принципот на соодветната и правична застапеност.

Јас господине презеден, вие реагиравте во говорот на господинот Зуди, јас сум пратеник кој побара од премиерот Хари Костов да ми даде една листа за соодветната и правичната застапеност во установите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реагирав јас на математиката што ми беше кажана од вашиот колега.

РУЖДИ МАТОШИ:

И овде има една голема лага. А што не требало Хари Костов да се однесува на овој начин, но Хари Костов се докажа дека бил за една употреба. Вие господине претседател сте интелегентен, но знаете кои се за една употреба. Тој што е производ на бившата трансформација на стопанството, на социјалистичкото стопанство, значи бизнисменот кој ја исцрпи потта на многу работници во минатиот систем и стана богат вели дека албанците во институциите на системот застапени се 13,4%, што е и една голема лага, каде се вршат разни студии во оваа насока, а вистината е дека албанците во институциите се застапени само со 5,7%. Сега овде или ние лажеме, или лично јас лажам, или Хари Костов лаже. Но со аргументи јас можам да констатирам дека тој лаже бидејќи со овие две листи...

(Покажува од говорницата листи ).

... кои ги има изготвено тој. Не се опфатени претпријатијата, јавните претпријатија како Фондот за електростопанство, поштите, Аеродромот, шумарството, кои се некаде над 30 илјади вработени, кои се сеуште корисници на Буџетот на Република Македонија, додека овде со отстранување на овие, преку наставниците кои се над 28% во средните и осумнаесет нешто проценти во основните училишта постигнал да ни даде една бројка зголемена од 13% наводно дека албанците се застапени во органите на системот. Реалното е ова, каде е ДПА има добиено и управуваше со Владата дел во 1998 година, застапеноста на албанците во системот беше 1,54%. Кога ДПА во 2002 година прејиде во опозиција на албанската позиција им остави во наследство 5,02% застапеност на албанците во системот, додека од ова што го

кажуваме овде албанскиот партиципент еве две години што е во Владата, албанската застапеност е зголемена за нула запирка нешто проценти, значи албанците се сега само 5,70% во институциите на системот. Ова е аргументирано и би сакал и од пратеничката група на ДУИ да ми аргументираат, но и било кој од страна на Владата да ми докаже дека не сум во право.

Кога говориме за соодветната застапеност на суров начин сеуште Владата дозволува да функционираат институции, установи со 100% македонци вработени во средини каде 85% или 90% се албанци. На пример, ова е еден документ...

(Од говорницата чита и покажува документ)

... кој е даден од Пензиско инвалидскиот фонд каде една странка, значи албанската поднесува барање за да добие пензија. Еве кои се управителите на оваа институција и кои носат одлуки.

Директор Петко Петрушевски, референт кој носи одлуки Никола Даниловски, контролор Снежана Настовска, а странката е албанец. Значи ова се случува сега. Ова е со датум 28.08.2004 година.

Тоа значи дека на бескорпулозен начин Владата продолжува со стариот менталитет да ги мами албанците со зурли и тапани и со лажни закони, како да албанците добиле нешто многу.

Во оваа насока би сакал да ги прашам пратениците од ДУИ за тоа кои се тие албанци кои што ги застапуваат во институциите. Само Битола да ја земам како точка за студирање, за анализа и би сакал да ги изнесам овие податоци, нека ги аргументираат.

ДПА во Битола имаше директор на пошта Албанец, Завод за вработување, началник, регионално Министерство за имотно правни односи началник, Центарот за деца без родители директор, Завод за труд и социјална политика началник, Зоолошка градина директор, исто претпријатието за градби и прашањето за архитектурата заменик директор, Министерството за внатрешни работи во Битола заменик началник.

Ве молам што имате вие во Битола сега? Знам само за едно место, позиција, директор на Зоолошката градина. Ништо не застапуваат албанците. Не раководат со никаква институција албанците сега во Битола. Да не говориме за другите средини, како Крушево и не знам што уште каде што ги отпуштиле, ги отстраниле сите.

Самиот актуелен премиер еднаш ми вети дека ќе прати офицер Албанец во екипата на НАО,но и до ден денес екипата на офицерите на Република Македонија

што функционира во Брисел сеуште нема Албанец. Оправдувањето се знае, нема кадри и тн., се продолжува со истата работа.

Исто така министерот направил, во текот на времето кога бил министер за одбрана во цивилниот сектор на Министерството за одбрана пет вработувања. 1739 вработени во цивилниот сектор, сега се 1744, значи пет вработувања и сите пет вработувања се македонци.

Посебен нагласок сакам да дадам на криминалот, на убиствата. Вие знаете многу брзо од медиумите и од аналитичари и од здруженија кои вршат разни анализи во Европа е констатирано дека градот Тетово е првиот град во Европа со бројот на убиства. Никој не презема и најмала работа за да се спречи ова и да се намали криминалитетот. Албанците се плен на полицијата, а за тоа ќе дадам само еден аргумент.

Во затворите во Скопје моментално се  700 затвореници. Од тие 700 70% се албанци. Од 70% кои што се албанци, 50% од нив се поранешни војници на ОВК. Тоа е аргументирано, сите се во Идризово и во Шутка и што е најлошото начинот како се однесувале кон нив, многу животинско однесување, диво однесување каде институциите на оваа влада не требало да го толерираат тоа однесување од причини што е констатирана од многумина порано, меѓутоа и од меѓународниот фактор во текот на изготвувањето на Охридскиот договор и по него дека во Македонија треба да се постигне еден вид на доверба меѓу граѓаните во Република Македонија. Додека овде се прави токму спротивното и имаме сеуште дејства кои што не одат кон доброто и ја продлабочуваат или создаваат уште ровови, поголеми, подлабоки ровови во однос на довербата.

Не би сакал оваа влада да биде имитатор на Владата на Хари Костов и Бранко Црвенковски. Влада која стартуваше со најдискриминирачкиот закон во Европа што е донесен 2002 година, што ги подели граѓаните на две во Република Македонија. Значи овде го имаме Законот донесен 2002 година на 18 јануари каде на ексклузивен начин ќе се користат фондови, бенефиции за вооружените сили на Република Македонија  кои учествувале во конфликтот, за нивните семејства, за жртвите, за сите, за пензиите, за становите кои што треба да ги добијат и за инвалидите и тн., каде не се говори воопшто за албанците.

Констатирано е исто така од здруженијата кои што ја опсервираат, посматраат ситуацијата во Република Македонија  дека е најдискриминирачки закон што е донесен во 2002 година во Европа, што значи дека не е добар пример и не

придоесува на понатамошната доверба во Македонија. Затоа и јас би констатирал тоа што го констатираат и многу други луѓе. Значи, првата работа што треба да ја направи владата на господинот Бучковски е на смел начин да го анулира, поништи овој закон и оваа одлука која што е многу дискриминирачка и ги селектира граѓаните на Македонија.

Што се однесува на инвестирањето јас разбирам, ја разбирам големата желба на пратениците на ДУИ кои посакуваат да се оправдаат со некој успех во оваа област, инвестициите се минимални. Тие се многу минимални. За ова говорат аргументите.

Исто така кога се прави поделба на средствата за обезбедување наводите и за обезбедување на питка вода за општините се прави тоа на дискриминирачки начин. Имаме селектирање и на општина Тетово се дели само еден милион, додека на руралните општини се дели по 15 милиони,  по 20 милиони и тн. Додека и тоа што е инвестирано во некои средини, како што е Тетово сеуште судските органи, како на пример проектот за обезбедување со вода на Тетово минатата Влада не презема ниедна иницијатива за регулирање на ова прашање, на овој предмет кој што бил, се обрати и до институциите и до градоначалникот и до Обвинителот Прчески за да го решат овој предмет и дефинитивно да се знаат виновниците кои го направиле спречувањето на развојот на овој проект и да не се фрустрира така како што се фрустрира господинот Абдулаќим Адеми дека овие пари ги земал тој и тој функционер од ДПА а овие пари другиот функционер од ДПА. Во оваа насока ние сме јавни и транспарентни. Таму каде што има предмет за на суд нема проблем, ако е функционер на ДПА нека оди во затвор. Конкретниот случај сакам да се реши, кои се крадците на овие пари, пари за проектот за вода на Тетово. До ден денес ова прашање само се замаглува и никако да стане транспарентно.

Училиштето во Дебарца. Во времето на ДПА, иако Дебарца не припаѓаше на зоната на неразвиените региони токму од оваа агенција се презема иницијатива да се помогне ова училиште со предлог на тогашниот министер и како проект дефинитивен проект оваа средина да добие свое училиште. Додека сега на неаргументиран начин се обвинува ДПА дека ги има земено парите од училиштето и сега таму нема училиште.

Господа, ние во таа агенција сме имале помошник директор. Нашиот помошник направил се што  е можно ова село да ги добие тие средства и да изгради училиште, додека министер во тој период беше Фаик Аслани, кој што не е од ДПА.

Ќе ве молам не е добро да се игра улога на хиена, туку треба да бидеш вистински и да ја играш улогата на лав.Вие секогаш се обидувате само како хиени да претставувате овде аргументи и да го тргнете опашот. Кога ќе почнете нешто да објаснувате, објаснете го до крај тоа.

За тоа кој ги злоупотребил средствата, тој треба да излезе пред судските органи. Ние се согласуваме со тоа.

Ги спомнавте салите. Не е случајно што го поставив тоа како прашање и сакам да го разјаснам тоа прашање. Имено таа сала која се гради во Шемшево била наменета со Порој. Таа сала, тој проект вие го преземате од Порој и го насочувате кон Шемшево за да се затвори еден политички проблем кој го имавме тогаш со бистата пред училиштето, нешто со што и ние се согласивме, рековме еве нека биде така само да нема проблеми и вознемирувања. Тоа е од 2002 година, па 2003 година, сега сме 2004 година, сега ќе влеземе и во 2005 година, сеуште сте во почетниот проект. Еве и нека се реализира, не сме против, нека биде и во Шемшево, само нека се реализира дефинитивно, да знаеме дека сте направиле една работа од почеток до крај.

Јас имам да говором многу и во економскиот дел, за бруто домашниот производ и многу други области кои ја отежнуваат и ја усложнуваат економијата овде во земјата. Меѓутоа, сета ова дискусија што се однесува на економската област, ќе ја изразам при усвојувањето на Буџетот што ќе го имаме како точка на дневен ред на наредната седница, каде ќе имаме аргументи кои тешко ја тангираат и допираат економијата во Република Македонија. Кога говориме за политиката говориме со аргументи, бидејќи аргументите се тие кои ги убедуваат граѓаните и аргументите исто така, ги замолчуваат сите. Затоа и од оваа Влада би побарал целата своја работа да ја аргументира со практични факти, а не со измами, со правење на надуени проекти, проекти за кои се слуша само гласот, на конспиративен начин, додека практично немаме реализација и немаме вистинско дејствување во сегментите во кој правец навистина треба да оди Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика прво се јави господинот Игор Ивановски.

Повелете имате три минути.

ИГОР ИВАНОВСКИ:

Господине Ружди Матоши, вие лично воопшто не заслужувате некој да ви реплицира, но за жал сте генерален секретар на една парламентарна партија, за среќа коалиционен партнер на ВМРО-ДПМНЕ, во континуитет.

Сакам остро да протестирам, воопшто на вашиот концепт и настап кој во континуитет го практикувате, што веќе е благо да се каже дека е фашизоиден. Веројатно тоа е последица на вашата заостанатост во менталниот развој, матрица од она која постоеше во 1999 - 2000 година кога токму со тој начин на ваша работа креиравте паралелни светови во кои баравте ваши за ваши за вашите, а други за другите. Вие ли говорите за криминал во Тетово кога вие изразувате задоволство или незадоволство на плоштадот во Тетово со калашникови. Последниот пат тоа беше за претседателските избори. Вие ли ќе говорите дека сте имале застапеност во државната администрација или во владините структури, кога четири години имавте и заменици во Владата, заменици премиери, министри и ред други насители на државни функции, па не знам што албанскиот граѓанин, а и сите останати може да се пофалат дека и штосте направиле. Во крајна линија дел од вашите функционер се наоѓаат на црни листи на меѓународните институции, со оглед на тоа што согласно нивните демократски стандарди, такви треба и да бидат. Но она што мислам, доколку вака продолжите да се однесувате, вие дефинитивно ќе се најдете на црната листа на албанските граѓани и на сите граѓани на Република Македонија.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Матоши имате една минута контра реплика.

РУЖДИ МАТОШИ:

Вистина е дека и на тебе не треба да ти реплицирам, бидејќи си еден слуга кој ја држи торбата на оној кој секогаш зборувал да ги измамуваш албанците. Знам дека тебе те боли кога во оваа институција се зборуваат вистини, а ти си научен на лажен начин да им бегаш на вистините и затоа ти реплицираш на ваков начин.

Господине, правичната застапеност е број. Криминалот од 2002 година е во подем во Тетово. Инвестициите се минимални, а вие сакате на еден молчелив начин ова да се рехабилитира пред граѓаните.

Што се однесува ...

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете господине Абдулаќим Адеми, имате три минути реплика.

АБДИЛАЌИМ АДЕМИ:

Јас навистина немав за цел да му реплицирам на господинот Матоши, меѓутоа три пати ми го спомна името и затоа ќе почнам со реплика од последното што тој го кажа односно спортската сала, иако мислам дека сега не е тема за дискуисија.

Тој рече дека спортската сала која е во изградба во Шемшево, била наменета за Пороj и дека истиот проект се реализира таму. Јас сакам јавно да демантирам, а ќе го демантирам и на терен затоа што салата во село Порој што вие во претходната предизборна кампања  испративте неколку челични конструкции кои и ден денес се таму, додека салата изградена во Шемшево има друг проект и нема челична конструкција туку бетонска конструкција. Затоа ти велам денес можеме заедно да одиме во Порој и во Шемшево и ќе ги видиш тие столбови кои останале таму. Значи, нема проект и тој проект за салата во Порој е еден од фамозните проекти што вие ги ветивте заедно со Топурковски со милијарда долари од Тајван.

Што се однесува до училиштето во Дебарце, вие велите дека обвиненијата се врз основа. И за оваа училиште можеме да излеземе на терен и да ја погледнеме документацијата. Средствата кои се дадени од Агенцијата за неразвиени подрачја не се искористени во капацитет кој беше потребен и има злоупотреба. Јас одговорно велам дека има злоупотреба, а кој го направил тоа, тоа е друга работа.

Понатаму спомнувате инвестиции од Министерството за транспорт и врски за некои општини и велите дека во општината Тетово се инвестира со 1 милион, додека во други рурални општини со 15 милиони. Меѓу тие општини со 15 милиони е и општина Желино. Главно тоа беше моја иницијатива. Доколку имате нешто против, кажете го тоа јавно.

Зошто општина Тетово не земала толку колку што треба, ќе ви кажам една вистина а тоа е што не даде проекти. Проектот што го даде општина Тетово за добивање средства од Министерството за транспорт и врски, е реализиран со доброволни средства од граѓаните од населба во Тетово. Затоа нема добиено средства.

Околу првичната застапеност, вие рековте дека оставивте 5%, а дека ние не направивме ништо. Да ви кажам минатата година се вработени 2700, годинава 500 во администрацијата, голем број на инспектори, 95 се во администрација, со факултет и друго образование и тн. Тоа не се доволни податоци, но мислам дека има приближување.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Матоши имате една минута.

.РУЖДИ МАТОШИ:

Што се однесува до намената на фондовите, тоа дефинитивно е констатирано дека вашата партија, како министрите така и пратениците, сте дилетанти и вашиот владин партиципиент од една страна ви ги дава фондовите, а од друга страна ви ги зема. Тоа е докажано дека вие не знаете од каде доаѓаат фондовите и што се случува со нив.

За партиципацијата на албанците јас сум побарал од Владата каде што вие учествувате господине. Ние имаме податоци за тоа кога сме биле ние во Влада. Вие сте оделе само со 0,68%, што значи дека е 5,70%. Ќе ве момлам аргументирајте со аргументи за тоа каде сте ги ствиле тие 2500 албанци. Да не влегле во некоја друга држава или каде се.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Следна за збор е госпоѓа Славица Станковска. Таа не е присутна тука. Избришете ја.

Господине Коце Трајановски, имате 5 минути.

Се откажувате?

(Пратеникот Коце Трајановски, реагира од место).

Не, се јави господин Зоран Заев, сега откако почна репликата. Правилото се знае.

Добро, договорот за утре го знаеме. Сите пратенички групи ќе го почитуваат.

Тука ја прекинувам седницата.

Продолжуваме утре во 10,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 22,00 часот.)